# РЕЛИГИСКИ СИСТЕМИ

**проф.д-р Душка Матевска**

***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

***Уредник за издавачка дејност на УКИМ:***
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

***Уредник на публикацијата:***
Проф. д-р Душка Матевска, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје

***Рецензенти***
1.Емил Сулејмани
2.Татјана Стојаноска - Иванова

***Техничка обработка***
Проф. д-р Душка Матевска

***Лектура на македонски јазик:***
*Емилија Величкова*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

21/29(075.8)

МАТЕВСКА, Душка
Религиски системи [Електронски извор] : [учебник] / Душка Матевска.
- Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2021

Начин на пристапување (URL):
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41. - Текст во PDF формат, содржи 109 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 03.06.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 109-113

ISBN 978-9989-43-468-6

а) Религиски системи -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 54065413

**С О Д Р Ж И Н А**

ГЛАВА ПРВА: РЕЛИГИЈАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ФЕНОМЕН 5

ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕЛИГИЈАТА 6
*Анимизам* *6*
*Тотемизам* *8*
*Политеизам* *8*
*Монотеизам* *9*

МАГИЈА И РЕЛИГИЈА 12

ТЕОРИИ ЗА РЕЛИГИЈАТА 11
*Антрополошки пристап* *12*
*Натуралистички пристап* *13*
*Трансцендентален пристап* *14*
*Онтолошки пристап* *15*
*Социолошки пристап* *15*
Емил Диркем 15
Карл Маркс 16
Макс Вебер 16

ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА 17
Основни компоненти на религијата 18
*Верување* *19*
*Религиски чувства* *19*
*Ритуали* *19*
*Симболи* *20*
*Религиски вредности и норми* *20*

РЕЛИГИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ 20
*Цркви и секти* *20*
*Деноминација и култ* *23*
*Религиски движења кои го отфрлаат надворешниот свет* *24*
*Религиски движења кои се прилагодуваат на надворешниот свет* *24*
*Нови религиски движења кои го прифаќаат надворешниот свет* *25*

ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА 26
*Когнитивна функција* *27*
*Психолошко – емоционалната функција* *27*
*Етичка функција на религијата* *28*
*Општествено - интеграциона функција* *28*

СЕКУЛАРИЗАЦИЈА 29
*Диференцијација, рационализација и десакрализација* *31*

РЕЛИГИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ 33
*Секуларизацијата во модерниот свет* *33*
*Религиски плурализам* *34*
*Улогата на религијата во современиот свет* *35*

ГЛАВА ВТОРА: МОНОТЕИСТИЧКИ РЕЛИГИИ 38

ЈУДАИЗАМ 39
*Свети списи во јудаизмот* *42*
*Верувања* *43*
*Семејство и општество* *44*
*Празници и славење* *46*

ХРИСТИЈАНСТВО 48
*Христијанската црква* *52*
*Свети списи во христијанството* 55
*Верувања* *57*
*Семејство и општество* *58*
*Празници и славење* *60*

*ИСЛАМ* *61*
*Поделби во муслиманската заедница* *64*
*Свети списи во исламот* 65
*Верувања* *66*
*Семејство и општество* *68*
*Шеријат (Божји закон во исламот)* *70*
*Празници и славење* *71*

ГЛАВА ТРЕТА: НАЈВЛИЈАТЕЛНИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ 73

ХИНДУИЗАМ 74
*Хиндуистичка филозофија* *76*
*Свети списи во хиндуизмот* 78
*Верувања* *79*
*Семејство и општество* *81*
*Празници и славење* *83*

ЏАИНИЗАМ 84
*Свети списи во џаинизмот* 86
*Верувања* *87*
*Семејство и општество* *89*
*Празници и славење* *90*

БУДИЗАМ 92
*Основни будистички правци* *94*
*Свети списи во будизмот* *95*
*Верувања* *96*
*Семејство и општество* *100*
*Празници и славење* *101*

ЗАРАТУСТРИЗАМ 101
*Свети списи во заратустризмот* *104*
*Верувања* *105*
*Семејство и општество* *106*
*Празници и славења* *108*

БИБЛИОГРАФИЈА 109

# ГЛАВА ПРВА

# РЕЛИГИЈАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ФЕНОМЕН

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА РЕЛИГИЈАТА

Религијата е сложен феномен кој е присутен во сите општества од праисторијата до денес. Според начинот на кој настанале, религиите можеме да ги класифицираме во две групи: природни религии и откриени религии. Природните религии не се поврзуваат со никаква објавена вистина. Тие настанале како резултат на човековиот контакт со природата кој поттикнал чудење, воодушевување и размислување и го креирал неговото сфаќање за природата и создадениот свет. Објавените религии кои, исто така, се познати и како „религии на книгите", бидејќи религиските идеи се образложени во светите книги, за себе тврдат дека своето потекло не му го должат на човекот, односно дека нив не ги измислил човекот, туку дека тие се објавени од страна на Бог и подарени на луѓето. Во науките кои ја проучуваат религијата постојат неколку сфаќања за тоа кој модел на религијата бил на самиот почеток. Сите тие концепции делуваат доста аргументирано, па на секој теоретичар (особено општествен) му е тешко да се определи за некоја од нив.

Најголемиот број сфаќања за историјата на развојот на религијата можат да се поделат во следните четири фази: анимизам, тотемизам, политеизам и монотеизам.[1]

***Анимизам.*** Терминот анимизам потекнува од латинскиот збор „анима", што значи „душа". Основната концепција на овој првобитен облик на религиозност се состои во тоа што старите општествени задници констатирале постоење на нешто нематеријално-спиритуално, што го означиле како душа. Оваа религиска концепција се темели на верувањето дека целокупната природа е населена со души, односно дека сите материјални нешта имаат душа, која претставува релативно независен дел од материјата. Се смета дека субјективната основа на ова верување е обидот на предисториските луѓе да објаснат некои појави како што се сонот, сенката, одразот во вода. Душата може привремено да го напушти телото во сонот и визиите.

Врз база на искуствата во сонот примитивниот човек го замислувал постоењето на посебноста на душата или на неговиот двојник. Човекот во сонот, на пример може да патува во различни краишта, да се среќава со различни луѓе, да му се случуваат интересни настани, а откако сепак ќе види (кога ќе се разбуди) дека неговото тело останало на исто место, тој заклучува дека човековото битие е двојно и дека постои посебен ентитет, душа која може да го напушти телото и повторно да се врати во него.

За разлика од сонот, при кој душата привремено го напушта телото, примитивниот човек ја објаснува смртта како трајно одвојување на душата од телото.

По одвојувањето на душата од телото се создава посебен свет на души (духови). Примитивните луѓе на душите им ги препишувале истите особини коишто луѓето ги имале во периодот кога го имале телесниот живот, односно тие имаат способност да прават добри и лоши работи. За да ги одоброволат, односно да ги принудат да прават само добри работи, примитивни луѓе им се обраќале со одреден ритуал, жртва или молитва. Така настанал култот на предците, како примарен, првобитен облик на религија. Духовите на предците можат да бидат добронамерни или злонамерни и на разни начини да влијаат на човековото однесување. Во некои култури се верува дека духовите предизвикуваат болест или лудост и дека можат да опседнат некој човек и на тој начин да управуваат со неговото однесување.[2]Според

---

[1]M. Bešlić, B. Đukanovič, Bogovi i ljudi, Religioznost u Crnoj Gori, CID, Podgorica, 2000

[2] Анимистичките верувања не се ограничени само на малите култури, туку во одредена смисла ги наоѓаме и во сложените религиски системи. Во средновековна Европа се верувало дека

анимистите во продолжение на култот на душите на предците се развива идејата за култ на духовите на природата.Бидејќи првобитниот човек не можел да разликува што е живо а што не, тој и за природата размислувал по аналогија со самиот себе. Како што него го придвижува некоја посебна душа, така и настаните во природата „ги управуваат" некои посебни души,односно духови.

***Тотемизам*** е облик на религија која најчесто се наведува дека историски следува по анимизмот, а особено е застапена во бројните примитивни општества во Океанија, Австралија и Африка. Тотемизмот кај австралиските домородци во голема мера го проучувал познатиот социолог Емил Диркем, кој сметал дека тотемизмот бил наједноставниот, основен облик на религијата[3]. Општеството на австралиските домородци е поделено на племиња, а секое племе го сочинуваат кланови. Кланот претставува еден вид големо проширено семејство во кое сите членови делат одредени должности и обврски. Така во клановите постои правилото на егзогамија-забрана на стапување во брак со членови од истиот клан. Членовите на кланот се должни меѓу себе да се поддржуваат и помагаат, затоа и се здружуваат да ја оплакуваат смртта на некој од членовите на кланот или да се одмаздат за членот на кланот кој бил повреден од друг клан.Секој клан има некое животно, растение или поретко природна појава (вода или оган) кој е предмет на обожавање. Објектот кој е предмет на обожавање се нарекува тотем. Според Диркем суштествата кои се послаби од човекот не можат да бидат предмет на култ во тотемизмот. Значи тотемизмот не е зоолатрија, не е обожавање на животни како такви, туку обожавање на некоја таинствена сила. Примитивниот човек се изедначува себе со тотемот на неговиот клан верувајќи дека во него и во сите припадници на неговата заедница (кланот) се отелотворува некоја иста сила која ја има во тотемското животно. Преку тотемот се идентификуваат членовите на еден клан и тој е нивни заштитник и водач. Тотемот го симболизира единството на кланот бидејќи сите кои имаат ист тотем се сметаат за сродници и заедно исполнуваат низа должности, заемно помагање во работата и војната, должност за заедничко жалење за умрените, должност за одмазда, обврска за женидба надвор од кланот (егзогамија).Со тотемот се поврзани разни религиски ритуали на кои присуствува целата заедница. Ритуалите најчесто се правеле за размножување на бројот на тотемското животно или растение, но според Диркемпреку нив се реализирала интегративната функција на религијата, бидејќи преку повременото собирање се јакнеле општествените групи, меѓусебно се зближувале индивидуите и се зголемувала нивната свест за припадност на заедницата.

Диркем тврди дека општествениот живот е невозможен без заеднички вредносен систем и морални уверувања кои ја сочинуваат колективната свест. Кога не би постоела колективна свест не би постоел и општествен поредок, општествена контрола, општествена солидарност или соработка, односно не би постоело општество како такво. Религијата ја јакне колективната свест. На тој начин се јакне системот на вредности на моралните уверувања кои ја создаваат основата на општествениот живот, а дефинирајќи ги нив како свети им обезбедува поголема моќ. Диркем ја истакнува важноста на ритуалите, како што е колективната молитва која ги обединува сите членови на кланоткои заеднички ги изразуваат верувањата во заедничките вредности и уверувања коишто ги споделуваат. Во таква емотивна атмосфера на колективна побожност, интеграцијата на општеството е сѐ посилна. Според Диркем верувањето во Бог или во духови, кои се обично клучна точка на религискиот ритуал,

---

одредени луѓе се опседнати од лоши духови, па таквите луѓе биле прогласувани за вештери/ки или маѓесници и биле казнувани или прогонувани.

[3]Dushka Matevska,„Dirkheim's contribution to the analyses of the religious phenomenon",In: Sociology and law, the 150th anniversary of Emile Durkheim (1858-1917), Cambridge Scholars Publishing, 2009

произлегува од верувањето во духовите на мртвите предци. Молитвата кон Бог всушност е молитва кон душите на нашите предци. Бидејќи во молитвите истовремено е вклучено и почитување на душите, Диркем уште еднаш заклучува дека религиската молитва истовремено претставува почитување на општествените групи или на општеството.[4]

***Политеизам.*** Политеизам или многубоштвото кај најголем број социолози на религија се сфаќа како развиен облик на анимизмот и тотемизмот. Тој поради своите карактеристики не може да се сведе на некој поран облик на религија. Германскиот филозоф и психолог Вилјам Вунт укажува на три важни карактеристики на политеизмот:Богсекогаш се замислува како телесна и чувствителна личност; на него му се припишуваат натприродни особини или натприродна моќ и живеалиштето на Бог сѐ повеќе се поместува од земјата во некој посебен надземски свет т.н. друг свет.

За политеизам можеме да зборуваме во периодот кога духовите добиваат антропоморфен облик и кога добиваат свои имиња.

Политеизмот бил многу важна фаза во развојот на монотеизмот. Неговата суштина се сведувала на постоење на повеќе Богови, кои ги уредуваат или се однесуваат на различни подрачја од општествениот живот. Суштинска карактеристика на политеизмот во однос на другите облици на религиозноста е верувањето дека боговите имаат натприродна моќ и поради тоа лесно можат да преминат во друг облик.

***Монотеизам.***Монотеизмот е следната фаза во развојот на религијата. Тој настанал најверојатно, така што со текот на времето во политеизмот меѓу боговите почнал да се издвојува еден Бог кој добива повисок статус од сите останати. Веројатно дека процесот на настанување на таа доминација на еден Бог во однос на останатите е резултатот на реалните односи помеѓу племињата и родовите кои во текот на времето се спојувале во пошироки целини. Така победничкото племе успевало да го наметне својот Бог, како врховен и доминантен во однос на сите останати.

Одредени автори сметаат дека помеѓу политеизмот и монотеизмотпостоела уште една фаза која ја нарекуваат хенотеизам. Оваа состојба во суштина значи да се признае постоење на повеќе Богови, но приматот да му се даде на еден над сите, кој сега претставува претходница и основа за развивање на монотеизмот. Хенотеизмот доаѓа од грчкиот збор „ена"-еден и „теос„-Бог, што во основа значи почитување на еден (главен Бог), што не ја исклучува можноста за постоење на други Богови. Развиениот монотеизам, подразбира верување во еден Бог, кој е основа и творец на сѐ. Основната разлика помеѓу политеизмот и монотеизмот е во тоа што Боговите во политеизмот се слични на луѓето со сите нивни позитивни и негативни карактеристики, а во монотеистичките религии Бог е морално совршенство, апсолутно добар и присутен насекаде.

За разлика на ваквите пристапи за сфаќањето на појавата и развојот на религијата, секако дека постојат и други размислувања. Одредени автори сметаат дека самата природа е одговорна за појавата на религијата, а оваа теорија се нарекува натуралистичка. Природата за првобитниот човек била чудо само по себе, нешто кон што човекот постојано бил свртен, од што постојано бил зависен, а не можел да ја контролира.

[4] Исто

## МАГИЈА И РЕЛИГИЈА

Трагајќи по клучните моменти кои ја осветлуваат религијата во своите почетоци, невозможно е, да не обрнеме внимание на уште еден многу значаен феномен кој постои во самиот зачеток на религиското или се наоѓа во самата структура на религијата. Тоа е магијата.

Кога зборуваме за магијата, обично ја поврзуваме со традиционалните племенски општества. Во модерните општества преовладува научната и технолошката рационалност, па поради тоа се смета дека не постои простор за магиска мисла и пракса. Под магија се подразбира модел на човеково мислење и однесување, кое претпоставува постоење на виши сили врз кои може да се има влијание.

Во случај некој да се разболи најчесто оди на лекар. Лекарот најпрво ќе се обиде да го утврди видот на болеста, односно да открие какви штетни промени се случиле во организмот под влијание на некои реални причини (вируси, бактерии, болест на некој орган и слично). Кога ќе ги утврди реалните причини за болеста, лекарот ќе препише и реални средства и методи (лек, диета, промена на начинот на живот) кои ќе му помогнат на организмот да се врати во нормална состојба. Но, и денес постојат луѓе кои се обраќаат на некоја бајачка. Бајачката не само што му дава „лек" на болниот, туку изведува и некои посебни дејствија со одредени предмети кои немаат никаква врска со болеста и на тој начин го лечи болниот.

Класификацијата на облиците на магијата може да се изведе преку бројни критериуми: на пример според целта која треба да се постигне, според видот на човековата активност во која магијата се применува и според средствата и методите со кои се изведува. Според целта која треба да се постигне, магијата обично се дели на „црна" и „бела" магија. Црната магија е онаа магија која за цел има нанесување на зло, да му се наштети на друг или да му се предизвика болка. Некои луѓе се опседнати од омраза и љубомора, па сакаат на некој со помош на црната магија да му ја одземат среќата или благосостојбата. Белата магија има за цел  да произведе некои позитивни ефекти или да ја уништи моќта на црната магија. Така, на пример, со црната магија може на некој да му се предизвика болест или смрт, а со белата магија да се делува на подобрување на здравјето, појава на дожд, зголемување на плодноста на земјата итн. Белата магија ги ослободува луѓето од влијанието на црната магија, која е деструктивна и може да нанесе зло, несреќа, уништување, па дури и смрт.

Според видот на човековата дејност во која се применува магијата може да биде: медицинска (се користи за лекување на болни), економска (ловечка, земјоделска).Постои дури и љубовна магија (магични дејствија на кои целта им е да се придобие нечија наклоност, љубов).

Средствата со кои магијата се изведува можат да бидат различни:магичен збор или формула, разни видови на предмети, а и методите можат да бидат различни.

Магијата најдобро е дефинирана од Џејмс Фрејзер во неговото познато дело „Златна гранка" објавено во 1890 година.[5]Според Фрејзер, постојат три главни фази во интелектуалниот развој на човештвото:  магиска, религиска и научна. Магијата се појавила на првите скалила од општествениот развој и претставува некој вид на примитивна наука и технологија која е заснована на погрешно расудување кое е поврзано со незнаењето, а не со рационалноста. Во примитивните општества во кои доминира незнаењето магијата не се смета за ирационална, туку за разбирлива. Но, нештата не се така едноставни, како што изгледаат на прв поглед. Во општествотона Азандите во Африка кои биле истражувани од страна на британскиот антрополог

[5] Džejms Džordž Frejzer, Zlatna grana 1-2, Proučavanje magije i religije, BIGZ, Beograd, 1977

Едвард Еванс – Причард, се смета дека смртта настанува, како резултат на делување на магиска сила. И доколку се обидете на припадниците на оваа етничка група да им објасните дека умрениот го каснала отровна змија и дека змискиот отров може да предизвика смрт, па очигледно тоа е причината за смртта, сепак тие и понатаму ќе тврдат дека причината за неговата смрт е магија. Тие го прифаќаат фактот дека змискиот отров може да убие човек, но не ја прифаќаат коинциденцијата како објаснување на таквиот настан.Ќе поставуваат прашања зошто змијата се нашла на тоа место во тоа време и зошто го каснала баш тој човек, а не некој друг? На таквите прашања не може да се дадат рационални одговори, освен одговорот случајност. Но според Азендите, тоа е дејство на магијата. Тоа што умрениот нагазил на змија е последица на некој кој е злонамерен и поседува магиска моќ. И религиските убедувања имаат слична природа. Прашањата кои ги поставува религијата често се надвор од доменот на науката. Науката не може да ни даде одговор на таквите прашања бидејќи се работи за прашања кои науката воопшто не ги поставува. Религијата не ја прифаќа случајноста како одговор и оди подалеку од емпириските објаснувања и ги поставува прашањата зошто нештата се случуваат онака како што се случуваат, особено кога се работи за сериозна болест или смрт на саканата личност, односно за нештата коишто тешко можеме да ги прифатиме.[6]

Според Фрејзерпостојат два вида магија: имитативна или хомеопатска магија т.е. магија по сличност и контагиозна или преносна магија. Хомеопатската магија може дасе сведе на следното: „сличното предизвикува слично". Со тоа што две нешта се сметаат за слични, тогаш тие мораат да бидат поврзани на таков начин при што, ако се изврши некое дејствие на едното тоа ќе влијае и на другото нешто.На пример ако се направи од кој било материјал облик на непријателот и се прободе со игла, личноста која тој облик ја претставува ќе почувствува болка.

Примената на тој метод или вид магија се присутни кај голем број на примитивни општества кои биле истражувани од етнолозите и антрополозите во текот на 19 и 20 век. Хомеопатската магија се применувала во сите области на животот. На пример, пред одењето во борба со непријателското племе се фрлала стрела во правецот на тоа племе бидејќи се верувало дека врз база на таа стрела полесно ќе се погоди непријателот во самата борба. Или се црта, или пак се прави од глина ликот на непријателот, потоа се прободува, што би требало да помогне во вистинската борба полесно да се порази непријателот.Истата магија се употребувала и за успешен лов. Такви примери имаме и во палеолитското пештерно сликарство (Алтамира, Шпанија пред 36 000 години и Ласко, Франција пред 17 000) каде што се насликани голем број на животни прободени со стрели. Според познатиот социолог на уметноста Арнолд Хаузер[7]: „Најдобар доказ дека оваа уметност тежнеела кон магиското, а не кон естетското дејство, барем што се однесува до нејзината свесна намена, лежи во фактот дека животните на тие слики биле прикажувани како да се прободени со копје или стрели, или по завршувањето на работата навистина биле избодени со тоа оружје. Тоа несомнено било убивање со посредство на слика. „Хомеопатската магија се употребувала и во сушни периоди за да се предизвика дожд. Се имитирало врнењето на дожд со пролевање на вода од некој сад". Слични дејствија содржани се и во нашата традиција во обичајот на додоле. Девојка завиткана во разни треви и цвеќе (додоле) домаќинката ја полева со вода, додека останатите девојки пеат песна со која го повикуваат дождот.

Вториот тип магија е контагиозната магија или преносна (заразна) магија. Суштината на оваа магија се сведува на верувањето дека работите кои биле некогаш во контакт остануваат трајно во меѓусебна врска. Доколку вршиме одредени дејствија

---

[6] Malkom Hamilton, Sociologija religije, CLIO, Beograd, 2003

[7] Arnold Hauzer, Socijalna istorija umetnosti I književnosti, Kultura, Beograd, 1966 стр.9

на некој дел или со помош на некој дел кој испаднал од целината, може да се дејствува на другите делови, односно да се делува на целината на која припаѓа. Оваа магија се служи со нокти, коса, облека, слика, сенка и сл. На пример, доколку нечиј прамен на косата или нокти се закопа или изгори, тоа значи „нанесување" на зло на оној на кој припаѓала. Власта над одредени делови обезбедува власт над целината. Зло може да се нанесе дури и кога ќе се прободе туѓа сенка. Пред втората светска војна во Македонија и Србија се ширеле приказни дека некој може да се разболи или да умре ако му ја измерите или прободете сенката.

Помеѓу религијата и магијата има одредени сличности, но и разлики. Основната сличност е во тоа што во магијата како и во религијата се верува во постоењето на тајна и мистична сила, од која сè зависи. Меѓутоа, помеѓу овие два обрасци постојат и значајни разлики. Во магијата тајната сила е иманентна, односно овоплотена во светот кој нè опкружува. Во религијата предметот на светото во основа е трансцендентен односно натприроден. Најчесто истакнувана разлика помеѓу религијата и магијата е тоа што религијата бара од човекот пасивност. Човекот се обраќа на вишата сила со молитва и со вера се обидува да ја предизвика милоста Божја. Спротивно на тоа, магијата го поставува човекот во активен однос спрема предметот на верувањето. Ваквиот став спрема магијата следи најверојатно врз база на фактот дека тајната сила е оvоплотена во овој свет, односно во природата.

Односот помеѓу магијата и религијата и денес е предмет на многу расправи. Две прашања што се однесуваат на тој однос постојано привлекувале огромно внимание: како прво, дали постојат значајни разлики помеѓу магијата и религијата?И како второ, дали магијата може да се смета за првобитна фаза од развојот на човековата свест и односот спрема светот, а религијата за подоцнежна фаза?

Религијата и магијата имаат и други заеднички елементи и сличности, а тоа е пред сè што и едната и другата тежнеат со одредени ритуали и обреди да влијаат на настаните во објективниот свет. Факт е дека помеѓу свештеникот кој настојува со молитвата и со прскање со осветена вода да предизвика дожд (плодна година), и врачот (волшебникот), кој на сличен начин имитира паѓање на дождот, навистина постои голема сличност. Може да се каже дека и свештеникот се служи со дејствија кои се засновани на исти принципи како и магијата: на принцип на сличност или преку допир да ја пренесе натприродната сила. Според одредени автори и бакнувањето на иконите, па и причестувањето се облици кои се наследуваат со магиското верување во таинствената сила која се присвојува со допир.[8]

Фрејзер на најсистематски начин ги презентира разликите помеѓу магијата и религијата.[9] Според него, најзначајна е разликата во улогата која магијата и религијата ја препишуваат на вишите сили како посредници кои преку обредните дејствија ќе влијаат на природните настани. Карактеристика на религијата и на религискиот ритуал е всушност во тоа што религиозниот човек или свештеникот преку молитва ја повикува таа виша сила. Спротивно на тоа, магот, врачот односно волшебникот не моли никаква виша сила, не бара наклоност и не се понижува пред било какво божество. Тој не ги повикува вишите сили, бидејќи тој верува во непосредното дејство на неговите активности. Претпоставка е дека само ако се делува на одреден начин ќе се делува директно на резултатите. Според Фрејзер кога магот, врачот почнува да ги повикува вишите сили како посредници, тогаш магијата веќе е помешана со религијата. Но и тогаш магискиот човек го задржува уверувањето во силата на своите магиски дејствија и формули. Тој дури со „духовните суштества" постапува како со „мртви факти", ги принудува наместо да ги моли, како што тоа би го

[8] Види поопширно кај: Lucien Henry, Porijeklo religije, Zagreb, 1957; Oleg Mandić, Od kulta lubanja do kršćanstva, Zagreb. 1954

[9] Džejms Džordž Frejzer, Zlatna grana 1-2, Proučavanje magije i religije, BIGZ, Beograd, 1977

правела религијата. Според голем број автори религијата се појавила тогаш кога човекот во својата економска еволуција паднал во поголема зависност од природните сили. Тоа се случило во преминот кон земјоделските општества. Во ловечките општества егзистенцијата зависела во прв ред од силата, умешноста и искуството во ловот, а не од дождот, сонцето, плодноста на земјата итн. Од ловечкиот успех можело да се развие не само чувството на моќ, туку и верувањето во магиските дејствија.

## ТЕОРИИ ЗА РЕЛИГИЈАТА

Во одредување на суштината на религијата постојат пет најзначајни пристапи:
- антрополошки пристап
- натуралистички пристап
- трансцендентален пристап
- онтолошки пристап и
- социолошки пристап

### *Антрополошки пристап*

Овој пристап суштината на религијата ја наоѓа во самиот човек. Човекот како суштество врз основа на својата природа доаѓа до идејата за Бог. Основната теза за природата на религискиот објект се образложува на следните начини: како прво со истакнувањето на идејата дека кај човекот, особено во пониските степени на човековата моќ во однос на природата, постојат психолошки потреби и состојби кои го наведуваат да ја создаде замислата за некое понадмоќно, натприродно суштество (Бог); како второ, преку анализата на самите религиски претстави или начините на кои човекот го замислува божеството, односно споредувањето на карактеристиките на божеството со карактеристиките на самиот човек или природата; трето, со анализа на мисловниот механизам, односно оној дел на човековото мислење врз база на кое се доаѓа до проекција на некое натприродно битие „над‟ и „пред‟ светот.

Овие антрополошки тези најпрецизно ги разработил познатиот германски филозоф Лудвиг Фоербах.[10] Ако се обидеме да одговориме на прашањето кои психички сили го поттикнуваат човекот да ја создава идејата за натприродното битие, треба најпрво да ги наведеме оние човекови дејствија преку кои тие психички сили се манифестираат. Тоа се обредите, ритуалите (молитва, жртва и сл.). Зошто човекот воопшто се моли, а особено зошто се моли на Бог? Тој тоа не би го правел доколку нема некои потреби кои сака да ги задоволи и доколку при нивното задоволување не чувствува некоја загриженост и ограниченост. Основната потреба на човекот е да опстане, да се одржи пред опасностите кои го загрозуваат. Но, неговата природна моќ е ограничена, а исто така и знаењето, вештините и орудијата со чие посредство контактирал со природата биле ограничени. Затоа тој на тие моќи ја придружил и замислата на семоќното Божество, кое со молитва може да се придобие и кое може да го заштити. Потребата и желбата се извор на човековата замисла за семоќниот Бог кој му помага на човекот кој му се моли. Препишувајќи му ја на својот Бог моќта да прави чуда, да го разбива природниот детерминизам, човекот според Фоербах го принудува Бог да му служи. Кога пред своите Богови или пред својот Бог принесува жртви за да побара милост и да ги придобие за сојузници, човекот во суштина принесува жртви на своите сопствени желби. Најдлабокиот корен на религијата се човековите желби и потреби, а особено желбата за постоење, безбедност и траење. Според Фоербах корен

[10] Ludvig Fojerbah, Suština religije, Kultura, Beograd, 1955

на религијата е човековиот егоизам. Желбата за траење, освен идејата за Бог произвела и друга религиска замисла, а тоа е идејата за бесмртноста на душата. Главна причина за оваа религиска замисла е стравот од смртта. Уште античките филозофи зборувале за стравот како извор на религијата. Фоербах ги нагласува и позитивните емоции кои се спротивни на незнаењето и стравот, а тоа се радост, благодарност, љубов и восхит. Но и овие позитивни чувства се облик на чувство на зависност, исто како и стравот. На пример, ние сме му благодарни на оној од кој сме зависни затоа што направил нешто за да бидеме среќни. Според тоа општиот извор на религијата е човековата зависност или чувството на зависност кое се манифестира низ две групи на спротивни чувства, со кои ја изразуваме својата загрозеност (преку стравот) и својата афирмација (преку радост, восхит, благодарност).

Својата антрополошка позиција во толкувањето на религијата Фоербах ја потврдува и преку анализа на атрибутите кои човекот му ги препишува на Бог. Знаеме дека особено во развиените монотеистички религии на Бог му се препишуваат следните карактеристики: семоќ, сезнаење, апсолутна добрина и љубов. Се работи за човечки карактеристики како моќта и знаењето кои човекот во себе ги чувствува како ограничени и непотполни и создава идеал за нивна потполност. Овој идеал е човекова замисла која тој може сè повеќе да ја реализира, но никогаш во целост. Затоа религиозниот човек го замислува тој идеал како потполно реализиран во божеството.

Според Фоербах човекот е наклонет кон аналогно размислување, односно објаснување на нештата преку аналогија. Оваа склоност, особено доаѓа до израз во замислата за создавање на светот (од страна на Бог). Човекот согледува дека по некоја замисла или план создава разни производи, па таа замисла за творецот и за создавањето ја пренесува за целиот свет: како што е тој творец на некои производи, така и светот мора да има некој творец. Идејата за Бог како творец и управувач со природата настанува и преку аналогија со управувањето на човековото општество: како што со општеството управува некој монарх, така и со природата мора да управува некој врховен небесен монарх, Бог.

### ***Натуралистички пристап***

Овој пристап во одредување на суштината на религијата бил особено популарен благодарение на етнолошките истражувања. Човековата зависност од природата, особено во првите фази од развојот на човековото општество може да биде причината што човекот измислува замени кои ќе ја рефлектираат природата во својот трансцендентен облик. Во прилог на оваа теза одат првобитните концепции на религијата чии свети предмети се наоѓале во природата. Исто така, во прилог на оваа теза оди и фактот дека секуларизацијата започнува и се развива паралелно со напредокот на човештвото во правец на управување со природата. Клучен аргумент на натуралистите е дека природата за првобитниот човек претставувало големо чудо кое тој морал метафизички да го совлада и да му даде натприродна моќ.

Но постојат и автори кои ја критикуваат оваа теорија сметајќи дека за примитивните облици на човековото општество природата не била никакво чудо. Природата на човекот била нешто сосема иманентно бидејќи и тој самиот бил природа. Тој не можел да претпостави никаква разлика помеѓу себе и природата. Не може да се прифати дека нешто иманентно може да стане во одреден момент трансцендентно. Можноста дека изворот на религијата е во природата, за тогашниот човек е слична на можноста денешниот човек да ги смета за свети предметите од секојдневната употреба, како што се мобилниот телефон, автомобилот, компјутерот кои сами по себе се чудни, но не и за модерниот човек кој живее со овие предмети од раѓање. Она што е секојдневно не може да биде предмет на верување. Предмет на верување може да биде нешто мистично, непознато, чудно, трансцендентно. Фактот

дека во анимизмот и тотемизмот предмети од природата се прогласувале за свети, не значи дека природата се обожува, туку дека светото мора да се материјализира во нешто познато, а тоа се растенија и животни кои го опкружувале човекот. Со тоа човекот не ги обожувал растенијата и животните, туку проектираниот дух кој се наоѓал во нив.

На пример во примитивните општества на островите во Меланезија се сметало дека во секој предмет се наоѓа мана (духовна сила). Успехот на воинот не е како резултат на неговата сила, туку во маната која се наоѓа во амајлијата која е закачена на неговиот врат. Овој концепт е присутен икај северноамериканските Индијанци и оваа духовна енергија била нарекувана вакан или оренда.

### *Трансцендентален пристап*

Овој пристап во толкувањето на религијата е од една страна антрополошки, а од друга социолошки заснован. Настанокот и суштината на религијата се толкува како израз на човековата потреба за трансценденција. Според тоа религијата претставува една форма на човековото мислење, и таа форма има свои специфики и историско упориште. Објаснувањето се засновува на фактот дека човекот на одредено историско ниво развива апстрактно мислење, односно дека има потреба од трансценденција. Оностраното станува основа за секојдневното, а сурогатот за оностраното е религијата. Така религијата претставува една фаза во напредувањето на човековиот дух низ историјата. Кон прилог на оваа интерпретација на феноменот на религијата оди и фактот, дека историски со понатамошниот развој на цивилизацијата и рационалното мислење, религијата полека почнала да ја губи својата сила, така да нејзиното место најпрво го зазела филозофијата, а потоа позитивната наука.

Трансценденталниот пристап на религијата го разработува познатиот филозоф Хегел кој се надоврзува на Кантовата филозофија на религијата според која егзистенцијата на Бог не може да се докаже, но не може ни да се негираи дека основната функција на религијата е во тоа да го поддржи моралот.[11]Размислувањето на Хегел за религијата е пантеистичко,односно дека Бог постои во природата, а не како посебно суштество. Бог егзистира, но не како штосе обидуваат да објаснат големите светски религии пред и над светот, туку во светот, како негова духовна страна. Според Хегел помеѓу филозофијата и религијата не постои суштинска и содржинска разлика. Задачата и на религијата и на филозофијата е да ја прикажат вистината за светот и за човекот. Разлика постои самопомеѓу средствата преку кои се изразуваат. Религијата тоа го прави со претстави, замисли, симболи, а филозофијата со поими. Хегел ова се обидува да го објасни со толкувањето на првобитниот грев, гревот на Адам и Ева кои и покрај забраната на Бог, јаделе од дрвото на познавањето на доброто и злото. Овој грев не покажува дека човековата природа е лоша. Хегел смета дека заднината на овие религиски претстави и замисли се гледа следната филозофско-антрополошка мисла и содржина. Прво, во претставата за првите луѓе станува збор за човекот воопшто, човекот како таков. Грешноста значи дека човекот од природата не е даден онаков каков треба да биде, па мора да работи на усовршување и издигнување. Самата слика за гревот како јадење од дрвото на познавањето на доброто и злото, значи дека човекот мора да осознава, бидејќи инаку не би бил човек, ако при тоа не греши. Единствено во мислењето се наоѓа изворот на доброто и злото, а во мислењето исто така се наоѓа спасението од злото кое е направено. И наследноста на гревот ја изразува истата мисла дека човекот е должен за себе да мисли дека тој како природно суштество, онаков каков што е непосредно даден, не е онаков каков што треба да биде пред Бог. Според Хегел религиските

[11]Vuko Pavičević, Sociologija religije, BIGZ, Beograd, 1988

претстави се симболи кои ги изразуваат суштинските карактеристики на човекот и на неговата положба во светот.

### *Онтолошки пристап*

Суштината на овој пристап е што на светото му се признава постоење. Тоа е пристап кој го следат црковните отци од Аврелиј  Августин, па до денес. Припадниците на овој пристап едноставно тврдат дека Бог постои и дека тоа може да се докаже. Во литературата можат да се најдат бројни начини преку кои се докажува постоењето на Бог.

Овој пристап во основа зборува за постоењето на Бог при што не е нужно докажувањето на постоењето на самата религија. Суштината на оваа теорија е дека по рационален пат не може да се докаже постоењето на Бог, што секако не значи дека Бог не постои, затоа мора да се констатира дека рационалните аргументи ниту го докажуваат ниту пак го одрекнуваат постоењето на Бог.

### *Социолошки пристап*

Од големиот број социолошки теории за религијата, овде би се задржале само на највлијателните, како што се: теориите на Емил Диркем, Карл Маркс и Макс Вебер.

### Емил Диркем

Емил Диркем своите ставови поврзани со религијата ги објаснил во своето познато дело „Елементарни облици на религискиот живот",каде се насочил вопроучување на верувањата во малите, традиционални општества.[12] Тој во својата дефиниција за религијата прави јасна дистинкција помеѓу сакралното и профаното. Сите општества светот го делат на две категории: свето (сакрално) и световно (профано). Религијата се темели на таа поделба. Затоа тој религијата ја дефинира како: „унифициран систем на верувања и пракси поврзани со светите нешта, односно со она што е издвоено и забрането". Заедничкиот живот е невозможен без заеднички вредносен систем и морални уверувања кои ја творат колективната свест. Религијата ја јакне колективната свест. Системот на вредности и моралните уверувања религијата ги прогласува за свети и на тој начин ја зголемува нивната моќ.

Диркем посебно го истакнувал фактот, дека религијата не е само просто верување. Сите религии во себе содржат и ритуали, обредни активности на кои се собира целата група верници. Во таквите колективни церемонии се потврдува и зајакнува поврзаноста на групата. Ритуалите претставуваат главен механизам за интеграција на членовите на едно општество, па токму затоа тие не се изведуваат само да се изрази обожувањето на вишите сили, туку тие се изведуваат и во разни животни кризи кои можат да доведат до дезинтеграција на општеството. Речиси во сите општества постојат ритуали, церемонии кои се поврзани со раѓањето, женидбата и смртта. Диркем смета дека колективните церемонии ја реафирмираат идејата за заедничка припадност во време кога луѓето се принудени да се адаптираат на големите животни промени. Смртта само по себе е општествено деструктивна, бидејќи тргнува еден член од општеството. На погребната церемонија општествената група се собира за да даде поддршка на ужалените. Ритуалите на погребување на мртвите, покажуваат дека вредностите на една општествена група го надминуваат животот на поединецот и со тоа им помагаат на ужалените полесно да се прилагодат на ново настанатата ситуација. Таквиот израз на општествена солидарност го реинтегрира

---

[12]Emile Durkheim, The Elementary Forms of the Religious Life, Allen and Unwin, London ,1915

општеството.[13]

Според Диркем, со развојот на модерните општества влијанието на религијата ќе слабее. Научните размислувања сѐ повеќе ќе ги заменуваат религиските уверувања, а и самите ритуали ќе се редуцираат и ќе зафаќаат само мал дел од човековиот живот. Но сепак, и во модерните општества, религијата во променет облик и понатаму ќе егзистира.

### Карл Маркс

Во Марксовата визија на идеално општество средствата за производство ќе бидат во заедничка сопственост, што ќе резултира со укинување на постоечките класи. Членовите на општеството како човечки суштества целосно ќе ги реализираат своите стремежи: да бидат господари над сопствената судбина и заеднички да работат за заедничко добро. Во комунистичката идеологија религијата нема да постои бидејќи ќе ги снема општествените услови кои ја произвеле. Според Маркс, религијата е илузија која ги олеснува страдањата на искористените и поробените. Таа претставува искривена слика на стварноста, таа ги отапува своите следбеници, но не им носи вистинска среќа и исполнување.

Затоа Маркс тврди дека религијата не само што го ублажува ефектот на поробување, туку во исто време е и инструмент на истото поробување. Религијата делува како механизам на општествена контрола, одржувајќи го постоечкиот систем и јакнејќи ги класните односи.

Едноставно религијата ги задржува луѓето таму каде што им е местото. Обидувајќи се тешкиот живот да го направи поднослив, религијата е склона да ги обесхрабри луѓето во обидите да ја променат својата моментална ситуација. Давајќи објаснување и оправдување на секоја општествена ситуација, религијата ја искривува стварноста. Таа помага во создавање на лажна класна свест кај поробената класа и ги прави слепи за нивната вистинска ситуација и вистинските интереси и на тој начин придонесува во одржување на моќта и позицијата на владејачката класа.

И следбениците на марксистичката перспектива во социологијата сметаат дека религијата служи за ублажување на страдањето на верниците бидејќи нуди среќа и награда после смртта во задгробниот живот. Идејата за рајот со кој ќе бидат наградени оние кои достоинствено и понизно ќе ги трпат искушенијата и страдањето го прави животот на земјата поднослив бидејќи на верниците им ја дава надежта. Религијата, исто така, го оправдува општествениот поредок и положбата на поединецот во него, а сиромаштијата и несреќата се сфаќаат како Божја волја коишто неможат да се променат. Затоа религијата ги поттикнува луѓето да ја прифатат општествената позиција која ја имаат и да не преземаат ништо за нејзино подобрување бидејќи таквата акција може да се смета како спротивставување на Божјата волја.[14]

### Макс Вебер

Функционалистите и марксистите сметаат дека религијата е фактор кој ја јакне општествената интеграција и претставува пречка за општествените промени. За разлика од нив Вебер смета дека во одредени околности, религијата може да доведе

[13] Dushka Matevska, „Dirkheim's contribution to the analyses of the religious phenomenon",In: Sociology and law, the 150th anniversary of Emile Durkheim (1858-1917), Cambridge Scholars Publishing, 2009

[14] Michael Haralambos i Martin Holborn, Sociologija: Teme I perspective, Golden marketing, Zagreb, 2002

до општествени промени. Иако, заедничките религиски верувања можат да доведат до поцврста интеграција на општествената група, истите тие верувања можат да имаат последици кои на еден подолг период ќе доведат до општествени промени.Во своето познато дело „Протестантска етика и духот на капитализмот"Вебер се обидува да докаже дека протестантската етика го создала капитализмот. Според уверувањата на калвинизмот постои посебна група на „одбрани" кои ќе го наследат „царството Божјо" и дека нив Бог ги одбрал уште пред да се родат.[15] Затоа калвинистите биле соочени со психолошки проблем: не можеле да бидат сигурни дали се во избраните. Целта на нивното однесување е да бидат сигурни дека за нив е резервирано „небото", а тргнувале од претпоставката дека се меѓу избраните ако имаат добар живот на земјата. Калвинистичката етика претставува посебен вид на аскетска етика која го поттикнува воздржувањето од животните уживања и воведува строга дисциплина. Таквиот животен стил формирал поединци кои вредно работеле на своите кариери, насочени кон една цел: што поголема заработка на пари, како доказ дека поединецот не ја изгубил милоста во Божјите очи. Но, заработените пари не смееле да се користат за луксуз, туку во слава на Бога, односно во повторно инвестирање и зголемување на профитот.

## ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА

Многу е тешко да се даде една општо прифатлива дефиниција за религијата поради големата бројност и разновидност на религиите од праисторијата до денес. Познавачите на овој сложен општествен феномен истакнуваат дека од праисторијата до денес егзистирале повеќе од 100 000 религии.

Од расправите кои се воделе во текот на 19 век помеѓу антрополозите и социолозите се наметнале многу важни прашања во врска со дефинирањето на религијата.

Еден од првите антрополози кои се обидел да ја дефинира религијата бил Едвард Тејлор кој предложил кратка дефиниција, односно според него религијата претставува „верување во духовни суштества". Оваа дефиниција е тесно поврзана сообјаснувањата на Тејлор дека религијата потекнува од мисловниот систем на луѓето од примитивните општества кои верувале дека сите нешта, органски и неоргански имаат душа или дух.[16]Но оваа дефиниција била критикувана од други истражувачи. Дел од нив сметале дека Тејлор премногу го нагласува значењето на интелектот и разумот и дека религијата пред сè, се базира на емоциите.Според овие автори суштината на религијата е во доживувањето на таа таинствена сила која се доведува во врска со силни и амбивалентни чувства како што се: стравопочит, страв и почит.Други истражувачи, пак, сметаат дека се пренагласува верувањето, а се занемарува религиската пракса која според нив е многу позначајна од религиските уверувања.

Религијата многу често ја дефинираат и како верување во Бог. Но голем број на истражувачи сметаат дека замислата за Бог не е погодна за дефинирање на религијата. Овие истражувачи тргнуваат од претпоставката дека во дефинирање на религијата треба да се потенцира некоја нејзина карактеристика или замисла која е заедничка за сите религии. Замислата за Бог е неадекватна бидејќи во старите религии не се јавува замисла за Бог, туку замисла за постоење на духови. Особено

---

[15]Max Weber, Protestantska etika i duh kapitalizma, Svjetlost, Sarajevo, 1989

[16]Edward Burnett Tylor, Primitive culture: Researches into the Development of Mythology, Philosophy, Religion, Art and Custom, Cambridge University Press, Cambridge, 2012

замислата за еден Бог (монотеистичките религии) се појавиле на релативно висок степен од човековиот развој.

Идејата за замислата за натприродното или оностраното како замисла за дефинирање на религијата особено ја оспорувал францускиот социолог Емил Диркем.[17] Според него, поимот натприродно го среќаваме многу доцна, дури во развиената христијанска замисла за религиски објект. Вистина е дека човекот во времето на првобитната заедница им препишува на најбезначајните предмети необични својства, но немаме право идејата за натприродното да им ја препишуваме на првобитните луѓе бидејќи тие не знаеле што е тоа природен ред. Дури кога тие луѓе би имале идеја за нужната врска помеѓу самите природни појави тогаш би имале право, нивните претстави за посебните сили (духови) да ги означиме како претстави за натприродното.

Од особено значење за дефинирање на религијата е Диркемоватаподелба на свето и профано. Каде што има религија, таму се доживува светото и нешто се означува како свето. Свети нешта можат да бидат духови, богови, но и одреден простор, одредено место, одредени предмети. Светото и профаното суштински се разликуваат и по вредноста и по моќта. Светите нешта бараат безусловно почитување.

Голем број критичари сметаат дека безусловното почитување не може да биде важен критериум за разликувањето на светото од профаното, бидејќи во многу религиски системи луѓето не се однесуваат со особен пиетет кон религиските предмети и битија. Типичен пример во врска со ова ни наведува познатиот американски социолог на религија Хамилтон[18] кој вели дека во рамките на римокатоличката црква, во Јужна Италија, светител кој ни после долг период на предани молитви не возврати на саканиот начин може да биде остро предупреден дека неговата статуа ќе биде свртена наопаку, камшикувана или пак отфрлена и заменета со статуа на некој друг светител.

Основната разлика помеѓу светото (сакралното) и профаното е што профаното може емпириски да се истражува, додека светото е трансцендентно и е над емпириското и секојдневното.

Во обидот да се дефинира религијата најчесто се користат два пристапа: првиот е оној кој тргнува од структурата на религијата т.е. од нејзините составни елементи и вториот, кој тргнува од нејзините функции коишто таа ги има за поединците или за општеството.

### Основни компоненти на религијата

До конкретно сознание за религијата и нејзино дефинирање можеме да дојдеме само доколку ги разгледаме основните компоненти на религијата, односно, составните елементи на нејзината сложена структура.

Анализата на тие компоненти ќе ни покаже дека религијата можеме да ја разгледуваме како комплексна целина, во која сите елементи се поврзани на тој начин, што секој елемент е во психолошка врска со другите. Ако некој од овие елементи ослабува, тогаш станува збор за ослабена религија или за некој друг облик на индивидуална религиозност која нема никакво општествено значење. На пример некој можеби верува во Бог, но не оди во црква, односно припаѓањето на религијата не се поклопува со партиципацијата. Тоа е знак дека религијата на индивидуален план ослабела.

Основни компоненти на религијата се: верувањето, религиските чувства,

---

[17]Emile Durkheim, The Elementary Forms of the Religious Life, Allen and Unwin, London ,1915
[18]Malkom Hamilton, Sociologija religije, CLIO, Beograd, 2003

ритуалите, симболите, вредностите и нормите.

### ***Верување***

Верувањето во натприродното Битие и сето она што е напишано за него во светите книги е првиот основ за секоја религија. Во оваа компонента на религијата постојат две димензии. Првата е верувањето во апсолутната моќ и совршеност на оностраното, натприродно битие (или Битија за хиндуизмот и за другите политеистички религии). Втората димензија е безусловно верување во сето она што е напишано во светите книги како што се: Библијата, Куранот, Тората, Талмудот, будистичките свети книги итн.

### ***Религиски чувства***

Втората компонента на религијата се религиските чувства. Бидејќи се работи за апсолутно, сезнајно и семоќно битие, сосема нормално е човекот кон него да негува одредени емоции. Поединецот не може да има вредносно неутрален став кон едно такво Битие. Најчесто верниците од било која религија кон тоа Битие негуваат чувство на љубов, почит, страв, зависност, понизност, стравопочитување, благодарност, восхит и сл.

Едно од основните чувства кое било поврзано со оностраното Битие, во минатото бил стравот. Меѓутоа во религиските чувства не спаѓа само стравот од Бога како депресивна состојба туку и благодарност, радост и восхит како позитивни емоции. Некои психолози и филозофи на религијата за тие разновидни спротивставени чувства барале заеднички именител. Според нив тоа е чувството на зависност, односно апсолутна зависност. Ако Божјото Битие се замислува како суштество кое е бесконечно надмоќно во однос на природата и човекот, разбирливо е човекот да се чувствува во сѐ зависен од него. Од тоа Битие доаѓа и среќата и несреќата и она што нѐ подржува и она што нѐ уништува. Истиот Бог кој ни дава живот ни го одзема, па според тоа религиозниот човек кон Бог може да чувствува во исто време и страв и благодарност.

### ***Ритуали***

Третата компонента на религијата се ритуалите кои ја претставуваат практичната димензија на религијата. Преку ритуалите човекот се обидува да воспостави контакт со оностраното Битие. Тој контакт може  да биде во функција на благодарност, молба, барање милост, наклоност итн. Ритуалите се збир од дејности кои имаат свое значење само во врска со некој облик на верување. Најтипичен пример за ритуал е молитвата која е присутна во сите религии. Најзначајни ритуали во Христијанството се исповедта, причеста, крштевањето, а во Исламот, сунетот и аџилакот.

Ритуалите претставуваат производ на првите две компоненти. Доколку веруваме во оностраното Битие кое го замислуваме како Битие со апсолутна моќ, и ако во согласност со тоа чувствуваме зависност од него, разбирливо е да преземеме и посебни активности со кои ќе се обидеме да воспоставиме контакт со него и преку кои ќе се обидеме да влијаеме на неговата волја. Намената на тие дејствија е да се здобие наклоноста на Бог, а да се одбие или намали неговиот гнев, потоа, да се прослави Бог, да му се заблагодариме и сл.

### *Симболи*

Четвртиот елемент на религијата се симболите. Секоја религија има збир на симболи со кои се служи и кои на верникот му овозможуваат да го оствари своето симболичко мислење. Најчесто присутни симболи се религиските објекти, крстот, полумесечината, лебот и виното, иконите, фреските и скулптурите во Христијанството, како и вајарските дела кои го симболизираат Буда во Будизмот.

Под симболи ги подразбираме оние видови знаци кои луѓето ги создаваат (или ги земаат од природата) за преку нив да упатуваат или потсетуваат на некоја апстрактна замисла, чувство или на некоја идеја. Затоа религиските симболи можеме да ги дефинираме како сетилни знаци кои укажуваат на нешто надсетилно, односно на конкретни нешта кои упатуваат на апстрактни религиски поими. Во основа сите религии се служат со симболи кои укажуваат на трансцендентната сила или Битие. На пример: религискиот објект е дом Божји, осветениот леб и вино се телото и крвта на Исус Христос. Крстот, на пример, бил многу значаенсимбол во претхристијанскиот период. Тој бил симбол на понижување и срам бидејќи Римјаните на крст ги распнувале најтешките злосторници. Но, со христијанството, крстот станува симбол на жртвата што ја дал Христос за спас на човечкиот род и станува порака за спасение. Исто така, во монотеистичките религии Бог е олицетворение на доброто, а ѓаволот олицетворение на злото. Што значи дека основните религиски поими можат да бидат симбол и на моралните поими.

### *Религиски вредности и норми*

Вредносниот систем претставува најзначаен фактор на интеграција на општествената заедница кој дава смисла и ориентација. Пред појавата на големите етички религии, религиите главного познавале системот на забрани односно табуа. Забраните и табуата биле првите обиди да се регулира моралниот поредок во општествената заедница. Верските норми се изведуваат од темелните вредности на една вера. Ако љубовта е највисока вредност тогаш нормата изведена од неа и искажана со јазикот на Библијата гласи: Љуби го ближниот свој како самиот себе. Ако животот е највисока вредност, тогаш нормата е изразена во заповедта: не убивај. Ако верноста е највисока вредност, тогаш нормата е: не врши прељуба.

Тргнувајќи од горенаведените компоненти религијата можеме да ја дефинираме како: *организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни дејности и морални норми, врзани за идејата на оностраното битие.*[19]

## РЕЛИГИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

### *Цркви и секти*

Луѓето кои имаат исто верување се здружуваат во посебна верска група. Таа група за да премине во цврста и трајна заедница, и да се одржи во конкуренција со другите верски групи, мора да добие организиран облик, односно да стане организација. Организирањето се постигнува со помош на посебна група на верски функционери (свештеници). Тие се потребни од повеќе причини: да го формулираат верското учење; да ги пренесат теолошките доктрини на помладите генерации и по можност на другите групи; да ги изведуваат ритуалите;да го организираат

[19]Vuko Pavičević, Sociologija religije, BIGZ, Beograd 1988

општествениот и религискиот живот во рамките на својата религиска група и сл. Поединците можат да имаат сопствени религиски убедувања, а сепак да не припаѓаат на некоја посебна организација. Но сепак многу членови на општеството ги изразуваат своите религиски уверувања преку верските заедници, а тие организации обично ги обликуваат нивните уверувања. Затоа потребно е да се постави јасна дистинкција помеѓу различните типови на религиски организации. Огромен број на експерти од областа на религијата се обиделе да ги категоризираат, но ниту еден систем сосема не одговара на различните типови на религиски организации кои постојат денес во целиот свет. Голем број на социолози сметаат дека основни облици на религиско групирање се: Црквата, деноминацијата, сектата и култот.

Познатиот социолог Макс Вебер смета дека црквата претставува институција која управува со користењето на религиските симболи, па затоа поседува огромна моќ која ѝ дава можност да им се заканува на верниците дека ќе им го оневозможи користењето на тие симболи. Црквата се однесува како политичка организација. Припадноста кон црквата е задолжително и не е потребен никаков чин на пристапување ниту пак се бараат посебни квалификации. Припадноста на црквата се реализира со самиот чин на раѓање.

Сектата според Вебер е доброволно здружение во кое членството е ограничено само на оние кои исполнуваат одредени услови. Пред да станат членови, поединците мораат да ја докажат својата приврзаност кон верата, но исто така се подложуваат и на одредени проверки за нивната религиска или етичка подобност.Децата на членовите на сектата не стануваат нејзини припадници со самиот чин на раѓање, туку на одредена возраст треба да изразат желба да пристапат во сектата.[20]

Ернст Трелч ја прифатил Веберовата општа анализа, но понатаму ја развил и дополнил.[21] Црквата и сектата според Трелч настанале како резултат на дејствувањето на две различни тенденции кои постоеле уште во раното христијанство. Првата и давала предност на организираната заедница која настојувала институциите во своето опкружување да ги искористи за сопствени цели. Таа тенденција во основа е конзервативна и со текот на времето станала доминантна здружена со црквата. Втората тенденција е радикална и го истакнувала значењето на заедницата на слободни и еднакви верници кои се обидуваат да ги реализираат христијанските вредности, како што се братската љубов не обѕирајќи се на остатокот од општеството. Според Трелч радикалната тенденција не исчезнала, туку пронаоѓала различни изрази, како на пример монаштвото.

Трелчго употребува терминот црква за голема формална верска организација со хиерархија на професионални, платени претставници. Таа е исклучително конзервативна институција која настојува да ја освои власта над масите. За да се стане припадник на одредена црква поединците не мора јасно да ја покажуваат својата вера, тие припаѓаат со самиот чин на раѓање. Во некои Цркви ритуалот на крштевање гарантира дека сите деца на нејзините членови автоматски ќе станат членови на таа црква уште кога не се доволно зрели за да можат да ја разберат религијата. Имено црквата може да се обиде да биде универзална и да им служи на сите членови на општеството, но во праксата можат да постојат малцински групи кои не ѝ припаѓаат. Црквата често љубоморно го чува својот монопол на верската вистина и не дозволува оспорување на својот религиски авторитет. На пример, римокатоличката црква се служела со инквизиција за да го искорени ересот.

Црквата понекогаш е тесно поврзана со државата. На пример, римокатоличката црква во средниот век имала важна политичка, образовна и општествена функција. Дури и во денешната модерна Велика Британија кралицата е истовремено врховен

---

[20]Malkom Hamilton, Sociologija religije, CLIO, Beograd, 2003

[21]Ernst Troeltsch, The Social Teaching of tne Christian Churches, Allen and Unwin, London, 1931

поглавар и на црквата и на државата. Таквиот вид на организација го прифаќа и афирмира животот на овој свет, нејзините членови можат во целост да учествуваат во општествениот живот.

Трелч смета дека сектите имаат карактеристики кои се речиси дијаметрално спротивни на карактеристиките на Црквите.Сектите се многу помали и поцврсто интегрирани групи од другите верски организации.Тие не ги регрутираат своите членови од сите општествени слоеви, а целта не им е да бидат тесно поврзани со државата. Според Трелч сектите се поблиску до пониските општествени слоеви, или барем со оние елементи на општеството кои се противат на општеството и државата. Истиот став го дели и Макс Вебер кој смета дека сектите се појавуваат кај маргинализираните општествени групи и ги нарекува организации за оправдување на непривилегираноста.

Сектите не се конзервативни групи и често ги отфрлаат нормите и вредностите на поширокото општество. Тие се затворени групи, а нивната затвореност се манифестира во: одбивање на заклетва во судот, отфрлање на сопственоста, отфрлање на доминацијата над други, учество во војна и носење на оружје итн. Членовите на сектата треба да бидат длабоко лојални на своите верувања и ако не покажат потполна посветеност на сектата, можат да бидат и исклучени од неа.Децата не можат да се приклучат на сектата со крштевање, ако не се доволно стари за да можат во целост да ја разберат церемонијата. На сектата можат да ѝ се приклучат само возрасни луѓе кои своеволно го прифаќаат стилот на животот и уверувањата на сектата. Особено е важно, членовите на сектата да се одречат од „овоземските уживања „за да можат целосно да се посветат на својот верски живот. На тој начин сектите имаат посилна контрола над животот на своите членови.Како и црквите, на пример римокатоличката во средновековна Европа уверени се дека имаат монопол на религиската вистина. За разлика од црквата, во сектите не постои хиерархија на платени службеници. Ако постои централен авторитет во рамките на сектата обично е отелотворен во харизмата на водачот, чиишто посебни квалитети ги наведуваат следбениците да ги прифатат и цврсто да се држат до неговите подучувања.

Сектите на почетокот биле групи кои се одвоиле од доминантните религии во општеството, како резултат на разликите во интерпретацијата на религијата. Црквата поминувала одредени периоди на незадоволство и бунтување. Луѓето почнувале да протестираат против раскошот на црквата, а некои, пак, не биле задоволни што не добиле адекватно место во црковната хиерархија, па за тоа се одвојувале од црквата и основале секта. Бидејќи сектите претставувале закана и за црквата и за државата, нејзините членови се соочувале со репресија, па затоа сектите имале помал број на приврзаници. Некои од првите секти, како што се калвинистите и методистите преминале во деноминации поради толерантниот однос на општеството и поширокото прифаќање на религиската различност. Иако современите општества покажуваат поголем степен на толеранција, некои секти можат да дојдат во судир со поширокото општество и неговиот систем на вредности.

Современите социолози сметаат дека во постмодерните општества, како резултат на развојот на религискиот плурализам се намалува улогата на црковниот тип на религиски организации. Причината за тоа е што на државите денес им е сè потешко да подржуваат една религија, бидејќи единствениот збир на религиски уверувања не се прифатени во сите општествени групи. Затоа црквите, според дефиницијата на Трелч претставуваат историски феномен којшто не може да опстане во современите општества

Овој став можеме да го илустрираме со неколку примери:

Процентот на популацијата кој ѝ припаѓа на црквата е многу променлив. Многу цркви денес не сметаат дека имаат монопол на религиската вистина, туку веќе ги толерираат и другите религии. Во Англија постојат сè повеќе верски групи кои

англиканската црква ги толерира. Понатаму, екуменизмот, кој тежнее кон зближување на сите христијански цркви, јасно покажува до која мера црквите денес се спремни да ги усогласат своите уверувања. Во современите општествацрквата не е поврзана со државата не се идентификува со неа, туку постои јасна тенденција за нејзино дистанцирање од државата.

Во некои држави и денес постојат многу силни цркви кои и понатаму покажуваат низа на обележја кои ги назначил Трелч, како што е римокатоличката црква во Шпанија, Португалија и Ирска. Таму таа делува како универзална црква, со авторитет над општеството во целина. Исто така во Иран постои поцврста идентификација помеѓу државата и исламот, додека во земјите како што е Турција, исламот има многу малку влијание врз државата и врз политиката.

### ***Деноминација и култ***

Ставовите на Трелч се засновани исклучиво на улогата на сектите во христијанството и тоа само во одреден временски период. Бидејќи тој својата класификација ја базира наанализата на религијата во Европа во 16 век, историски гледано формирањето на секти во христијанството во тој период можеби претставувало реакција на класната поделба и судири. Поистоветувањето на сектите со ниската, а на црквите со средната и владејачката класа, денес веќе не е можно. Современите секти и новите религиски движења денес не настануваат како резултат на отцепување од официјалните цркви.Класификација на Трелч црква/секта не може да ги опише низата на различни религиски заедници во САД и во модернитеевропски држави.

Старк и Бејнбриџ[22], ја развиле почетната типологија на Вебер и Трелч и додале уште два типа на религиски организации: деноминација и култ.

Терминот деноминација се користи за верска заедница која има некои од обележјата на црквата, но не и на сите.Деноминациите немаат универзална привлечност во општеството, па затоа во нив членуваат многу помал број од вкупната популација.Како и во црквата и во деноминацијата членството потекнува од сите слоеви на општеството. Внатре во општеството неретко постојат низа на деноминации. Во САД не можеме да зборуваме за етаблирана црква, туку за многу деноминации.

За разлика од црквата, деноминацијата не се идентификува со државата и го одобрува одвојувањето на црквата од државата.Деноминацијата не смета дека има монопол на верската вистина и подготвена е да ги толерира другите религиски организации и да соработува со нив.Деноминациите се обично конзервативни: членовите на општеството ги прифаќаат нормите и вредностите на општеството, иако можат да наметнуваат одредени мали ограничувања на своите членови. На пример, методистите се против консумирање на алкохол, но умереното консумирање не резултира со исклучување од деноминацијата.

Во останатите аспекти, деноминациите имаат исти карактеристики како и црквите: слобода во примањето на нови членови, хиерархиска поставеност и платени свештеници, како и административна структура. Не може да се постави јасна граница помеѓу деноминациите и сектите. Некои автори Јеховините сведоци и баптистите ги сметаат за секти, а други за деноминации.

За разлика од другите облици на религиски верувања, култот претставува индивидуализиран израз кој се менува со личните искуства и толкувања. Култот претставува слабо поврзана група која ја врзуваат исти ставови и интереси, но не и цврсто дефиниран систем на верувања. Култот е поиндивидуализиран од другите организирани облици на религијата, бидејќи немаат цврсто дефинирана доктрина.

---

[22]Rodney Stark and William Sims Brainbridge , A Theory of Religion, Peter Lang, New York, 1987

Затоа тие се потолерантни кон поинаквите начини на верување, а нивните верувања се толку нејасни, што кај култот воопшто не постои ерес.

Појавата на нови религии, како и ревитализацијата на некои стари религии во текот на 70 години на минатиот век ги поттикнала истражувачите да направат нова класификација на религиски движења. Главниот критериум при оваа класификација е односот на религиските движења кон надворешниот свет. Постои огромна разлика во однос на тоа дали членовите на верските заедници го отфрлаат надворешниот свет, му се прилагодуваат или го прифаќаат. Но, сепак, постојат и религиски групи кои не можат да се класифицираат ниту во една од споменатите групи.[23]

### *Религиски движења кои го отфрлаат надворешниот свет*

Во оваа група влегуваат религиските организации кои имаат јасна концепција за Бог, но нивната идеологија е критички настроена кон надворешниот свет. Овие религиски движења очекуваат промена или активно работат за промени. Некои од нив се миленаристички движења[24]кои очекуваат дека светот ќе се смени многу брзо, со помош на божја интервенција. Миленаристичките движења често се појавуваат за време на радикални културни промени или брз пораст на сиромаштијата. Во средновековна Европа селаните за време на глад ги следеле „пророците" кои нуделе визија на светот свртена наопаку, во која сиромашните конечно ќе ја наследат земјата. Миленаристичките движења кај колонизираните народи обично се појавуваат кога западните колонизатори ќе ја уништат традиционалната култура. За да се обезбеди спасението, се очекува од членовите во целост да го отфрлат конвенционалниот начин на живот. Таквите организации делуваат како тоталитарни институции кои го контролираат секој аспект на човековиот живот. Од следбениците се бара во голема мера да го променат сопствениот начин на живот: да почнат да живеат аскетски, да го променат начинот на облекување или на фризура или да почнат со нов начин на исхрана. Од следбениците на ваквите религиски организации се бара да го отфрлат сопствениот идентитет и да го прифатат колективниот идентитет на групата, да ги почитуваат строгите етички правила и да се повлечат од активностите во надворешниот свет. Како резултат на тоа, за оние кои пристапуваат во таквите институции често се мисли дека биле изложени на „перење на мозок", бидејќи нивните семејства и пријатели тешко можеле да ги разберат промените во однесувањето и начинот на размислување на членовите на движењето. Допуштен е минимален контакт со надворешниот свет, заради собирање на финансиски средства. На пример, членовите на Црквата за обединување во Сан Франциско финансиски средства обезбедуваат со продажба на цвеќе, а некои други религиски движења дистрибуираат книги или продаваат цедиња. Понекогаш членовите на одредени религиски движења едноставно питаат по улица тврдејќи дека собираат пари за добротворни намени. Водачите на таквите групи се подготвени да контактираат со надворешниот свет бидејќи се обидуваат да го променат општеството и пред божјата интервенција од небото. Новите религиски движења кои го отфрлаат надворешниот свет се многу различни во однос на бројот на членството. Некои имаат свои следбеници во поголем дел од светот, а некои од нив се многу мали и се исклучиво од локален карактер. Поголемиот дел од нив се темелат на некој облик на заеднички живот, па затоа се прифаќа многу неконвенционален начин на живот. Пример за тоа е комуната на сектата „Гранката на Дејвид" која трагично завршила во Тексас по конфронтацијата со

---

[23]Ajlin Barker, Novi religiozni pokreti, Punta, Niš, 2004

[24] Миленаристичките движења предвидуваат катаклизмички настани во кои ќе се спасат само верниците. Самиот поим миленаризам се однесува на милениум, односно на илјадагодишното божјо кралство кое е најавено во Библијата.

сојузните власти во 1993 година кога нивниот водач Дејвид Кореч бил обвинет за злоупотреба на деца и поседување на големи количини на оружје. Наспроти различностите на тие групи, ниту една од нив не е задоволна од светот онаков каков што е. Поголемиот број на новите религиски движења кои го отфрлаат надворешниот свет според истражувачите се секти.

### *Религиски движења кои се прилагодуваат на надворешниот свет*

Овие религиски движења обично настануваат со одвојување од веќе постоечките цркви или деноминации. Овие групи обично ниту го прифаќаат ниту пак потполно го отфрлаат светот онаков каков што е, туку едноставно се обидуваат да живеат во него. Во центарот на нивниот интерес се религиските прашања, а не световните. Тие најчесто ја истакнуваат важноста на внатрешниот религиски живот пред световните грижи. Целта на овие религиски движења е во постоечкиот свет повторно да се воспостави духовната чистота на религијата бидејќи самите се уверени дека таа чистота на верата во конвенционалните цркви и деноминации исчезнала. Новите религиски движења кои се прилагодуваат на светот јасно го разликуваат духовното од световното на начин кој е нетипичен за останатите два типа. Религијата не се смета за примарно општествено прашање, туку средство кое обезбедува утеха или стимулација на внатрешниот живот на поединецот. Религиските верувања на следбеникот му помагаат поуспешно да се носи со своите световни општествени улоги. Сепак, целта на верата не е да се создаде ново општество, ниту пак да се зголемат изгледите на верникот да постигне успех во општествениот живот. Многу од членовите на ваквите организации пред пристапувањето биле членови на црквите или деноминациите од кои се разочарале бидејќи истите не ги реализирале нивните очекувања. Пентакосталците се убедени дека светиот дух во другите христијански религии исчезнал. Светиот дух им се обраќа на пентакосталците, давајќи им можност да прозборат на нов јазик. Всушност спиритуалниот и религискиот аспект на религиските групи кои се прилагодуваат на светот е она што ги разликува од другите религиски заедници, па затоа истражувачите на религијата ги нарекуваат деноминации. Деноминациите имаат широка лепеза на верски убедувања и се толерантни спрема другите религии.На пример, пентакосталците имаат живот кој е вреден за почитување. Имаат вообичаена работа или тежнеат кон тоа. За разлика од членовите на локалната заедница, пентакосталците никогаш не се занимаваат со нечесни работи, како што се проституција, продажба на дрога, оружје, измама и никогаш не пристапуваат кон некои радикални политички движења.

### *Нови религиски движења кои го прифаќаат надворешниот свет*

Овие религиски движења се многу поразлични од другите верски групи, бидејќи им недостасуваат некои карактеристики за кои сметаме дека се од особена важност за религијата. Во таквите групи понекогаш нема ни црква како институција, не постојат ни колективни ритуали и молитви, а немаат ни развиена теолошка база или етика. Движењата кои го прифаќаат надворешниот свет многу се послични на „тераписките групи‟ и „групите за самопомош‟ отколку на конвенционалните религиски заедници. Тие се обидуваат да ги зајакнат способностите на своите членови за да бидат по продуктивни и поуспешни. Наспроти тоа, овие групи тврдат дека располагаат со спиритуална и натприродна моќ, па поради тоа можат да сметаат како религии. Овие религии се помириле со светот онаков каков што е, а не заземаат ни посебно критичен став кон другите религии. На следбениците им овозможуваат да бидат успешни, во склад со доминантниот систем на вредности на општеството, со ослободување на спиритуалната моќ на поединецот. За спасение се смета личното постигнување и

решението за сите лични проблеми, како што се несреќата, страдањето и инвалидитетот со примена на некои техники кои ја зајакнуваат нивната свест за сопствените можности.

Пример за таква група е скиентолошката црква (Church of Scientology) која е формирана во Калифорнија,а денес вклучува огромен број членови во сите делови на светот. Скиентолозите истакнуваат дека сите ние сме духовни суштества, но дека сме ја занемариле својата духовна природа. Со вежбање стануваме свесни за своите вистински духовни способности, па можеме повторно да ги откриеме нашите заборавени натприродни сили, да ги исчистиме нашите умови и да станеме свесни за нашите вистински можности.

Религиските движења кои го прифаќаат светот како таков не се ексклузивни групи, нивното членство потекнува од многу различни општествени слоеви. Нивната цел не им е да ги преобрати луѓето како такви, туку се обидува да им понуди услуги на комерцијална основа.[25] За време на тренингот на кој присуствуваат следбениците продолжуваат да живеат вообичаено. Тренинзите се одвиваат во викенд или во време кое се смета дека не го нарушува вообичаениот живот на потенцијалните следбеници. Општествената контрола над членовите на овие религиски движења е многу слаба. Дури и ако се случи некој да не се однесува во согласност со филозофијата на групата, тоа не значи дека автоматски ќе биде исклучен од неа. Во рамките на таквите религиски движења кои го прифаќаат надворешниот свет е движењето на трансценденталната медитација која се базира на хиндуизмот, но во која е намалена важноста на религиските елементи. Трансценденталната медитација се базира на примена на техники на медитација. Секој следбеник добива сопствена мантра и секојдневно медитира наутро и навечер. Се тргнува од тврдењето дека оваа техника ќе овозможи да се ослободи потполната свест која многу позитивно делува на поединецот и на општеството во целина. Пристапувањето на движењето е многу едноставно и не трае подолго од неколку часа. Поголемиот број религиски движења кои го прифаќаат надворешниот свет се култови. Главната карактеристика на култовите е лабава структура, толерантност и неексклузивност. Немаат премногу побарувања кон следбениците, а бројот на членовите брзо им расте.

## ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА

Религијата е активен елемент во човековиот живот на сите нивоа од општествениот развој бидејќи е поврзана со основните човекови потреби. Религијата задоволува голем број на човекови потреби и можеби во тој факт можеме да ја бараме причината за постоењето на религијата од почетокот на човештвото, па сè до денес. Затоа слободно можеме да кажеме дека религијата е мултифункционална. Благодарение на својата комплексност и можност да се простира на различни подрачја таа излегува во пресрет на различните човекови потреби и тие потреби ги задоволува.

---

[25] Често луѓето кои следат таков курс за развивање на своите способности, немаат намера да продолжат понатаму, но тогаш може да им се случи да откријат дека им се потребни дополнителни курсеви (и уште повеќе пари) за комплетирање на својата обука или просветлувањето. Оние кои започнуваат со скромна сума од дваесет до триесет фунти можат на крајот да утврдат дека со голем „успех" го завршиле курсот и дека овој курс им овозможува да се квалификуваат за понатамошни курсеви чија цена е по неколку илјади фунти. Потоа неминовно следува дека постои уште едно повисоко ниво кон кое треба да се стремат сериозните и посветени личности. На тој начин следбениците на тие курсеви влегуваат во долгови за да ги платат трошоците. Види поопширно кај: *Ajlin Barker, Novi religiozni pokreti, Punta, Niš, 2004*

Од типот на религијата и природата на општеството зависи и бројот на потребите кои човекот ги задоволува преку религијата.

Главната функција на религијата според Макс Вебер[26]е „осмислувањето на светот" и човековата егзистенција, па според тоа религијата претставува еден вид на „рационализација" на страдањето. Оваа функција на религијата произлегува од човековата потреба да се соочи со голем број на брутални факти од неговата егзистенција кои не можат да се отстранат. Тие факти се пред сѐ страдањето, несреќата и смртта. Многу од луѓето не можат да ги прифатат овие факти како едноставно неизбежни, туку мора да им припишат некоја смисла, односно некакво „оправдување". Несреќата која некој ја доживува според религијата е последица на некаков грев и непослушност кон Бог, па според тоа таквата несреќа е заслужена, а се што е „заслужено" полесно се поднесува. За оние кои се изложени на несреќа или страдање, во многу верски традиции се смета дека ги налутиле Боговите бидејќи направиле нешто лошо кои за тоа ги казнуваат, или дека ги мачат демони, бидејќи направиле нешто што ги лишило од заштитата на вишите сили. Потребата за таквата „рационализација" особено се наметнува во оние општества во кои постои голема општествена нееднаквост и општествени причини за страдањето. Религијата таквото страдање го рационализира со идејата за првобитниот грев, но често таквитетолкувања не се доволни бидејќи животот на сиромашните им е многу полош од оној на богатите. Затоа религијата ја вклучува и идејата за компензација за сите страдања на овој или на „оној" свет, па во библиските евангелија се истакнува дека сиромашните ќе уживаат во царството небесно во кое богатите нема да имаат пристап.

Наспроти сите разлики помеѓу религиите тие во основа имаат иста структура и слични функции. Религијата има четири основни функции: когнитивна функција, психолошко-емоционалната функција, етичката функција и општествено-интеграционата функција.

***Когнитивна функција.*** Првата функција се состои во тоа што религијата им помага на индивидуите да формираат свој поглед на свет. Тој поглед на свет кај верниците е религиозен. Религиозниот поглед го дели светот на два дела. Едниот е светот на сакралните или свети нешта, а другиот е светот на профаните нешта. Сите сакрални нешта се директно поврзани со натприродното битие и се главно во функција на воспоставување на контакт на верникот со Бог. Световното или профаното е привидно одвоено од Бог (onостраното битие) бидејќи подлежи на природните и општествените законитости. Сепак, според религиозниот поглед на свет, овој свет е создаден од Бог и од него зависи како ќе се одвиваат работите околу нас. Значи во религиозниот поглед на свет и профаните нешта подлежат на Божјата волја.

Когнитивната функција е всушност функција на осознавање на нештата. Секој систем на идеи и верувања во себе ја содржи когнитивна димензија. Под знаење се подразбираат збир на поими со кои се објаснува некоја стварност. Религијата претставува сложен систем на идеи со кои се објаснува светот кој нѐ опкружува. Пред сѐ објаснувањето во религиските системи мора да почне со објаснувањето на потеклото на светот. Така во секоја религија постои митска приказна како сѐ настанало. Потоа секоја религија има за задача да ги објасни сите аспекти на светот што нѐ опкружува.

***Психолошко–емоционална функција***. Оваа функција се однесува на надминување на егзистенцијалните проблеми и тешкотии со кои се соочува поединецот во текот на својот живот. Такви егзистенцијални проблеми се смртта, болеста, страдањето, злото, несреќата итн. Сите овие проблеми со кои се соочува

[26] *Max Weber, The Sociology of Religion, Methuen, London, 1965*

поединецот најчесто се поврзани со чувството на страв, неизвесност, болка итн. Религијата на неколку начини успева да му помогне на човекот психолошки да го надвладее чувството на страв од смртта. Како прво се воведува идејата за оправданоста на смртта, како последица на првобитниот грев. Втор начин на емоционално надминување на смртта е нејзиното поврзување со Божјата волја.И денес по повод смртта на некој можеме да слушнеме Бог дал, Бог земал. Семоќното и сезнајно битие знае зошто некој го земал кај себе. Со одлуката на таквото битие треба да се помириме, а со тоа да го надминеме чувството на страв и очај.И на крај најзначајниот начин на кој религијата ја победува смртта е воведување на идејата за задгробен живот. Идејата дека после физичката смрт постои друг живот, надвор од овостраниот е присутна во сите религии.[27] Различен е само пристапот и начинот на кој се решава прашањето за вториот, вечниот живот. Како што го решава проблемот со смртта религијата успева да ги реши и другите проблеми со кои се соочува човекот во текот на животот. Овде треба дасе спомене и дека преку молитвата и преку други религиски ритуали ние можеме да делуваме на оностраното битие, да го придобиеме.

***Етичка функција на религијата*.** Оваа функција се состои во формирање на основни норми на однесување кои треба да се почитуваат и практикуваат од страна на верниците. Моралните норми се дадени во светите книги. Најстарите религиозни морални правила се десетте божји заповеди кои Мојсеј ги примил од Бог на Синајската гора. Во прво време тие важеле само за Евреите, а потоа станале универзални и важат за најголем дел од човештвото. Во јудаизмот, христијанството и исламот се тргнува од десетте божји заповеди кои понатаму се развиваат. Во христијанството тие се доразвиени преку беседите и проповедите на Исус Христос, кои се дадени во Новиот Завет, за исламот преку правилата и нормите кои ги зацртал Мухамед, а кои се опишани во Куранот, правилата на однесување кои се предадени во Талмудот како света книга на Евреите. Поврзувањето на религијата и моралот има практично значење бидејќи го наведува поединецот постојано да ги контролира своите постапки и да настојува да постапува во соодносс со елементарните норми кои религијата ги прикажува како израз на божјата волја. Всушност кога верникот се идентификува со светото, тој ги прифаќа сите правила кои му ги наметнува светото како сопствени правила и вредности. На тој начин во општествената заедница, механизмите на надворешна контрола се заменуваат со механизми на внатрешна контрола–совеста. Доколку поединецот отстапи од правилата кои му ги наметнува сопствената религија, тој всушност доаѓа во колизија со светото. Религијата отсекогаш не ја имала етичката функција. Од историјата на грчката и римската митологија знаеме дека боговите долго време не биле замислувани како морално беспрекорни битија, туку како битија кои ги имаат сите човекови недостатоци и слабости (љубомора, завист, склони кон расправии и одмазда). Замислата на Бог како морален апсолут настапува во полна мера дури со монотеистичките религии. Во овие религии Бог се замислува како морален законодавец и како врховен судија кој на оној свет ќе го награди доброто, а ќе го казни лошото однесување.[28]

***Општествено-интеграциона функција*.** Оваа функција особено ја истакнуваат функционалистите. Според Емил Диркем[29] религијата има пред сѐинтеграциона функција во општеството. Всушност Диркемовата дефиниција за религијата има во себе функционалистички елементи бидејќи наведува дека

---

[27] Поопширно кај: Душка Матевска, Социолошки аспекти на есхатологијата во македонскиот фрескоживопис, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2015
[28] Исто
[29] *Emile Durkheim, The Elementary Forms of the Religious Life, Allen and Unwin, London ,1915*

религијата ги обединува своите следбеници во единствена морална заедница–црквата. И голем број на други социолози ја нагласуваат интеграционатафункција на религијата бидејќи преку неа се врши духовно обединување на различните општествени слоеви и групи во една поширока општествена заедница. Преку периодично извршување на ритуалите во суштина периодично се освежува и засилува чувството на заедничка припадност.

Оваа функција се сведува на следното: секоја општествена заедница има потреба од интеграција. Колку е поголем степенот на интеграција поголема е вкупната моќ на целата заедница. Религијата која претставува заеднички духовен свет за припадниците на една заедница, овозможува полесно и поцврсто да го интегрира целото општество. Интеграцијата се постигнувасо обединување на членовите на заедницата преку заедничкиот духовен свет, заедничките вредности, идеи и верувања.

## СЕКУЛАРИЗАЦИЈА

Иако помеѓу социолозите не постои општ консензус во однос на прашањето дали религијата ги поттикнува општествените промени или пак ги спречува, сепак поголемиот број од нив се согласуваат дека промените во општеството ќе предизвикаат соодветни промени и во религиите. Уште повеќе, многу од нив тврдат дека општествените промени ќе доведат до слабеење на религијата или дури и до нејзино исчезнување. Но, постојат и автори кои одбиваат да го прифатат и самото постоење на секуларизацијата. За нив таа е само илузија која се појавила како резултат на слабеење на традиционалните облици на религијата. Токму појавата на голем број на нови религиски движења, според овие теоретичари, го потврдува фактот дека религијата во современите општества сè уште егзистирапојавувајќи се во разни облици.

Голем број автори кои твореле во текот на 19 век меѓу кои и познати антрополози, филозофи и социолози како што се Тајлор, Фрејзер, Фројд и Маркс сметале дека како резултат на развојот на науката и нејзиното влијание врз начинот на размислување, религијата во современото општество ќе исчезне.

Познатиот социолог Огист Конт[30] во развивање на својата теорија на Законот на општествен прогресконстатирал дека историјата на човештвото поминува низ три значајни периоди, а секој од тие период го карактеризира различен збир на интелектуални верувања. Во првата, теолошкатафаза, преовладуваат религиските и празноверни уверувања. Втората, метафизичка фаза е период во кој доаѓа до слабеење на улогата на религијата, а базата на конституирање на општеството е филозофијата, која станува сè поважна. Третата и последна фаза Конт ја нарекува позитивна и во неа религиозните верувања исчезнуваат, а науката станува темел на човековите размислувања и управува со однесувањето на луѓето.

Диркем не се согласувасо ставот дека религијата ќе исчезне затоа што во религијата според него постои нешто вечно. Но и покрај тоа, тој истакнува дека како резултат на развојот на општеството ќе се намали важноста на религијата и нејзината општествена улога. За разлика од примитивните општества во кои религијата имала значајна улога во градење на солидарноста и претставувала главна сила во интегрирање на заедницата, во модерните општества таа нејзина функција ја преземаат современите институции. Општествената солидарност ќе се јакне со развојот на образовниот систем, а не со примена на религиозни ритуали кои се карактеристични за примитивните општества.

---

[30] *Auguste Conte, Kurs pozitivne filozofije (četvrto izdanje), Kultura, Nikšić, 1989*

Според Вебер, во индустриските општества луѓето во своето однесување сè помалку ќе бидат водени од емоциите и традицијата, а рационалното исполнување на зададените задачи сè повеќе ќе се зголемува.Рационализацијата ќе доведе до редуцирана улога на религијата во општеството.

Основачите на марксистичката ориентација во социологијата го истакнуваат ставот дека религијата е потребна за да ја легитимира класната нееднаквост во индустриските општества. Затоа Маркс верува дека индустрискиот капитализам ќе биде заменет со бескласен комунизам во кој религијата повеќе нема да има никаква општествена функција и како резултат на тоа таа ќе исчезне од историската сцена.

Многу современи социолози сметаат дека религијата е подеднакво присутна во модерните општества како и во кои било општества во минатото, но дека нејзините конкретни облици во голема мера се измениле. Овие автори секуларизацијата ја дефинираат како *процес во кој религиското мислење, пракса и институции го губат општественото значење.*

Идејата дека религијата „не е она што некогаш била" има одредена емпириска поддршка. Бројот на членството на американските водечки протестантски цркви од 50-тите година на минатиот век сè повеќе опаѓа. Американските религиски организации го немаат она општествено влијание кое го имале во претходните два века, ниту во јавниот живот ниту пак врз нејзините членови. Младите американски евангелисти сè помалку се согласуваат со моралните позиции на нивните цркви. Голем дел од Евреите не ги посетуваат синагогите, а посетеноста на римокатоличката црква е опадната за една четвртина од 1965г. па до денес. Овие податоци покажуваат дека религијата има сè помалку влијание врз јавниот и приватниот живот на Американците од оној што некогаш го имала. Во Европа имаме уште поголемо опаѓање на религиската партиципација. Од 1900 до 1990 година членството во црквата се намалува од 30% на14 %. Неделното присуство на литургиите во нордиските земји е нешто помало од 2%, а дури и противниците на секуларната приказна признаваат дека европските католички бискупи имаат помалку политичка моќ од порано.[31]

До денес не постои една општо прифатена дефиниција за поимот секуларизација. Одговорот на прашањето: дали модерните општества се секуларни или дали се зафатени со процесот на секуларизација, во голема мера зависи од тоа што авторите подразбираат под поимот религија. Различните автори пренагласуваат одредени елементи на религијата за кои сметаат дека се битен индикатор за секуларизацијата.

Така, според едни автори најважната карактеристика на религијата е религиската партиципација која може да се измери преку присуството на богослужбата на некоја верска организација. Доколку тргнеме од оваа теза можеме да констатираме дека во голем број на земји процесот на секуларизација веќе одамна започнал. Според Гиденс[32] најстарите статистички податоци за посетеноста на религиските објекти во Велика Британија од 1851 година покажуваат дека 40% од возрасното население во Англија и во Велс секоја недела присуствувало на неделна миса, литургија. До 1900 година тој број се намалил на 35% а во 1950 годинана 20%. Податоците од последните години на минатиот век го покажуваат трендот на намалување на бројот на верници кои одат на неделна богослужба. Така во 1980 само 10,9% од возрасното население одело на неделна миса/литургија, а во 1995 година тој број се намалил на 8,7%. И бројот на крстените деца и младите кои склопиле црковен брак се намалува. Овие податоци на некој начин ја потврдуваат теоријата за секуларизацијата.

Статистичките податоци за присуството на црковните обреди во САД покажуваат поинаква слика. Во споредба со Велика Британија, бројот на членови кои

---

[31] *Meredith B. McGuire, Religion: The Social Context, Fifth Edition*

[32] *Anthony Giddens, Sociologija, Nakladni Zavod Globus, Zagreb, 2007*

учествуваат во религиските обреди е поголем што на прв поглед не ја потврдува тезата за секуларизацијата. Истражувањето кое го спровело „Центарот за истражување на религиите"на Универзитетот во Принстон, од 1991 година покажало дека 42% од американците тврделе дека во претходната недела биле во црква или синагога. Оваа истражување покажало дека 45% од протестантите еднаш неделно одатво црква, а 51% од католиците одат на миса еднаш неделно.[33]

Втора димензија на религијата која голем број на социолози ја сметаат за индикатор на секуларизацијата се религиските уверувања и вредности. Следствено на тоа, намалувањето на посетите на религиските објекти не може да се смета за доказ за секуларизацијата и дека верувањето нема никаква нужна поврзаност со посетата на религиските објекти. Многу религиозни луѓе не одат редовно на богослужба, но исто така и редовната посета на религиските објекти не значи секогаш и силна религиозност, бидејќи луѓето можат да одат во Божјите храмови од навика или поради тоа што заедницата го очекува тоа од нив.

Според истражувањето во Британија реализирано во 1998 година, голем број од испитаниците тврдат дека веруваат во некој вид божество. Дваесет и еден процент од испитаниците се согласува со ставот: Знам дека Бог постои и во тоа не се сомневам, 23% го одбрале ставот: Иако имам некои сомневања, чувствувам дека верувам во Бог, кај 14% од испитаниците се појавуваат одредени сомневања во верувањето во Бог па во одредени ситуации веруваат во Бог, а во одредени ситуации не веруваат, а 14% не веруваат во Бог, но веруваат во некој облик на виши сили. Само 10% од испитаниците изјавиле дека не веруваат во никаков Бог.[34]

И последната димензија на секуларизацијата се однесува на влијанието на религиските организации врз општествениот и политичкиот живот. Дел од истражувачите сметаат дека вистински религиозни општества се оние во кои црквата, како институција, е директно вклучена во секој важен дел на општествената заедница. Со таквото гледиште, одвојувањето на Црквата од поширокото општество се смета за доказ за секуларизација. Во средниот век постоело единство помеѓу црквата и државата. Денес освен правото на бискупите да седат во британскиот горен дом, црквата речиси воопшто не е застапена во структурите на власта. Но, наспроти тоа, моќта на црквата во средниот век не мора да се смета за златен период на религијата. Денешната специјализација на религијата само за верски прашања може да се смета за чист облик на религијата, неизвалкана со мешање во световните работи, како што е политиката. На тој начин се径 поместува фокусот на религијата од институциите на државата и економијата кон потребите и чувствата на луѓето.

### *Диференцијација, рационализација и десакрализација*

Врз база на деталните анализи на теориите на секуларизација одредени автори заклучуваат дека можат да се издвојат три суштински елементи кои влијаат врз намалувањето на улогата на религијата во современите општества: диференцијација, рационализација и десакрализација.[35]

Диференцијацијата е најважниот дел од сите теории за секуларизацијата. Диференцијацијата претставува процес во рамките на кој религијата и верските институции се разгледуваат како посебна област. Како резултат на диференцијацијата,

---

[33] *Michael Haralambos, Martin Holborn, Sociologija: Teme i perspective, Golden marketing, Zagreb, 2002*

[34] *Anthony Giddens, Sociologija, Nakladni Zavod Globus, Zagreb, 2007*

[35] *Види поопширно кај: Meredith B. McGuire, Religion: The Social Context, Fifth Edition и Malkom Hamilton, Sociologija religije, CLIO, Beograd, 2003*

религијата го губи влијанието во многу области од општествениот живот. Во минатото црквите имале голем број општествени функции, но со развојот на општеството испецијализираната поделба на трудот се формираат самостојни општествени институции кои се ослободени од влијанието на религијата. Денес црковната кутија за давање на доброволен прилог за сиромашните е заменета со канцеларија за социјална помош, свештеникот како советник е заменет со психолог, а за болните денес се грижи здравствениот систем. Во средниот век религиските институции ја имале улогата на општествена контрола бидејќи го одредувале и казнувале девијантното однесување користејќи неформални мерки, како што се исповед и екскомуникација од заедницата и формални мерки, како што се црковните судови. Но, денес општествената контрола се врши преку специјализирани институции. Религијата на тој начин преминува во приватната сфера и станува приватна работа на поединецот и прашање на неговиот избор. Иако и денес свештениците осветуваат одредени јавни објекти или јавни настани, нивното присуство е повеќе од декоративна природа, а не од суштинска.

Рационализацијата се доведува во врска со сè поизразениот научен поглед на свет и намалување или отфрлање на религиските верувања. Рационализација претставува процес во кој општествените институции, кои сега се одвоени од црквата, се раководат со начелата кои се во рационален однос со нивната општествена функција и независни од религиските вредности и критериуми. Рационалното гледање на светот е непријател на религијата. Тоа се темели на проверување на аргументите и верување во рационални постапки, проценување на вистината со помош на фактори кои можат објективно да се измерат. Религијата се темели на верата и како таква е нерационална. Вистината која таа ја нуди не може да се провери со рационални постапки.

Рационализацијата се одразува и на економското дејствување кое вклучува анализа на пазарот, планирање и избор на средства кои ќе нè доведат до посакуваната цел, а не врз база на претскажување. Владите кои се насочени кон економски просперитет на својата држава се консултираат со економисти, а не со верски лидери.

Развојот на рационалното мислење и рационалниот поглед на свет го предизвикале низа фактори:

- Рационалната организација на општеството во која луѓето се трајно вклучени во рационални организации: претпријатија, јавни служби, образовни институции, државни институции – кои им наметнуваат рационално однесување.
- Подобро познавање на природниот свет и на општеството, кое е резултат на развојот на физиката, биологијата и општествените науки. Вака стекнатото знаење се базира на науката, а не на религијата.
- Развој на рационални идеологии и организации со кои се решаваат општествените проблеми. Организациите како што се синдикатите нудат практично решение на проблемите сега и веднаш за разлика од нив религиските организации нудат решенија кои ветуваат правда и награди во задгробниот живот.

Фактот што многу научници, професори, лекари и претставници на други професии се религиозни не го подрждуваат овој тренд бидејќи нивната религиозност е приватна, религиските верувања можеби им даваат значење на нивните животи, но рационалноста раководи со нивната работа.

Голем број социолози сметаат дека поимот свето не зазема веќе никакво место во современото западно општество и дека општеството поминува низ процесот на десакрализација. Тоа значи, дека веќе не постои уверување дека натприродните сили управуваат со светот. Со постапките повеќе не управуваат религиските верувања. Човековата свест станува сè повеќе секуларизирана. Технолошкиот развој го намалува

бројот на појавите кои треба да се објаснат со религиозни термини. На тој начин поединецот добива поголем степен на контрола над природниот свет, а се намалува потребата од употребата на натприродни објаснувања или постапки. Луѓето и денес одат во црква за да ја прослават успешната жетва, но користат и хемиски ѓубрива, хербициди и инсектициди и не се ослонуваат само на молитвата за да обезбедат богат род. Откако ќе ги исцрпеме сите конвенционални медицински решенија, можеме да се молиме за здравјетона личноста која ја сакаме, но многу малку секти во целост ја отфрла конвенционалната медицина верувајќи дека натприродните сили ќе го подобрат здравјето на нивниот близок. И во модерниот свет постојат работи и појави кои не можеме да ги разбереме на научен, рационален начин како што се смртта на саканата личност или чувството на неправда која ни е нанесена. Таквите настани може да влијаат одредени луѓе да побараат утеха во религијата. Но, кога луѓето се обраќаат на Бог тоа го прават како поединци и тоа откако ќе ги исцрпат сите научни и рационални алтернативи.

## РЕЛИГИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

### *Секуларизацијата во модерниот свет*

Цели два века теоретичарите на секуларизацијата зборуваат за тоа дека во современиот свет неизбежно доаѓа до слабеење на религијата. Но истражувањата покажуваат дека поголемиот дел од светот е во иста мера религиозен како што бил во минатото и дека покрај тоа што модернизацијата ја предизвикува секуларизацијата, таа исто така придвижува разни реакции кои често ја зајакнуваат улогата на религијата.

Хосе Касанова се согласува дека теоријата за секуларизацијата била главна теориска рамка преку која општествените науки го разгледувале односот на религијата и современоста.[36] Обично она што се смета за единствена теорија на секуларизацијата се состои од три тврдења: секуларизација како диференцијација на профаните подрачја од верските институции и норми, секуларизација како слабеење на религиските уверувања и пракса, и секуларизација како повлекување на религијата во сферата на приватното. Но доколку сакаме да ја утврдиме вистинската улога на религијата во современиот свет, тогаш социолозите на религија треба да почнат да ја испитуваат и проверуваат релевантноста на секое од овие три тврдења, независно едно од друго.

Според Касановадиференцијацијата и одвојувањето на световните подрачја од религиските институции и норми и понатаму претставува главна карактеристика на современите општества, но не е точно дека современоста мора да подразбира и слабеење на религиските верувања и пракса, како и повлекување на религијата во приватната сфера. Касанова се обидува да ја нагласи јавната улога на религијата во современиот свет. Религијата од 80-тите години на минатиот век станала јавна во двојна смисла. Од една страна политичарите и општествените истражувачи посветуваат сè поголемо внимание на религијата, а религиските водачи од друга страна се повеќе спремни да се впуштат во јавни и политички расправи. Според Касанова во периодот од 80-тите до 90-тите години на минатиот век не постоел некој посериозен политички конфликт во светот во кој не се почувствувало отвореното влијание на религијата. Примерите кои ги спомнува се однесуваат на конфликтите помеѓу Арапите и Евреите на Блискиот Исток, судирите помеѓу протестантите и католиците во Северна Ирска, како и судирите помеѓу Бошњаците, Србите и Хрватите

[36] *José Casanova, Public Religion in the Modern World, University of Chicago Press, Chicago, 1994*

во Босна и Херцеговина. Аферата со Салман Рушди јасно го покажува степенот на конфликт помеѓу религиските и световните вредности во Британија. Касанова смета дека до 80-тите години на минатиот век, религијата била ограничена на приватната сфера, а верските заедници не се ни обидувале да влијаат на јавниот живот. Но од 80-тите години религиите се обидуваат да го зајакнат своето влијание на јавниот живот.

### *Религиски плурализам*

Според некои истражувачи вистинските религиозни општества имаат една религија и една црква. Ваквата слика е создадена под влијание на состојбата со малите примитивни општества, како што се австралиските домородци каде што општествената заедница во исто време е и религиска. Членовите на општеството имаат заедничка религија, а во одредени периоди на годината, целата заедница се собира за своите верувања да ги изрази преку религиски ритуали. Во средновековните општества црквата како институција му служела на целото општество.

За современиот свет карактеристичен е процесот на глобализацијата во која народите, културите, општествата и цивилизациите кои порано биле помалку или повеќе изолирани едни други сега постојано и неизбежно делуваат едни на други. Ваквата ситуација може да има два спротивни ефекти. Од една страна сѐ поголема е опасноста од избивање на судири помеѓу различните култури, кои сега се во исто општество, бидејќи може да доведе до недоразбирање и непријателство. Од друга страна, поблиските контакти помеѓу различните култури и религии можат да ги намалат разликите помеѓу нив, па со тоа и да се намали можноста од судири. Денес во светот постојат мал број на земји во кои постои само една доминантна религија. Во услови на религиски плурализам, државите веќе не можат да поддржат само една религија без притоа да предизвика конфликт во општеството. Религискиот плурализам им овозможува на поединците нивната религија да биде личен избор, а не интегрален дел на нивното членство во општеството. Религискиот плурализам во современите општества во основа потекнува од два извора: постоење на различни етнички групи кои негуваат сопствени религиски традиции и зголемувањето на бројот на сектите и култовите. Во општества во кои постојат повеќе различни етнички групи кои припаѓаат на различни религии може да дојде до зголемување на улогата на религијата која во такви услови исполнува две значајни функции:

- заштита на сопствената култура и
- културна транзиција.

Религијата која е здружена со етничкото има своја манифестна и латентна функција. Манифестната функција е претставена во самата религиозност како когнитивен и емоционален однос кон Бог. Латентната или скриената функција претставува гаранција во одбраната на религискиот и етничкиот идентитет во услови кога постои опасност од нивно загрозување. Религијата ја презема улогата на заштита на културата кога: постојат две (или повеќе) спротивставени заедници на различни религии,како што се католиците и протестантите во Северна Ирска или Србите (православни), Хрватите (католици) и Бошњаците (муслимани) во Босна и Херцеговина кога чувството на религискиот идентитет на секоја заедница може да поттикне потреба за нова лојалност кон сопствената заедница. Затоа поединците и општествените групи можат да посегнат по религијата која може да им овозможи единствено чувство на идентитет. На тој начин тие религијата може да ја употребуваат за да ја потврдат својата супериорност. Но, религијата можат да ја употребат и маргинализираните општествени групи како средство за мобилизација за да остварат моќ и влијание во глобализираното општество.

Религијата може да стане многу значајна и поради помошта која може да им ја пружи на луѓето во процесот на транзиција од еден свет во друг. Овде станува збор за

луѓе кои мигрирале во друга земја или пак останале да живеат во исто место, но тоа место радикално се променило.Поновите истражувања во областа на религијата покажуваат дека САД иако е една од најмодернизираните земји, сепак, покажува и највисок степен на религиозност и религиска партиципација. Ваквата појава се објаснува со помош на поимот културна транзиција. Кога општествата поминуваат преку брзи и радикални демографски и економски промени, религијата може да одигра клучна улога и да им помогне на луѓето да се прилагодат на новите услови и да ја преживеат таа нестабилност. Затоа во САД религијата била многу важна во стабилизацијата на етничките  и личните идентитети, односно овозможила полесна културна транзиција. Религијата се користи како средство кое им помага на луѓето во ситуации во кои се принудени во одредена мера да го променат својот идентитет. На пример азиските и карипските доселеници во Велика Британија, како и нивните потомци, одат во џамии, будистички или хиндуистички храмови или пак во цркви и нив ги сметаат, како центри на своите заедници и религии кои им помагаат полесно да се носат со проблемите и несигурниот статус кој го носи припадноста на друга раса. Но религијата ќе почне да губи од својата важност доколку групата поцврсто се интегрира во новата заедница. Така ирските католици кои се доселиле во Англија и во Шкотска, на почетокот биле изложени на силно непријателство и дискриминација. Католицизмот на оваа група со генерации им бил особено важен. Но, со текот на времето ирските католици почнале сè почесто да се женат надвор од својата етничка група и кога станале успешни и почитувани членови на општеството, а останатите членови на општеството почнале да ги прифаќаат, важноста на религијата која некогаш била фокус на заедничкиот идентитет значајно ослабела.

### *Улогата на религијата во современиот свет*

Концентрирајќи се главно на Велика Британија и на САД, социолозите имале прилично ограничен поглед на општествените промени и религијата. Така тие не успеале да дадат релевантно објаснување за ревитализацијата на исламскиот фундаментализам во Иран и некои други муслимански земји. Дејвид Мартин[37] ја проучува промената на улогата на религијата во низа на општества. Својата анализа ја заснова првенствено на нивото на религискиот плурализам или религискиот монопол присутен во конкретното општество, но во своите истражувања вклучува и низа на променливи елементи, како што се бројноста на религиските малцинства и нивната географска распространетост, односот помеѓуверските групации и доминантните елити и главните карактеристики на различните верски традиции. Една од основните ситуации кои Мартин ги забележува е целосниот религиски монопол во земјите во кои преовладува римокатоличката црква. Втората ситуација ја сочинуваат земјитево кои доминира протестантизмот, но постои и значајно римокатоличко малцинство. Третата ситуација ја сочинуваат земји со уште поизразен плурализам, како на пример Велика Британија во која имаме масовно припаѓање на англиканската црква, но исто така и мноштво на други религиски групации. Следнатаситуацијаво современиот свет ја обележува целосен плурализам со доминација на протестантизмот, како што е случајот во Соединетите Американски Држави. И како последна ситуација ги истакнува земјите во кои римокатоличката религија не е присутна, а во нив спаѓаат скандинавските и православните земји. Мартин ги следи сложените последици кои во секоја од наведените ситуации доведува до промена на улогата на религијата во општеството, како и различните последици на таквата религија во многу области на јавниот од приватниот живот. Неговото истражување покажува различни модели на религиска пракса во различни развиени индустриски општества. Мартин тврди дека

[37] *David Martin, A General Theory of Secularization, Blackwell, Oxford, 1978*

улогата и силата на религијата во модерните општества е одредена од низа фактори.

Еден од најважните фактори е степенот на религискиот плурализам и силата на доминантната религија. Општествата во кои римокатоличката црква тврди дека има монопол над религиската вистина обично се многу различни од општествата во кои силно упориште имаат двете религии,протестантизмот и католицизмот, како и од општествата во кои постои мноштво на деноминации и цркви.

Следен важен фактор е политичкиот систем на општеството и односот помеѓу црквата и државата. Ваквиот однос може да има силно влијание на степенот на важноста на религијата во одредено општество.

Третиот важен фактор е во која мера религијата помага во создавање на национален, регионален или етнички идентитет.

Истражувањето кое е спроведено во 1994 година[38] во осум земји од светот покажуваат различни степени на религиозност и религиска партиципација. Според оваа истражување најголем степен на религиозност покажуваат Американците, 82% од испитаниците се сметаат за религиозни, а во исто време во Соединетите Американски Држави највисок е и степенот на религиска партиципација, односно 44% од испитаниците изјавиле дека одат на богослужба најмалку еднаш неделно. Овој висок процент на религиозност се објаснува со поимот културна транзиција.Во САД е висок степенот на религискиот плурализам и не постои службена врска помеѓу црквата и државата. Постојат низа на емигрантски групи кои се од различно етничко потекло. религискиот плурализам е високо застапен бидејќи етничките малцинства настојуваат да го задржат својот сопствен идентитет. Иако степенот на партиципација во религиските ритуали е висок, религијата не игра важна улога во функционирањето на општеството. Општествената солидарност повеќе се постигнува со чувството за патриотизам и верувањето во вредностите на американскиот начин на живот, а помалку на заедничките религиски уверувања.

Според истото истражување во Велика Британија 55 % испитаниците изјавиле дека се религиозни, а само 14 % од нив изјавиле дека одат во црква најмалку еднаш неделно.Во Британија постои врска помеѓу англиканската црква и државата. Англиканската црква е државна религија а британскиот монарх е поглавар на англиканската црква. Но, има и значаен степен на религиски плурализам. Освен англиканската црква на која ѝ припаѓаат 70% од населението во Велика Британија егзистираат и презвитеријанската црквакоја е доминантна во Шкотска, католичката црква како и голем број на други верски групи, како што се Евреи кои се припадници на јудаизмот, муслимани, сики и хиндуисти. Ова истражување според Гиденс покажало дека побогатите општествени слоеви кои се припадници на англиканската црква се повеќе инволвирани во религиската пракса. Англиканската црква била нарекувана „конзервативна партија која се моли‟ а според Гиденс има голема вистина во тоа тврдење бидејќи истражувањата покажуваат дека припадниците на англиканската црква обично гласаат за конзервативците. Најголем број од припадниците на католичката црква во Велика Британија припаѓаат на работничката класа, па затоа и најчесто гласаат за лабуристите.

Во некои делови на Велика Британија, како што се Велс и Шкотска (кои имаат свои посебни цркви), посетата на верските заедници е поголем од просекот поради релативно силната врска помеѓу религијата и национализмот. Повисоката партиципација во религиските ритуали е во директна корелација со заштита на културниот идентитет.

Најнизок процент на религиска партиципација според ова истражување има во Шведска, каде што само 4% од испитаниците одат во црква најмалку еднаш неделно. Причината за релативно ниската партиципацијата во религиските ритуали се бара во

[38] *Anthony Giddens, Sociologija, Nakladni zavod Globus, Zagreb, 2007*

доминантната положба на Лутеранската црква и нејзината тесна поврзаност со државата.[39] Резултатот од таквата блиска врска и недостатокот на алтернативни верски заедници е тоа што посетата на црквите главно е ограничен на повисоките слоеви.

Во католичките земји како што се Франција, Шпанија, Италија, Португалија, црквата сѐ уште има главна улога во општеството и влијае на политиката на владите во подрачјето на образованието и законодавствотокое го регулира бракот, разводот, контрацепцијата и абортусот. Посетата на црквите е висок, а генерален заклучок е дека католичките општества се помалку световни од протестантските. Таму каде што доминира католицизмот има многу малку религиски плурализам.

Во другите земји како што се Холандија, Германија и Швајцарија јасна е поделбата на протестантско мнозинство (60%) и силно католичко малцинство (40%). Католичкото малцинство обично припаѓа на пониските општествени слоеви. Партиципацијата во религиските ритуали е многу висока бидејќи на двете најважни супкултури им нуди чувство на идентитет. Религијата има важна улога и во образованието па постојат посебни протестантски и католички училишта.

Во исламските општества религиските промени исто така варираат од земја до земја. Во Тунис (99% муслимани) и Египет (94% муслимани) државите стануваат сѐ посветовни, па исламските верувања немаат големо влијание на политичките одлуки. Исламската револуција во 1979 година во Иран ја повел земјата во друга насока, а религиските водачи ја презеле политичката моќ. Во некои други исламски земји постојано има конфликти помеѓу религиското и световното. Во Судан (97% муслимани) општеството е поделено на две групи, оние кои се залагаат за религиски плурализам и толеранција и оние кои сакаат земјата да биде поцврсто втемелена на исламските принципи. Во Турција (99% муслимани 75% сунити,останатите шиити) ставовите кон религијата се амбивалентни, додека некои сметаат дека религијата е причина за заостанатоста на земјата, други сметаат дека религијата треба да биде клучен темел на кој мораат да бидат засновани моралните вредности во општеството.

[39] Лутеранството било државна религија во Шведска сѐ до 2000 година кога доаѓа до одвојување на црквата од државата.

# ГЛАВА ВТОРА

# МОНОТЕИСТИЧКИ РЕЛИГИИ

## ЈУДАИЗАМ

Јудаизмот е една од најстарите светски религии која се појавува околу 2000 година пр.н.е. а нејзиниот развој е тесно поврзан со историјата на еврејскиот народ. Врз база на оваа врска е изграден Танак (јудаистички канон) кој ја претставува основата на Стариот завет од христијанската Библија.

Пред да преминеме на историскиот развој и карактеристиките на религискиот систем, да ја објасниме етимологијата на термините „јудаизам" и „Евреи" кои ќе ни овозможат полесно да ја разбереме суштината на оваа религија. Според современите истражувачи потеклото на терминот „Евреи"доаѓа од еврејскиот збор „иврим" кој означува „дојденец", односно оној кој дошол од друга земја. Одредени автори[40] сметаат дека еврејскиот народ потекнува од Месопотамија каде што живеел и Аврам, пред да тргне за Ханансаката земја[41], која му била ветена од Бог.

Терминот „јудаизам" претставува епоним за означување на религискиот систем којшто е признаен од сите Евреи и произлегува од личното име на Јуда.[42] Затоа треба да се прави разлика помеѓу поимите јудаизам и Евреи бидејќи јудаизмот е религијата на еврејскиот народ во која можат да припаѓаат и не Евреи, додека поимот Евреи го означува националното самоопределување.

Во суштината на еврејската религија се наоѓа заветот, односно сојузот помеѓу Бог и народот. Првиот завет што се споменува во еврејските свети списи е заветот (сојуз) помеѓу Бог и Ное. Бог го спасува Ное и неговото семејство од потопот и ветува дека повеќе нема да ги казнува луѓето на таков начин.[43] Вториот завет Бог го склопува со Аврам а таквиот сојуз е запечатен со наредбата на Бог според која секое машко дете на осмиот ден од раѓањето треба да се обреже.[44]

Мојсеј се смета за основач на израелската (еврејската) религија бидејќи тој повторно воспоставил сојуз помеѓу Бог и Евреите. За суштината на овој сојузсе зборува во втората книга на Мојсеј (Излез).Околу 1630 година пр.н.е. во Ханан настапува глад и племето на Јаков се преселува во Египет благодарение на неговиот син Јосиф кој во тоа време бил првиот човек после фараонот. Но, подоцна израелското племе било поробено неколку векови. Во времето на Рамзес II (1290-1224 година пр.н.е.) кој бил фараон на Египет е роден Мојсеј, како син на семитски родители. Во тоа време бројот на Евреите во Египет се зголемува во голема мера што ја зголемува и загриженоста на египетскиот владетел поради опасноста од бунт. За да го регулира прирастот на еврејското племе фараонот дава заповед да се убиваат сите новородени израелски деца. Мојсеј, неговите родители го ставиле во една кошница од трски и го пуштиле по реката Нил. Божјиот план бил Мојсеј да се спаси и да израсне во куќата на неговиот најголем непријател. Една од ќерките на фараонот го наоѓа и го чува сокриен од сите. Тој бил воспитуван на кралскиот двор, но подоцна морал да ја напушти земјата и се преселил кај едно сточарско племе. Еден ден додека ги чувал овците на планината Синај доживеал Божјо откровение. Феноменот на грмушка од

[40] Мирча Елиаде, Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999

[41] Денес на оваа територија се простираат земјите: Јордан, Сирија, Либан и Израел.

[42] Според првата книга на Мојсеј, Јуда е четвртиот по ред од синовите на Јаков кој и покрај еврејската традиција во која наследник е најстариот син тој сепак бил назначен за наследник поради милосрдноста. (Битие, Првата книга на Мојсеј, 49: 8-12)

[43] Битие, 9:8 „Потоа Бог му рече на Ное и на неговите синови со него: 9:9 „Еве јас склучувам сојуз со вас, со вашето потомство по вас"

[44] Битие, 17:10 „Ова е мојот сојуз што ќе го држите, сојузот меѓу мене и вас, и твоето потомство по тебе: секое машко меѓу вас да биде обрежано" 17:12 „И секое машко меѓу вас кога ќе има осум дена да се обреже, во секое идно поколение, секој што е роден во куќата и секој што е купен за пари од кој и да било туѓинец, кој не е од твоето потомство".

капина која гори но не согорува го доживеал како еден вид на контакт со Бог. Тука во пустината Бог го открил своето име Јахве и го прогласил Мојсеј за свој пророк кој ќе ги ослободи Израелците од египетското ропство. После ова Мојсеј се враќа во Египет и со брат му Арон се обидува да издејствува ослободување на Израелците од фараонот. Бидејќи фараонот не сакал да го пушти народот да си оди, Египет го погодуваат десет разни несреќи, од кои последната донесува смрт за сите првородени и меѓу луѓето и меѓу добитокот кај Египќаните. Под влијание на последната несреќа во која фараонот го изгубил својот првороден син, тој конечно им дозволува на Израелците да се отселат. При напуштањето на Египет, Израелците цело време биле следени од Бог во вид на облак или огин. Кога фараонот се премислил за својата одлука и со моќната војска тргнал по народот кој се иселувал, Израелците со Божја помош успеале пеш да го поминат Црвеното Море, додека Египќаните кои го пробале истото се удавиле. Во овој настан Израелците ја виделе потврдата за Божјата моќ. За време на 40-годишното лутања низ пустината на Синајскиот Полуостров, Јехова склопил сојуз со израелскиот народ. Оттогаш започнува израелската религија, а Бог го прогласил израелскиот народ за одбран од Бога. Тогаш Бог на Мојсеј му го дал Декалогот (десетте Божји заповеди). Подоцна Евреите продолжиле кон ветената земја Ханан каде што трајно се населиле.

Припадниците на јудаизмот верувале дека треба да постои само еден храм. Храмот бил единственото место каде што можеле да се спроведуваат верски жртвувања. Првиот храм го изградил кралот Соломон во Ерусалим. Во 586 година пр.н.е. Вавилонскиот владетел Наубукодоносорго освојува Ерусалим и илјадници Евреи биле пратени во Вавилон, како робови, а храмот бил разрушен. Овој период е познат како период на првото разорување на храмот. Дел од Евреите под водство на Еремија се преселиле во Египет каде што основале еврејска заедница. Во тој период Евреите се вртеле кон Ерусалим за време на молитвата. После 50 години ропство, персискиот крал Кир го освојува Вавилон и им дозволува на Евреите да се вратат во Ерусалим дури финансиски им помогнал во обновувањето на Храмот.

Во текот на првиот век во еврејската заедница се издвојувале две религиски групи: Садукеи кои припаѓале на повисоките слоеви на општеството и најмногу се грижеле за државната организација, и Фарисеи кои го ставале народот над државата. Во тоа време Евреите биле под римска власт. Со промената на неколку владетели во Рим, состојбата на Евреите станувала сè потешка, па во 66-та година Евреите го кренале првото востание. Востанието било задушено, но во 70-та година почнале нови немири и после неколкумесечната опсада на Ерусалим, градот бил освоен од страна на римјаните,а храмот бил повторно срушен. Од вториот храм е сочуван само еден ѕид, а тоа е ѕидот на плачот пред кој Евреите се молат и денес.

Разурнувањето на храмот било пресудно за иднината на јудаизмот. Со уривањето на храмот се намалила моќта и на високото свештенство и на синодот (синедрион). Ерусалим како центар на поклонението веќе не можел да биде сила на обединувањето на Евреите. После второто разорување на храмот Евреите се раселиле во разни делови од светот и формирале големи заедници најпрво во Европа, а подоцна и во Америка. Уште во првиот век во Европа постоеле заедници на Евреи и синагоги за молитва.Најголем дел од Евреите се населиле во Франција и Шпанија, а подоцна и во Германија и Полска. Еврејските заедници, иако ги задржале своите карактеристики, неминовно потпаднале под влијание на културата на градот или државата во која се наоѓале. Во средниот век еврејските заедници се обидувале да ја сочуваат својата традиција, но и да се прилагодат на новите услови на живот. Оваа тенденција може да се забележи во еврејскиот јазик и книжевност.

Еврејските заедници во Шпанија-Сефардија создале шпанско–еврејска варијанта на јазик познат под името ладино, а во другите земји во Европа како што се Германија и Полска, еврејските заедници – Ашкенази го создале јидиш јазикот кој претставува комбинација на германскиот и еврејскиот јазик. Одржувањето на својот

сопствен јазик им помогнало на Евреите да ја спречат потполната асимилација и да ја сочуваа својата религија и традиција.

Евреите во дијаспората живееле во еден кварт во којшто била синагогата бидејќи целиот нивен живот вил врзан за овој религиски објект. Синагогата не била само место за молитва, туку и училиште, судница и место каде се собирала заедницата за да се договори за важни прашања.

Најновиот период на Јудаизмот започнува со создавањето на Израелската држава во 1948 година, а главната карактеристика на овој период е зголемување на бројот на еврејските секти и правци кои се разликуваат помеѓу себе и кои во поголема или помала мера се оддалечуваат од традиционалниот јудаизам. Создавањето на новата држава и преселувањето во неа на голем број на Евреи од целиот свет, наметнало низа на прашања поврзани со еврејството: Кои луѓе можат да се наречат Евреи? Дали Евреите се раса, нација, религија или секта? Спорот по овие прашања сѐ повеќе се зголемил, па Владата на Израел назначила специјална комисија чија задача била да го објасни концептот Еврејство врз база на некои карактеристики, кои не можат да бидат наведени за кој било друг народ. Специјалната комисија ги донела следните заклучоци:

Првата карактеристика е дека еврејскиот народ произлегува од едно семејство и негов прататко е Авраам.

Втората карактеристика е дека според јудаизмот, еврејскиот народ има натприродно потекло. Во јудаистичките свети списи се зборува дека Бог му ја поставува задачата на еврејскиот народ да биде сведок на Неговиот морален закон на земјата, па затоа е и наречен „избран народ".

Третата карактеристика е дека еврејскиот народ се појавува пред да добие своја земја.  Законот станал основа на образувањето и постоењето на нацијата добиен преку Мојсеј во пустината. На таков начин Евреите се преставени како луѓе кои се одвоиле како посебен народ не поради единството на местото (заедничка територија) туку поради единството на времето. Тие се формирале како нација во некое определено време долг период пред да можат да стигнат во „Ветената земја". На тој начин светата земја била местото од каде што тие тргнале и местото каде што тие биле должни да се вратат.

Четвртата карактеристика е дека сродството кај Евреите не е засновано по крв, туку по вера. Секоја маж или жена кои ќе го прифатат Богот на Авраам и кои ќе живеат според Законот на Мојсеј, можат да станат членови на древното братство. Поради тоа Евреите никогаш не воделе специјални походи во обид да конвертираат во својата религија луѓе кои имале поинакви верувања.

Петата карактеристика на еврејството е дека секој човек и оние кои не припаѓаат на нивната религија можат да се спасат и да постигнат вечно блаженство. Во согласност со учењето на јудаизмот, праведното однесување е единствениот пат кон вечното спасение, а тој пат е отворен и за Евреи и за другите народи. Спасението е можно само доколку се следат *Седумте општи морални принципи:*

1) Обожавање на Бог;
2) Осудување на лагата;
3) Осудување на убиството;
4) Осудување на прељубата и развратот;
5) осудување на насилното однесување кон животните;
6) Осудување на богохулството;
7) Праведност и еднаквост на човекот пред законот[45]

Следењето на овие општи морални принципи е патот на спасението во сите светски религиски системи.

---

[45]*Ивайло Костов, Световни религии, Аскони – Издат, София, 2000*

### *Свети списи во јудаизмот*

Откако јудаизмот станал значајна религиска сила во светот, неговите свети списи станале особено важни за еврејскиот живот и култура. Проучувањето на светите списи го направиле јудаизмот пренослива традиција. Оддалечени од храмот, Евреите кои биле раселени (или прогонети), можеле да го слават Бог каде било, а проучувањето на светите текстови можело да се извршува насекаде.

Еврејската света книга (Танак) се состои од три основни дела: Закон (на еврејски Тора), Пророци (на еврејски Невиим) и Писанија (на еврејски Кетувим). Најзначаен дел од Танак е Тората, односно Мојсеовото петокнижие кое ја претскажува иднината на Израел и историската мисија на „избраниот народ", а останатите книги го покажуваат исполнувањето на ова претскажување. На тој начин еврејската света литература го изложува Божјиот морален закон и сите нешта кои се предадени во Танак служат за таа цел.

Според еврејската традиција Петте книги на Мојсеј биле дадени на израелскиот народ уште на Синајската гора, но и до денес тие претставуваат основен закон, основно правило кое го детерминира секое општествено и религиско однесување.

Освен десетте божји заповеди, според преданието Бог му открил на Мојсеј 613 заповеди. Тие како мицвоти се запишани во Петокнижието и ги регулира односите во општеството во три насоки:

- односите помеѓу Бог и човекот;
- односите помеѓу општеството и човекот;
- односите помеѓу човек и човек;

Овие заповеди даваат правила на однесување кои можат да се поделат на пет групи: молитви и благослови; закони поврзани со почитувањето на еврејските празници (определени денови, недели, месеци и години); правила за одобрена и забранета храна; закони поврзани со бракот и односот помеѓу мажот и жената и правила за општествениот живот.

Мојсеј претставува еден од најголемите реформатори во човековата историја, тој ги поставува темелите на монотеистичка религија, нешто што било апсолутно непознато за античкиот свет. Тората – Законот, претставува најдемократски пишуван закон во тоа време бидејќи неговата основа е еднаквост пред Законот на сите. Тората ја одвојува државата од религиската институција. Според Законот интересите на индивидуата не се потчинуваат на интересите на државата. Индивидуата е слободна во однос на своето однесување, но во рамките на Законот. Доколку индивидуата не се однесува во согласност со Тората ќе биде отфрлен од општеството, а не од државата.[46] Оној којшто сака да се врати во заедницата треба искрено да се покае и да ги признае принципите на Законот.

Потребата за писмено толкување на Танак се појавува за прв пат по уништувањето на Старото јудејско царство од страна на Набукодоносор II во 586 година пр.н.е. Тогаш јудејските рабини особено внимание посветиле на толкувањето на Законите. Нивната цел била да извлечат правилни норми на однесување кои ќе бидат особено значајни за новоформираната јудејска држава.

Во тоа време се појавиле голем број на пишувани списи со толкување и коментари на Законите кои се познати под општото име Мидраши (појаснувања, толкувања). Во текот на вториот и третиот век сите мидраши се обединети во еден Зборник кој е наречен Мишна.[47] Во Мишна сите толкувања на Законите се поделени според темата која ја обработуваат и можат да се поделат на следните групи:

- Закони за зачувување на Сабатот, празниците и постите;

---

[46] *Андрей Меламед, Иудаизмът, во „История на религиите, ИК Гутенберг, София, 1999*

[47] Мишна на еврејски значи повторување, а се однесува на идејата за повторување на Тората.

- Закони поврзани со бракот и разводот;
- Закони поврзани со земјоделството;
- Граѓански закони;
- Закони за богослужбата и принесувањето на жртва и
- Правила поврзани со извршувањето на ритуалите.

Во периодот од 3 до 5 век еврејските мудреци (рабините) кои припаѓале на две различни школи Палестинска и Вавилонска ја проучувале темелно Мишната и дискутирале за секоја строфа поединечно. Ваквите коментари, исто така, биле запишувани и на тој начин постепено се образувал нов зборник кој бил доста пообемен од Мишната и кој бил наречен Гемара.[48] Како резултат на дејноста на овие рабински школи Мишна и Гемара биле соединети во еден Зборник, кој бил наречен Талмуд.[49] На тој начин настанале Ерусалимскиот (Палестински) Талмуд и Вавилонскиот Талмуд.

Во Палестинскиот Талмуд биле собрани сите дискусии водени во тоа време во Палестина од рабините кои давале различни толкувања на Мишна и на сите воспоставени Закони. Во него недостасуваат толкување на некои од Законите и поради тоа тој е пократок од Вавилонскиот.

Вавилонскиот Талмуд е седумпати пообемен од Палестинскиот и во него деловите од Мишна кои во Палестинскиот Талмуд останале без коментари се разработени во најситни детали. Во него се наведуваат мислења на околу 1000 рабини од повеќе од 17 генерации од 200 до 650 година. Затоа Вавилонскиот Талмуд станува основно правило, основен закон за секој Евреин.

### *Верувања*

Првата книга на Мојсеј започнува со приказната за настанување на светот и на сè видливо и невидливо од страна на Бог. Создавањето на првите луѓе Адам и Ева и првобитниот грев, односно прекршувањето на една од забраните на Бог да пробаат од дрвото на познание на доброто и злото што всушност и претставува главната причина за нивното исфрлање од Рајот. Бог ги создал првите луѓе според својот лик, па затоа сите мажи и жени се негови браќа и сестри. Таквото верување во еден Господ во еврејската вера подразбира дека постои едно човештво и еден свет. За еврејскиот народ Бог се смета за возвишен творец на вселената. Господ е над овој свет и надвор од него. За разлика од она што го создал, Господ не е создаден и не зависи од ништо во поглед на сопственото постоење, тој е присутен секогаш и насекаде.

Покрај неговата возвишеност и вечност, еврејските свети списи го прикажуваат Бог како почеток и крај. Тоа учење го разработиле рабините. Според Талмудот постои непремостлив јаз помеѓу Бог и луѓето.

За верувањето во Божјата вечност е врзано верувањето дека тој е семоќен и сезнаен. Главната карактеристика на јудаизмот е верувањето во Божјата семоќ. Следејќи го библискиот став, рабините потврдуваат дека Божјото знаење не е ограничено со простор и време. Од него всушност ништо не е скриено. Но, рабините објавиле и дека Божјото знаење не ги лишува човечките битија од слободната волја. Така во Мишна пишува: сè е предвидено, но се дава слободата на избор. Во Псалмите на Давид[50] се вели: „Од престолот на кој седи, ги гледа сите што живеат на земјата", „Тој ги создал сите нивни срца, Тој ги знае сите нивни дела". Таква претстава е развиена и во рабинската литература. Бог се покажува како судија на светот кој ја одредува судбината на поединецот и на народите врз основа на нивните дела. Во

[48] Преведено од еврејски значи: завршување, разјаснување на Мишна
[49] Преведено од еврејски значи: учам, проучувам, толкувам
[50] Псалмите на Давид, 33: 13 - 15

врска со тоа Евреите тврдат дека Бог ги избрал Евреите како посебен народ. Со овој избор Евреите добиле света задача да му ја пренесат на човештвото Божјата вистина. За да можат да ја извршат таа своја задача, Бог на Мојсеј, на Синајската гора му ја открил и усната и пишуваната Тора. Во рабинската литература се нагласува разликата помеѓу откровението во Петокнижието (првите пет книги од Библијата) и пророчките списи. Тоа често се изразува во јудаизмот: Торафа ја предал директно Бог, додека пророчките книги се дадени преку пророштва. Преостанатите книги во Танах се пренесени преку Светиот Дух, а не преку пророштва. Сите овие закони, заедно со проширените рабински извори, како што се Мишна и Талмуд се задолжителни за сите Евреи засекогаш.

Секое отстапување од заповедите, рабините го толкувале како отстапување од Божјиот збор. Во јудаизам се истакнува дека постојат две склоности кај секој човек: добра склоност и зла склоност. Првата ги поттикнува луѓето да го прават она што е исправно, а втората ги поттикнува на грешни дела. Во секој момент човекот треба да внимава да не го нападне злата склоност.

Есхатологијата е учење за „последните нешта", како што се крајот на светот, задгробниот живот, рајот и пеколот. Традиционалниот јудаизам тврди дека на крајот на светот Бог ќе испрати Месија да го искупи својот народ и да го воведе во месијанското време. Во Светото писмо Месијата се претставува на разни начини. Во Мидрашите и во Талмудот е формулирана разработена есхатолошка шема која е поделена на шест различни фази. Прво ќе дојде времето на месијанското избавување. Според Вавилонскиот Талмуд, месијанското време ќе се случи на земјата по еден период на несреќи и ќе резултира со целосно исполнување на човековите желби. На земјата ќе завладее мир, Ерусалим ќе биде обновен, а на крајот на таа ера мртвите ќе воскреснат и ќе се спојат со своите души, па врз човештвото ќе падне Страшниот суд. Оние коишто ќе бидат оценети како праведни, ќе влезат во рајот, додека оние што извршиле голем број на лоши дела ќе бидат осудени на вечна казна во пеколот.

Евреите веруваат дека секој човек има душа која претставува божествен дел во него. Секој човек се раѓа чист и безгрешен, а душата припаѓа на својот сопственик Бог кој ја дарува на секој човек. После смртта телото се враќа во земјата бидејќи е направено од земја, а душата се враќа кон својот сопственик, односно Бог. Ако во текот на животот човекот воспоставил хармонија помеѓу душата и телото и живеел достоинствено почитувајќи ги правилата и во однос на Бог и во однос на другите луѓе, неговата душа се враќа директно кај Бог, односно во рајот, местото во кое на почетокот престојувале Адам и Ева. Оние, пак, кои не ги исполнуваат обврските ни кон Бог ни кон другите луѓе завршуваат во пеколот.

Тоа е главната причина која ги поттикнува верниците да живеат според Божјите закони и да внимаваат на меѓучовечките односи. Вербата воживот на другиот свет, наградата и казната ги мотивира луѓето да бидат добри и да ги исполнуваат обврските кои ги имаат, а една од таквите обврски е негување на заедницата и заедништвото.

### ***Семејство и општество***

Во Тората и во рабинската традиција точно е пропишано на кој начин се извршуваат религиозните обреди и точно во кое време. Голем број од правилата се однесуваат на дозволените и забранетите видови на храна. Храната која е во согласност со еврејските прописи за исхраната се нарекува кошер. Во третата книга Мојсеова (Левит)[51]се дадени јасни правила за чистите и нечистите животни во исхраната, при што е забранетo јадењето на свинско месо и на морски плодови. Меѓу

---

[51] Левит, 11: 1-47

дозволените (чисти) видови на месо се јагнешкото, јунешкото, пилешкото и рибите кои имаат перки и крлушки. Животните мора да ги коле обучен и осветен човек, кој постапува според пропишаните правила, благодарение на кои крвта брзо истекува од телото, па животното претрпува помала болка. Откако животното прописно ќе се заколе, месото мора да се потопи во ладна вода и да се посоли за да се отстранат сите остатоци од крв.

Месо и млечни производи не смеат да се служат во ист оброк. Ако се јаде месо, тогаш не смее да има путер на лебот, ниту млеко во кафето. За да се избегне секоја можност за мешање на месото со млекото, еврејската домаќинка користи еден од овие два типа на јадење, или оброк со месо и месни производи или оброк со млеко и млечни производи. За двата типа на оброци се користат и различни чинии. Во кошер хотелите постојат две одвоени кујни.

Евреите многу се разликуваат во однос на почитувањата на овие правила за исхрана. Во реформираните еврејски заедници, верниците главно не се придржуваат кон строгите прописи на кошер исхраната, додека некои од нив делумно се придржуваат и не јадат свинско месо и морски плодови. Ортодоксните евреи пак се придржуваат кон сите правила, при што секој оброк е проследен со молитва, а семејната маса станува олтар. Пред секој оброк се чита традиционалниот благослов.

Еврејската традиција има голем број на обреди кои се врзани за семејството, а во некои од нив големо внимание им се посветува на децата. Во еврејското семејство децата се дочекуваат со голема радост, посебно ако е син и посебно ако е прво дете.

Обредот на обрежување кој се врши на осмиот ден по раѓањето на машкото дете е главен симбол на континуитетот на еврејската заедница. Во јудаизмот обрежувањето е директно поврзано со сојузот кој го склопил Аврам со Бог. Преку обредот на обрежување секој маж го потврдува својот идентитет. Овој религиозен обред го изведува стручњак за обрежување (мохел) кој е именуван од страна на рабинот и од здравствените институции. После молитвата, присутните испиваат чаша вино и продолжува семејната прослава. Во текот на обрежувањето на момчето му се дава името, додека пак девојчињата своето име го добиваат во синагога, првиот Шабат (Сабат) по раѓањето.

Иакојудаизмот како религија се наследува по мајка, еврејската заедница е организирана како заедница на мажи. Еврејското момче кога ќе наполни 13 години, со посебен религиски ритуал бар мицва (син на Божјата заповед), се стекнува со верско полнолетство, односно позиција на возрасен член на заедницата со право да учествува во обредите и обврска да ги извршува Божјите заповеди.[52]Религиското полнолетство кај девојчињата, бат мицва (ќерка на Божјата заповед) со наполнети 12 години почнало да се организира од 19 век наваму.

Воведувањето на момчињата и девојчињата во верскиот живот се одвива во рамките на семејството, каде што децата уште од третата година ги учат буквите од хебрејскиот јазик за веќе од петтата година да можат да ја читаат Тората.

Секој верник, припадник на јудаистичката религија треба да се моли трипати во текот на денот: наутро, попладне и навечер. Овој ритуал се изведува или во домашни услови или во локалната синагога. Верниците за време на молитвата треба да ја покријат главата со капа (кипа) и да носат молитвен шал (талит) кој има реси на четирите агли во знак на покорување на заповедите кои се објаснети во Тората.

Откако ќе заврши со молитвата во синагогата, верникот може да продолжи да

---

[52] На сабат по роденденот, момчето првпат чита од свитоците на Тората во текот на богослужбата во синагогата. По завршувањето на оваа богослужба, обично се организира забава за семејството и за пријателите. Од тој момент тој се смета за одговорна личност. Од него се очекува да ги исполнува обврските како евреин и може да се смета за еден од десетте мажи кои го формираат кворумот (мињан) кој е потребен за одржување на јавна молитва во синагогата.

ја носи капата со што укажува на почитта кон Бог и покорување на неговите заповеди. На влезната врата од синагогата е поставена мезуза, која претставува уште едно потсетување на верникот за неговите религиозни обврски кон Бог. Мезузата се состои од мал свиток пергамент на кој рачно се испишани на хебрејски јазик два пасуса од петата книга на Мојсеј кои во превод значат: „Слушни Израеле, Господ е наш Бог, Господ е еден единствен" и „Придржувајте се до моите закони". Оваа порака во основа означува потврдување за единственоста на Бог, љубов кон него и верност кон неговите заповеди. Свитокот се става во дрвена или метална кутија и се закачува на десната страна на вратата. Мезуза се става и на рамката од влезната врата на еврејската куќа, а обичај е на влегување или излегување од куќата да се допре мезузата со прстите и да се бакнат прстите.

Во јудаизмот бракот се смета за свет завет помеѓу невестата и младоженецот. Пред церемонијата невестата потпишува документ за венчавањето (кетуба) во кој му се заветува на младоженецот. Во текот на церемонијата на венчавање двојката стои под балдахин на четири столба, кој ја претставува идната куќа. Церемонијата завршува, така што младоженецот крши чаша стапнувајќи на неа со ногата. Одредени автори сметаат дека овој обичај претставува потсетување на рушењето на ерусалимскиот храм, што како тема секогаш се јавува во еврејските молитви.

Во случај на криза на бракот, локалната заедница се обидува на сите начини да ги смири брачните другари. Доколку не е можно помирување и продолжување на брачната заедница еврејскиот верски суд дава потврда која треба да биде потпишана од два сведока дека е дозволен развод и дека жената се ослободува од сите брачни обврски.Но, во повеќе земји денес практика е прво да се добие граѓански развод, а потоа да се издаде потврда од верскиот суд со што религискиот брак се поништува.

Евреите смртта ја доживуваат како премин од материјална во духовна состојба и како враќање кај Бог. Кога некоја личност ќе почине, обичај е да се отворат сите прозорци бидејќи се верува дека душата заминува. Телото се положува на под, а присутните кинат дел од облеката изговарајќи: „Благословен праведен судија", што претставува знак на помирување со божјата одлука. Обичај е покрај главата на покојникот да гори свеќа. Погребот треба да се изврши што е можно побрзо ако е можно во рок од 24 часа од смртта, но не е дозволено тоа да се прави на Шабат или во текот на првиот ден од повеќедневните празници. Пред погребот телото се бања и се завиткува во бело платно.

Ортодоксните Евреи го погребуваат телото без ковчег, а реформираните со ковчег. Во ортодоксните заедници на погребот присуствуваат само мажи, а во реформираните еврејски заедници присуствуваат и мажи и жени.По погребот, блиските роднини се повлекуваат дома на еднонеделна жалост и обично времето го поминуваат во молитва и споделување на спомени за умрената личност.

### ***Празници и славење***

Шабат, Сабат или сабота се смета за еден од најважните еврејски празници. Тој е ден за одмор, семеен празник и празник на целата заедница. Овој ден е поврзан со создавањето на светот, бидејќи Бог го создал светот за шест дена, а на седмиот седнал да се одмори.[53] Шабатот започнува во петок, 18 минути пред заоѓање на сонцето и завршува во сабота, 42 минути по заоѓањето на сонцето бидејќи во еврејската традиција денот се смета од заоѓањето на сонцето до следното негово заоѓање.Шабат исто така е поврзан и со спасувањето на еврејскиот народ од египетско ропство и одиграл значајна улога во зачувувањето на јудаизмот. Пред Шабат должност на секој Евреин е да се избања и облече чиста облека, но и куќата

---

[53] Прва книга Мојсеова, Битие, 2: 1-3

треба да биде чиста за тој ден. Почетокот на Шабат, на зајдисонце во петок, се обележува со палење и благословување на сабатните свеќи, што е обврска на жената бидејќи според рабинското толкувањежените се центар на семејниот живот, а сабатните свеќи го симболизираа мирот во куќата. Потоа се оди во синагогата на молитва (во ортодоксните заедници, одат само мажите, а во реформираните и жените), а по враќањето сите седнуваат на заедничка вечера. На Шабат ништо не се работи, а ортодоксниот Евреин мора да се занимава со работа која ќе му овозможи да се врати дома во петок пред зајдисонце. Тоа најчесто значи дека самите се газди или работат во еврејска компанија, или пак наместо во петок и сабота, работат во другите работни денови навечер или во недела. Ортодоксните Евреи живеат во близина на синагогата за да не мора да користат автомобил или јавен превоз на Шабат. Кај Ортодоксните Евреи на Шабат строго е забрането да се гради, готви, пере, шие, пишува, да се вози автомобил или пак да се возат во какво било сообраќајно средство и воопшто да се врши каква било работа која луѓето ја вршат во текот на целата седмица. Тоа е ден кога семејството треба да биде заедно, а времето треба да се посвети на сеќавањето на Бог.[54] Сè што е потребно за тој ден се подготвува претходно, вклучувајќи ја и храната која ќе се јаде тој ден, така што целото време се посветува на молитва и разговор, што е особено важно денес кога повеќето семејства немаат време за себе и не можат да се соберат сите заедно во текот на седмицата.

Шабат може да се прекрши само за спасување на човечки живот, но за непочитувањето на овој празник следуваат строги казни. Строгото почитување на Шабат се практикува само во ортодоксната ориентација, додека реформираните ориентации воведуваат одредени измени и ја прилагодуваа религијата за денешните потреби и начинот на живот. Така верниците од реформираните заедници одат со автомобил до синагогите и подготвуваат храна како и секој друг ден, но сепак се одмараат од секојдневната работа.

Рош Хашана е празник со кој се слави доаѓањето на Нова година. Еврејската Нова година се смета од создавањето на светот,а Рош Хашана според Тората го симболизира Божјото создавање на светот и потсетува на Божјиот суд. Овој празник се слави на првиот и вториот ден од месецот тишри, а според Грегоријанскиот календар се паѓа во есен, од почетокот на септември до крајот на октомври. За разлика од другите народи кои Новата година ја пречекуваат со разни весели прослави со музика и радост кај Евреите овој празник се слави сериозно, со присетување на гревовите и покајание. Секој Евреин се присетува што лошо направил во претходната година и дали постои начин тоа да го поправи за да биде подобар во Новата година. Следните десет дена до Јом Кипур се нарекуваат „страшни денови" бидејќи според еврејското верување човековата заедница излегува пред „небесниот суд". Од најстариот период на историјата на јудаизмот овие денови се поврзани со религиските чувства и најдлабоко внатрешно испитување на верниците во врска со нивното однесување спрема Бог и спрема луѓето. Еврејските верници сакаат во Новата година да влезат исчистени од гревовите, па затоа обичај е на првиот ден од празникот да одат до реката или морето и гревовите симболично да ги фрлат во водата.

Рош Хашана не е домашен празник, па затоа целата церемонија се одвива во синагогите. Утринската служба почнува рано наутро и трае до пладне. Молитвите се насочени кон Бог како творец, цар и судија, кон Бог кој ќе покаже милост кон оние кои

---

[54] Во Втората книга Мојсеова, Излез, 20: 8-10 е запишано: „Сеќавај се на денот за одмор и нека ти биде свет. Шест дена работи и извршувај ја сета своја работа. А седмиот ден е ден за одмор посветен на Јехова, Твојот Бог. Немој да работиш никаква работа ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот роб, ни твојата робинка, ни твојата стока, ни дојденецот што живее со тебе во твојот град".

искрено ќе се покаат. Верниците се молат во занес кој достигнува кулминација во обредот со дувањето во шофар (рог од овен).Звукот на шофарот кој наликува на плач претставува буквален повик за покајание. После ручекот верниците се враќаат во синагогата каде се одржува попладневна богослужба со читање на псалми. Вечерната молитва, исто така, се состои од читање на псалми. Овие богослужби се повторуваат и следниот ден.

Јом Кипур е ден на покајување, помирување и опростување, а се прославува на десеттиот ден од Рош Хашана. Целиот ден се поминува во молитва за проштевање и за бериќет во новата година. Ова е празник за прошка на гревовите. Во текот на десетте дена од еврејската Нова година до почетокот на Јом Кипур, секој којшто погрешил треба да отиде кај човекот на кој му нанел неправда и од него да побара прошка. Грешникот не може да побара некое општо опростување од Бога, туку прошката треба да ја добие директно од оној на кој му е нанесен гревот. Деновите од еврејската Нова година до Јом Кипур се нарекуваат „страшни денови" во кои времето треба да се поминува во молитви и да се прават добри дела. Прославувањето на Јом Кипур не може да почне додека не се соберат десет машки глави, постари од 13 години. Тој се прославува 25 часа во текот на кои верниците не смеат ниту да јадат ниту да пијат. Церемонијата започнува непосредно пред зајдисонце, кога Евреите палат свеќи во своите домови, по што заминуваат во синагогата каде што започнува вечерната молитва. При тоа луѓето се облечени во бело како симбол на чистота и несмеат да носат кожна облека или обувки. На тој ден не се работи, исто како и на Шабат. Тогаш има уште пет забрани односно облици на самодисциплина, Евреите мораат да се воздржат од јадење и од пиење, од мачкање со масла, од полови односи, од бањање и од носењекожни обувки. Јом Кипур е празник во сеќавање на денот кога Мојсеј се вратил со вторите плочи од Синај, и им кажал на Евреите дека Бог им простил.[55]Првиот ден на Јом Кипур е официјален празник и неработен ден за припадниците на еврејската заедница во Република Северна Македонија.

Песах или Пасха е празник кој Евреите го слават во пролет и се однесува на ослободувањето на еврејскиот народ од египетско ропство. На тој ден ништо не се работи, а дозволено е само готвење на храна. За пасхалната вечера се јаде леб без квасец (мацот),што служи како потсетувањена времето при излезот од Египет кога домаќинките немале време да подготват леб со квасец. Средиштето на прославата на Пасха е првата вечер, со одржување на седер. Покрај богатата трпеза Евреите ја раскажуваат приказната за тоа како нивните предци го напуштиле Египет после повеќевековно ропство. За време на Пасха се подготвува свечена вечера на која се прераскажуваат моменти од последната вечер пред бегството. Самото собирање околу празничната вечера се нарекува седер, што значи ред. На масата се ставаат најубавите садови и прибор, се ставаат свеќи и три парчиња обреден бесквасен леб. Затоа овој обред во Библијата се нарекува и бесквасници.Евреите ја оживуваат приказната и размислуваат за тоа како да се биде роб во Египет. Во текот на пасхалната вечера често се расправа за прашањата поврзани со маргинализација на Евреите во светот и можностите за подобрување на нивната позиција во современиот свет. Пасха треба да ги потсетува луѓето дека Бог е на страната на поробените и дека ги слуша нивните искрени молитви. На Пасха се читаат одредени делови од Тората.

Според рабините, бесквасниот леб ја означува суштината на човекот, додека квасецот му дава лажна големина која не значи ништо. Лебот со квасец е како вообразен човек кој се расфрла со лажни доблести, а бесквасниот леб е како човек кој е покорен пред Бог.

[55] Петта книга Мојсеова, Второзаконие, 5: 7-21

## ХРИСТИЈАНСТВО

Христијанството како религиски систем се надградува над јудаизмот во времето на Римската Империја и владеењето на императорите Октавијан Август (од 27 година пр.н.е. до 14 година) и Тибериј (од 14 година до 37 година).

Оваа религија е заснована на верувањето во Исус Христос, како Божји син, а речиси сѐ што знаеме за него, за неговиот живот и неговата дејност потекнува од четирите евангелија од Новиот завет. Евангелието според Матеј започнува со зборовите: „Ова е книга на животот на Исус Христос, синот Давидов и синот Аврамов". Во евангелието според Лука, Исус Христос е роден за време на владеењето на јудејскиот цар Ирод Велики[56], за кој историчарите истакнуваат дека умрел во четвртата година од нашата ера. Исус Христос е основач и централен лик на христијанството и претставува директен наследник од лозата на кралот Давид.[57]Овој факт е многу важен бидејќи Евреите веруваат дека Месијата кој ќе дојде ќе биде директен потомок на Давид. Бог ја одбрал девицата Марија да стане мајка на Исус Христос, Месијата којшто бил ветен уште во Стариот завет.Исус Христос поголемиот дел од својот живот го поминал во Назарет, па затоа се нарекува и Исус од Назарет. Главен акцент во евангелието според Лука[58]и Матеј[59]е даден на неговото натприродно зачнување, со помош на Светиот дух. Бог го пратил Архангел Гаврил во галилејскиот град Назарет, каде што живеел верениот пар Марија и Јосиф. Марија дознава од Архангелот дека над неа ќе се спушти Светиот дух и дека таа ќе роди Божји син на кој треба да му го даде името Исус. Според преданието, раѓањето на Исус требало да се случи во Витлеем, градот на Давид. Кога Марија била при крајот на бременоста, римскиот император Октавијан Август издал наредба да се попише целото население. Според таа заповед, секој требало да отиде во својот роден град и таму да се запише. Затоа Јосиф и Марија тргналеод Назарет, град кој се наоѓал во областаГалилеја кон Витлеем, во Јудеја. Бидејќи градот поради пописот бил преполн со луѓе и не можеле да пронајдат место за да пренокат тие биле принудени да се засолнат во една пештера надвор од градот. Таму Марија го раѓа својот син, го повива и го положува во јаслите. Настанот веднаш бил разгласен од Божјите ангели кои ги известиле овчарите во близина дека се родил Месијата, Спасителот.[60]

По раѓањето на Исус, според евангелистот Матеј[61] над небото на Витлеем се појавила многу сјајна ѕвезда, а мудреците од Исток кои биле астролози веднаш сфатиле дека се исполнило древното пророштво за раѓањето на „Големиот Цар". Водени од ѕвездата тие стигнале во Витлеем и му се поклониле на новородениот крал на Евреите,Исус.Царот Ирод кој во тоа време владеел со Ерусалим и кој од мудреците ја добил веста за раѓањето на новиот крал на Евреите, дал наредба да се убијат сите деца до две години во Витлеем. Јосиф предвреме бил предупреден од ангелот божји за намерата на Ирод, и според небеските упатства привремено заминува со семејството во Египет. Подоцна кога Ирод умрел, повторно се враќаат во Назарет (Галилеја).

За Исусовата младост во евангелијата практично не се спомнува ништо сѐ до

[56] Евангелие според Лука 1: 5
[57] Во Евангелијата според Лука и Матеј се истакнува дека Јосиф (вереникот на Марија) потекнува од лозата на Давид, но во „Житијата на светите" се вели дека Марија била ќерка на големите верници Јоаким и Ана кои припаѓаат на лозата на Давид.
[58] Евангелие според Лука 1: 26-38
[59] Евангелието според Матеј, 1: 18-25
[60] Евангелие според Лука 2:8-20
[61] Евангелие според Матеј 2: 1-21

неговата 30 година.Најверојатно добил солидно образование во локалната синагога и го учел занаетот на Јосиф.Исклучок прави само евангелистот Лука, кој раскажува за настан кој се случил кога Исус имал 12 години.За време на празникот Пасха, Јосиф и Марија го повеле и малиот Исус на поклонение во Ерусалим. По завршувањето на ритуалот сите верници од Назарет тргнале да се вратат дома. По патот Марија и Јосиф забележале дека Исус не е со нив. Се вратиле во Ерусалим и по долго барање го нашле во храмот како разговара со рабините за религиозни прашања.[62]

Настанот кој го ставил Исус во центарот на вниманието било неговото крштевање во реката Јордан од страна на Јован Крстител. Уште во раната младост Јован се повлекол во пустината каде што водел испоснички живот. Јован Крстител е познат и под името Јован Претеча бидејќи крајната цел на неговата мисија била да го подготви патот на Исус Христос. Бог му се обратил на Јован во пустината и тој тргнал кон реката Јордан повикувајќиго целиот народ да дојде и да се крсти во реката Јордан како знак на покајание, а во врска со претстојниот Божји суд. Кога луѓето од Ерусалим дошле и се покрстиле во реката Јордан и ги исповедале своите гревови го прашале: Што треба да правиме? Тој меѓу другото ги советувал: Кој има две наметки нека ги подели со оној којшто нема, а истото се однесува со храната.[63]За време на церемонијата на Христово крштевање во реката Јордан од страна на Јован Крстител, небото се разделило и Светиот дух во вид на гулаб слетал над него,а од небото одекнал еден силен глас: Ти си мојот сакан син! Ти си по мојата волја![64] Со тоа Бог потврдил дека Исус е негов син, но тоа е и моментот којшто стои во основата на Христијанството и кој го определува христијанското учење за Светата Троица: Бог отец, Бог син и Бог светиот дух. Суштината за концептот на Света Троица е дека Бог е еден, но тој има три ипостаси[65] преку кои се појавува, како во духовниот, така и во материјалниот свет.

По крштевањето Исус оди во пустината (истата онаа од која дошол Јован Крстител) и таму постел 40 дена и ноќи каде бил постојано искушуван од Сатаната, но Исус не подлегнал на искушенијата.

Кога Јован бил затворен поради своето дејствување, Исус се вратил во Галилеја каде што продолжил со проповед. Како и еврејските рабини и Исус собирал околу себе голем број на ученици,во синагогите ги изложувал текстовите на светите списи и учествувал во теолошките расправи во врска со важењето на Законите**.**

Во најкратки црти, Евангелијата ја опишуваат Исусовата дејност како проповеди, подучување[66]чуда[67] и исцелување[68]. Тој и неговите следбеници свесно се откажале од постојан дом, постојано се движеле, живееле групно и прифаќале милостина и гостољубивост од народот.

---

[62] Евангелие според Лука, 2: 40-52

[63] Евангелие според Лука, 3: 10-11

[64] Евангелие според Матеј, 3: 13-17; Евангелие според Марко, 1: 9-11; Евангелие според Лука, 3: 1-22;

[65] Ипостас доаѓа од грчки збор што значи лице, личност

[66] Кога се насобрале огромен број на луѓе и го прашале Исус Христос како да се молат, тој ги посоветувал молитвите да не им бидат со многу зборови и тогаш им ја кажал молитвата „Оче наш" (Матеј, 6: 9-13 и Лука, 11: 1-4)

[67] Претворувањето на водата во вино на свадбата во Кана Галилејска (Јован, 2: 1-11); Нахранувањето на 5000 луѓе со две риби и пет леба (Јован, 6: 9-13 и Матеј, 14: 15-20); Скротувањето на бурата на езерото (Матеј 8: 24-26); Исус Христос оди по површината на водата на езерото (Матеј, 14: 23-33); Воскреснувањето на Лазар (Јован, 11: 1-45); Воскреснување на ќерката на настојникот на синагогата Јаир (Марко, 5: 22-42) и Воскресувањето на синот единец на вдовицата од Наин (Лука, 7: 11-16)

[68] Исцелувањето на човек кој бил неподвижен 38 години (Јован, 5: 5-9); Исцелување на синот на еден царски службеник (Јован, 4: 46-54); Исцеление на десетте болни од лепра (Лука, 17: 11-19); Исцеление на ќерката на една жена кој била обземена од демони (Марко, 7: 24-30)

Евангелијата бележат дека излекувал голем број луѓе од разни болести, обично со допир или само со зборови. Исус се споменува и како борец против демоните кои ги прогонувал само со заповед. Повеќето чуда кои се напишани за Исус се поврзани со исцелувањето, но се забележани и неколку случаи во кои покажал дека тој може да управува со природните појави. На пример, тој успеал да нахрани со малку храна голем број луѓе или да ја смири со заповед опасната езерска бура. Подолг период Исус поминувал со своите 12 апостоли, подготвувајќи ги да ја продолжат неговата мисија. Им говорел дека наскоро ќе биде убиен и дека треба да соберат околу себе нови ученици.

Проповедите на Исус Христос биле поразлични од строгите правила на Законот, па некои го обвинувале дека го прекршува Законот на Мојсеј. Но, Исус одговарал дека не дошол да го смени Законот туку да му даде нова смисла. Тој тоа го аргументира со следното: „Слушнавте дека на старите им беше речено: Не убивај! Кој ќе убие ќе одговара пред суд. А јас ви велам: секој кој упорно се гневи на својот брат ќе одговара пред суд...‟[69] „Сте чуле дека било речено: Не врши прељуба! А јас ви велам: секој што гледа во жена со страст веќе извршил прељуба со неа во своето срце‟.[70]„Сте чуле дека било речено: Око за око заб за заб. А јас ви велам: не спротивставувајте му се на оној којшто е злобен. Напротив, ако некој ти удри шлаканица по десниот образ, сврти му го и другиот‟.[71]

Исус Христос не сакал да ги прифати бариерите кои ги делеле луѓето во општеството. Неговата навика да се меша со жигосаните класи дури и да јаде со нив, му донел назив „другар на грешниците и цариниците‟.

Исус ги прифаќал сите луѓе како еднакви на себе, дури и Самарјаните кои биле дискриминирани од Евреите бидејќи имале мешана крв. Искажувал презир кон богатството велејќи дека: „Последниот ќе биде прв, а првиот последен‟. Се судирал со верските власти поради неговото слободно сфаќање на празнувањето на Шабат (Сабат), денот за одмор, и поради објавата дека обредната чистота е помалку важна од чистотата на срцето. Го прочистил храмот со истерување на трговците од него, чие присуство свештениците го поттикнувале. Но и покрај тоа што еврејските свештеници не го сакале тој бил омилен кај народот. Во една пригода народот побарал од Исус да им биде водач во бунтот против Римската власт, но Исус јасно им ставил до знаење дека неговата идеја за спасение не е политичка. Со тоа дел од неговите приврзаници се намалил бидејќи тие сакале да имаат Месија кој ќе ги ослободи од римската власт. На крајот бил предаден од еден од 12 апостоли, но никој не ја сфатил неговата вистинска цел сè додека Исус не умрел.

Непријателството кон Исус од страна на еврејските свештеници своја кулминација доживеало на прославата на Пасха во Ерусалим. Во Ерусалим Исус влегол во жестока теолошка расправасо нив, бил предаден од Јуда, еден од неговите апостоли и му било судено според еврејските закони за богохулење. Била изречена смртна пресуда, но била потребна потврда од римската власт за одлуката да биде правосилна.Таа потврда била издејствувана, така што верските водачи пред римскиот намесник го обвиниле за поттикнување на народот на бунт. Иронијата е во тоа што Исус, која ја изгубил поддршката од поголем дел од народот затоа што одбил да им биде водач во бунтот против Рим, бил погубен токму од Рим како политички бунтовник, односно како крал на Евреите.

Исус Христос бил погубен со распнување на крст како најголемите злосторници. Неговите следбеници од повисок ранг успеале да го симнат телото од крстот и да го погребаат во блискиот гроб. Но, на третиот ден од смртта на крстот Исус Христос

[69] Матеј, 5: 21-22
[70] Матеј, 5: 27-28
[71] Матеј, 5: 38-39

воскреснал. Во недела рано наутро кон гробот се упатиле жените мироносци (Марија Магдалена и Марија, сестрата на воскреснатиот Лазар) за да го намачкаат телото на Исус според обичаите во јудаизмот бидејќи во петок при симнувањето на телото немале време за тоа. Таму откриле дека гробот е празен и дека Исус Христос воскреснал.[72] Уште истиот ден, во квечерината Исус се појавил кајнеговите ученици.Во текот на четириесетте дена после смртта Исус се појавувал многупати пред своите ученици, жив, вистински но неограничен од времето и просторот (можел да се појави и да исчезне ненадејно, дури и во затворена соба) и продолжувал да ги подучува.[73]На четириесеттиот ден после смртта Исус Христос пред очите на своите апостоли се вознел на небото. После овие случувања апостолите почнале да му раскажуваат на светот дека Исус кој ја победил дури и смртта е Господ и Спасител. Така воскресението на Исус станало центар на христијанските проповеди.

### *Христијанската црква*

Историјата на христијанската црква во првите векови од своето постоење се поврзува со жестоките прогони на сите оние кои се осмелувале отворено да ја исповедуваат својата вера. Иако христијанството, како и јудаизмот е монотеистичка религија, односно верувањето дека постои само еден Бог, сепак многу христијани биле казнувани, само поради тоа што го обожавале Исус Христос. На почетокот оваа религија постоела само на територија на денешен Израел и Палестина. Ерусалим за следбениците на Исус Христос останало најважно место бидејќи во тој град Исус ја започнал својата мисија, таму бил распнат и таму воскреснал. Токму затоа во тој град била основана првата христијанска заедница која јасно се оградува од јудаизмот.Оваа заедница со дванаесетте апостоли се сметала за нов Божји народ и го очекувала Христовото второ доаѓање. За време на големото еврејско востание (66-70 година), христијанската заедница се преселила од Ерусалим во Пела, во источен Јордан. Првиот период на христијанската црква од историчарите на религијата е нарекуван период на мачениците и апологетите на верата. Познат е фактот дека повеќето од апостолите на Исус Христос го завршуваат животот со маченичка смрт.[74]

Како религија која брзо се шири христијанството се соочило со голем број прогони организирани од римските цареви почнувајќи од времето на Нерон, па сѐ до почетокот на четвртиот век. Многу верници биле изложени на насилство, некои мачени до смрт, но ваквото угнетување придонесувало до уште побрзо ширење на оваа религија.

Христијанството во римската држава било признаено како рамноправно со веќе постоечките религии во 313 година за време на царот Константин. Со потпишувањето на миланскиот Едикт се ставил крај на прогоните и црквата добила можност слободно да ја изгради својата структура,организирајќи го својот внатрешен живот.Главната цел на црквата било решавање на догматските прашања. Овој период од христијанската историја е обележан со низа на расправи за христијанското учење за Бог. Биле повикани низа на вселенски собори за да се разрешат разликите помеѓу различните струи и да се обезбеди единство на христијанската црква во целото царство. Најзначаен бил четвртиот Вселенски собир одржан во Халкидон во 451 година кога е изнесено конечното толкување на библиското сведоштво за идентитетот на Исус Христос како вистински Бог и вистински човек.

---

[72] Матеј, 28: 1-9; Марко 16: 1-11; Лука, 24: 1-8;

[73] Матеј, 28 :16-20; Марко, 16: 14-18; Лука 24: 13-43; Јован, 20: 26-31

[74] На апостол Павле му била отсечена главата во Рим за време на прогоните на цар Нерон; апостол Петар бил распнат со главата надолу; апостол Андреј исто така бил распнат на крст. За маченииштвата поопширно кај: Михаил Поснов, История на християнската църква, Анибус, София, 1993.

Решавањето на спорот околу личноста на Исус Христос имало значајна улога во понатамошниот развој на христијанската црква и во тој период од неа се одвоиле две големи заедници кои својата егзистенција ја продолжуваат и до денес. Обидите да се реши ова мистериозно прашање за божествената и човечката природа на Исус Христос доведува до одвојување на нови цркви, а нивните учења од веќе постоечката христијанска црква биле прогласени за ерес.

Една од таквите струи било несторијанството. Името го добило по нејзиниот главенпретставник Несториј кој припаѓал на антиохиската богословска школа. Според несторијанците Исус Христос не бил богочовек.Нивната главна теза е дека човековата и божјата природа се одвоени и дека постојат две лица: Исус како човек и Исус како божја реч која живее во човекот. Затоа не е правилно Исус Христос да го нарекуваме Бог туку Богоносец. На тој начин се отфрла базичната христијанската догма за откупувањето на гревовите, без кое станува бесмислена и жртвата која ја дал Исус. Според ова учење несоодветно било и неговата мајка Марија да се нарекува Богородица, туку посоодветен термин е Христородица или човекородица бидејќи не родила Бог, туку човек.Ова предизвикало големи нереди во престолнината на Источното Римско Царство, бидејќи Богородица била заштитничка на Константинопол. Во 431 година на третиот Вселенски собор во Ефес, оваа учење било прогласено за ерес, а на Несториј му била одземена титулата патријарх на Константинопол.

По прогласувањето на ова учење за ерес, приврзаниците на Несториј му остануваат лојални и формиралесвоја несторијанска црква, надвор од границите на царството, пред сè во Персија. Несторијанците се означуваат себеси како источно православна, сириска, асирска или едноставно христијанска црква.[75]

Како реакција на несторијанците се појавиле монофизитите кои упатуваат на божјата природа на Исус Христос.За разлика од учењето на несторијанците кои зборуваат за две природи на Исус, според монофизитите постои само една природа на Исус, а тоа е божја природа. Според ова учење Исус Христос имал две природи пред соединувањето со Бог, а по соединувањето има само една природа. И ова учење како ерес е осудено на четвртиотВселенски собир во 451 година во Халкидон. Во црквите кои го застапуваат монофизитското учење спаѓаат коптската, етиопската и ерменската апостолска црква.[76]

Во Халкидонската дефиниција се изјавува дека Исус Христос е вистински син божји, роден од Отецот пред сите векови. Во неа се потврдува дека Девица Марија е вистинска Богородица. На четвртиот Вселенски собор со точни термини се определува догматската вистина за единството на личноста на Исус Христос и двојството на неговата природа, а во исто време се нагласува и неговата улога на Спасител на човештвото. Според оваа дефиниција Исус Христос е едно лице или ипостас со две природи – човечка и божја. Тој е совршен човек и совршен Бог.

Падот на Западното Римско Царство во 476 година довело до голема

---

[75]Денес има околу 200 000 несторијанци во Ирак, Иран, Сирија, Ерменија, Азербејџан, Турција и иселеници во САД. Најголема несторијанска црква е источно сириската црква која има околу 173 000 членови и чие седиште до 1940 било во Ирак, а потоа е преместено во Чикаго. Литургијата се одвива на сириски јазик.

[76]Терминот монофизит доаѓа од грчкиот збор „моно" – една и „физис" – природа, а се користи за да се означат приврзаниците на христолошкото учење во кое се смета дека во Исус Христос е присутна само една природа, а тоа е божјата природа. Етиопската црква е најбројна со над 17 милиони верници. Тие во својата верзија на православието ја празнуваат сабота, ги обрежуваат децата и се држат до учењето за чиста и нечиста храна. Сето тоа е влијание на еврејската религија. Кај Ерменците причестувањето е како кај римокатолиците, се користи бесквасен леб потопен во чисто (неразредено) вино. Ерменската апостолска црва брои околу 3,5 милиони верници.

нестабилност на црквата на овие територии, а моќта се придвижувала кон Исток. Во Источното Римско Царство, црквата продолжила да напредува со седиште во Константинопол. Христијанството сè повеќе почнало да се дели на источно и западно. Обрасците на мислење и стиловите на владеење почнале сè повеќе да се разликуваат. Но, во тој период улогата на папата, како политичка сила, станува сè поголема. Големите несогласувања внатре во Римското Царство во текот на 5 век создало сè поголем јаз помеѓу источната и западната црква. Продлабочените тензии помеѓу политичките и теолошките прашања довеле до големо цепење (шизма) на христијанската црква во 1054 година. Во тој период влијанието на источната црква било проширено сè до Москва. Процесот на раскол започнал уште во вториот век, а во голема мера е забрзан со поделбата на империјата кон крајот на 4 век на Западно (со центар во Рим) и Источно (со центар во Цариград) Царство. Оттогаш папата и патријархот од Цариград ја започнале борбата за превласт над христијанската црква. Римската црква тргнувала од тоа дека таа е наследничка на апостол Петар, па поради тоа и припаѓа приматот. Источните патријарси сметале дека сите апостоли биле еднакви, па и црковните поглавари мораат да бидат еднакви. Римската црква после шизмата е наречена католичка (од грчки „католикос", што значи сеопшта, вселенска), а цариградската и оние кои ја поддржале (александриската, антиохиската и ерусалимската) е наречена ортодоксна (од грчки „ортос–докео", што значи правоверна).

Во 16 век започнале големи превирања во западната христијанска црква кои обично се споменуваат под името реформација. На почетокот намерата била да се разбуди католичката црква која со текот на времето станала исклучително богата и политички моќна, па многу не се грижела за обичните луѓе. Првите реформи почнуваат да се случуваат во рамките на германската црква. Повод за појава на едно такво движење кое јавно протестира против Римокатоличката црква под водство на Мартин Лутер била наредбата за продажба на индулгенции.[77]Луѓето купувале индулгенции, не само за себе, туку и за своите предци за да си обезбедат место во рајот. Кога по наредба на Лав X (1513-1521 година) во Германија се објавува заедничко собирање на парични средства за обновување на храмот „Свети Петар" во Рим, Мартин Лутер решил да се спротивстави. Според него, но и според многу други познавачи на Библијата таквиот начин на прибирање на финансиски средства било спротивно на евангелијатаи било јасно дека тие средства се наменети за лично богатење на папата и на неговите најблиски соработници. Тоа го предизвикува Лутер во 1517 година јавно да ги објави своите 95 тези со кои ја критикува трговијата со индулгенции. Во 1520 година кога папата Лав X донесува специјална була со која го екскомуницира Мартин Лутер од црквата, Лутер овој документ го нарекол „була на антихристот" и јавно го запалува.После овој инцидент фактички започнува реформацијата. За околу 40 години од почетокот на реформацијата, протестантското учење опфатило поголем дел од Германија, а се проширило и во Северна Европа и Скандинавија. Според лутераните единствено верата го држи човекот во врска со Бог и затоа црквата не треба да има посредничка улога помеѓу човекот и Бог.

Во порадикална насока тргнала реформацијата во Швајцарија под водство на Жан Калвин кој ја напушта Римокатоличката црква во 1533 година. Тезата за спасението преку верата во неговата теолошка мисла ја доживува својата екстремност. Калвин, како отворен непријател на секој црковен ритуал, ја исфрла од храмовите целокупната декорација како што се икони, крстови, престоли и ја забранува музиката.

---

[77] Индулгенција доаѓа од латинскиот збор *indulgentia*, што значи милост. Учењето за индулгенциите се базира на учењето за опростување на гревовите и спасение на човекот. За да му се опростат конкретните, исповедани гревови, според учењето на католичките теолози човекот треба да даде парична донација на црквата.

На тој начин храмовите се преобразуваат во обични домови за молитва. Богослужението било ограничено само на проповед, читање молитви и пеење псалми. По реформите на Жан Калвин кои започнале во Женева, протестантизмот станал посебен облик на христијанството и прераснал во голема закана за Римокатоличката црква.

Незадоволството во Англија кон Римокатоличката црква започнало уште во средината на 14 век, кога била исфрлена тезата дека кралот ја добива власта од Бог, а не од папата што било сфатено како провокација од страна на Римокатоличката црква. Под влијание на реформаторските движења во Европа незадоволството во Англија во почетокот на 16 век доживеало кулминација и се чекало само повод за конкретна реализација на реформаторските идеи. Таков повод се случил со одбивањето на папата да го разведе англискиот крал Хенрих VIII Тјудор од Катерина Арагонска и да му дозволи да склучи нов брак со Ана Боленска. Во 1534 година дошло дослужбеното одвојување на црквата во Англија од Рими како резултат на тоа се создала Англиканската црква. Англискиот парламент го прогласил кралот Хенри VIII Тјудор за највисок верски поглавар и се одрекол од послушноста на авторитетот на папата. Во наредните децении Англиканците во значајна мера ја прифатиле протестантската теологија, а самите Англиканци се доживуваат како „на пола пат‟ помеѓу католицизмот и протестантизмот. На Англиканската црква поглавар е кралот, односно кралицата а духовен водач е надбискупот од Кентенбери со службено седиште во Лондон.

Како резултат на реформацијата, од Римокатоличката црква се одвоиле три конфесии кои произлегле од трите правци на протестантството: лутеранство, калвинизам и англиканство. Подоцна од основата на лутеранството изникнуваат баптизмот и пентекосталците, адвентизмот произлегува од баптизмот, а методистите произлегуваат од основата на англиканството.

### *Свети списи во христијанството*

Света книга во христијанството е Библијата. Се употребува грчкиот збор „библиа‟ што во превод значи книги. Всушност Библијата и претставува збирка на книги кои биле пишувани во текот на еден милениум во различни општествени и историски услови. Составена од две поголеми целини: Стариот завет кој се состои од 46 книги и Новиот завет кој го сочинуваат 27 книги.

Првиот, поголемиот дел од Библијата, христијаните го нарекуваат Стар завет, а Евреите, Танак. Во рамките на Стариот завет е преставена историјата и религиозната мисла на народоткој бил избран од Бог до периодот кога Исус Христос се појавил на историска сцена како месија, спасител на човештвото.Христијаните отсекогаш се сметале за легитимни наследници на јудаизмот, па затоа во христијанската Библија е инкорпориран и Стариот завет. Без познавање на Стариот завет во кој во неколку наврати се споменува дека Бог ќе испрати Месија[78] не може да се разбере Новиот завет.

Новиот Завет претставува извор и сведоштво за животот, дејноста и учењето на основачот на овој религиски систем Исус Христос. Новиот завет се состои од 27 книги во кои се вбројуваат: Четирите евангелија, Делата на апостолите, 14 посланија на апостол Павле и уште 7 други посланија на раните христијански водачи упатенидо разни христијански општини или црковни заедници и Откровение на светиот апостол Јован Богослов.

Четирите евангелија го опишуваат времето на доаѓањето на Исус Христос на земјата (раѓањето), неговиот живот, дејност и учење. Овие Евангелија се напишани од страна на: Матеј, Марко, Лука и Јован.

---

[78] Првата книга на Мојсеј, Битие, 49:10; Даниел, 9:25; Малахија, 3:1 и на други места.

Матејбил наплатувач на данок и како таков бил презрен од својот народ и од религискиот поредок затоа што бил сметан за предавник кој ѝ служи на римската власт. Екскомуницирaн од општеството, тој го прифаќа повикот на Исус Христос и станува еден од неговите први 12 апостоли. Матеј го напишал своето евангелие најверојатно во 41 година во Палестина на еврејски јазик и било наменето за христијаните со еврејско потекло од Палестина.

Марко бил соработник на апостолите Петар и Павле. Го напишал евангелието на грчки јазик во 44-та година во Рим и било наменето за римските христијани.

Лука потекнувал од Антиохија, Сирија и бил лекар по професија. Тој бил единствениот евангелист кој немал еврејско потекло. Бил сопатник на апостол Павле и го напишал евангелието во 63-та година.

Јован и неговиот брат Јаков биле меѓу 12-те ученици на Исус Христос. Евангелието го напишал во 98-та година во Ефес и било наменето за паганите кои го прифатиле христијанството од Малоазиските цркви.

Книгата Делата на апостолите е напишана од евангелистот Лука околу средината на 63-та година најверојатно во Рим. Оваа книга понекогаш ја нарекуваа „продолжение на евангелијата‟ бидејќи дава историски записи по воскресението на Исус Христос. Лука го опишува формирањето на првата христијанска заедница и ширењето на христијанството со создавање на нови заедници. Исто така, го објаснува конфликтот помеѓу еврејските христијани и христијаните од другите народи.

Четиринаесетте посланија на апостол Павле се адресирани на следниот начин: едно до Римјаните, две до Коринќаните, едно до Галатите, едно до Ефшаните, едно до Филипјаните, едно до Колошаните, две до Солунците, две до Тимотеј, едно до Тит, едно до Филемон и едно до евреите.

Седумте посланија содржат дел од сочуваната коресподенција на апостолите и нивните инструкции проследени до новоформираните христијански заедници. Едно е на апостол Јаков, две се напишани од апостол Петар, три од апостол Јован и едно на апостол Јуда[79]

Последната книга од Новиот завет е Откровението. Напишано е од апостолот и евангелист Јован помеѓу 90-та и 95-та година за време на владеењето на римскиот император Домицијан кој отворено ги прогонувал христијаните. Во овој период Јован се наоѓал во прогонство на островот Патмос, во Егејско Море. Во Откровението, Јован зборува за Второто Христово доаѓање и последната битка помеѓу силите на доброто и силите на злото. Ги поттикнува христијаните да останат цврсти во верата уверувајќи ги дека на крајот Бог и доброто ќе победат над злото. После тоа ќе следува праведен суд, а Судијата (Исус Христос) ќе ги собере сите праведни и ќе ги однесе во „Новиот Ерусалим‟ каде што ќе престојуваат во вечно блаженство.[80]

Библијата и покрај својата разновидност христијаните ја сметаат за единствена книга која постепено ги открива не само божјите дела, туку и божјата мисла и неговата волја.

Секоја христијанска црква мора да се базира на Библијата. Поради тоа преведувањето на Библијата е голема грижа на христијанските цркви. Низ целиот свет работат тимови на преведувачи, правејќи ја Библијата достапна на мајчин јазик, дури и за малите етнички групи.

---

[79] Брат на апостол Јаков кој исто така бил нарекуван „брат господов‟ најверојатно се однесува на полубратот на Исус Христос.

[80] Откровение, 21: 1-4

### *Верувања*

Христијанската религија потекнува директно од јудаизмот како религија на Евреите. Исус Христос имал солидна теолошка едукација, добро ја познавал Светата книга на Евреите,но неговите проповеди во извесна мера се разликувале од строгите правила опишани во Танак. Тој на старозаветните пораки им давал нова содржина. Таков е случајот и старозаветната порака: „Сакај го ближниот и мрази го непријателот",а неговата проповед во однос на ова прашање предизвикало огромно внимание кај Евреите. Во евангелието според Лука[81] Исус Христос го учи насобраниот народ дека треба да се сака сопствениот непријател, да им се прави добро на оние што нè мразат и да се благословуваат оние коишто нè проколнуваат. Понатаму тој вели: *„Зошто, ако ги сакате само оние што вас ве сакаат, зошто би очекувале некаква пофалба за тоа? Па, и грешниците ги сакаат оние што нив ги сакаат! И ако им правите добро само на оние што вам ви прават добро, зошто би очекувале некаква пофалба за тоа? Па, и грешниците го прават тоа! И ако им позајмувате само на оние кои можат да ви вратат, зошто би очекувале некаква награда за тоа? Па и грешниците им позајмуваат на други грешници, за да им го вратат истото! Но, вие покажувајте љубов спрема своите непријатели, правете добро и давајте без да очекувате да ви се врати! Само така ќе добиете голема награда и ќе се однесувате како деца на Севишниот. Тој им прави добро и на неблагодарните и на лошите. Бидете милосрдни како што е милосрден вашиот небесен Татко".*

На тој начин Исус Христос го воспоставува и го дава на народот совршениот Закон за љубовта: *„Нова заповед ви давам: сакајте се еден со друг! Како што јас ве засакав, така и вие да се сакате еден со друг. Ако се сакате еден со друг луѓето ќе знаат дека сте мои ученици".*[82]

Новата религија почнува да добива нови карактеристики по Воскресението на Исус Христос. Особено важно за христијанските верувања е христијанското разбирање за Христос. За неговите следбеници тој бил Месијата што го чекале Евреите. Одбивањето на дел од Евреите да го прифатат ја означило решавачката разлика помеѓу нив и христијаните. За христијаните, доаѓањето на Исус значи дека божјиот план најавен во Стариот завет веќе почнал да се остварува. Но, дел од Евреите не го прифатиле Исус за Месија бидејќи тие верувале дека божјото владеење ќе биде постигнато со воена акција и соборување на нивните непријатели, а сето тоа ќе доведе до нивното владеење. Но, проповедите на Исус не се однесувале на еврејските непријатели, туку за промените кои луѓето треба да ги направат во своите срца. Бог ја покажува својата љубов кон грешниците, жртвувајќи го својот единствен син за спас на човештвото. Грешноста неминовно води до одвојување од Бога или смрт, а Исус ја прифатил смртта за спас на човештвото. Затоа било прекинато жртвување на животни. Христијанската служба веќе не била принесување на жртви во храмот. Таа била израз на благодарност кон Бога за неговото принесување на жртва.

Податоци за тоа на кој начин функционирале првите христијански заедници се изложени во „Делата апостолски". Првите верници живееле заедно поминувајќи го времето во учење од апостолите на заеднички собири, редовно учествувале на Господовата вечера (Евхаристија) и во молитвите.[83]Старите еврејски ритуали како што се празнувањето на Пасха и обрежувањето биле напуштени и заменети со нови: крштевањето и евхаристијата. Крштевањето било обредно миење со вода кое означувало чистење на гревовите, примање на божјиот дух и посветување на Бога. Само преку чинот на крштевање и покајување на гревовите можело да се стане член

---

[81] Евангелие според Лука, 6: 27-36

[82] Евангелие според Јован, 13:34

[83] Дела на апостолите, 2:42

на христијанската заедница. Евхаристијата претставува потсетување за жртвата која ја дал Исус Христос за спас на човештвото, а е воспоставена за време на Тајната вечера. Верувањето во Христовото воскресение било клучно за развојот на христијанството. Тоа било потврда на тврдењата на Исус дека е Божји син, а пред сѐ дека е победник на силите на гревот и смртта. Воскресението на Исус Христос, Неговото вознесение на небото на 40-тиот ден и слегувањето на Светиот дух на 50-тиот ден во голема мера ги детерминирало верувањата кај христијанските верници.

Како прво, тие веруваат во второто Христово доаѓање пред крајот на светот, кога Бог повторно ќе се јави како што е опишано во Откровението според Јован;

Како второ, христијаните веруваат дека Исус Христос е вистински син Божји, роден од Отецот пред сите векови и дека е едно лице или ипостас со две природи – човечка и божја. После воскреснувањето, христијаните биле вистински убедени дека тој е син Божји кој „слегол‟ во светот во човечки облик, а потоа се „искачил‟ на небото за да биде со Бога.

Како трето, христијаните веруваат дека после вознесението на небото Исус Христос останал активен и жив. За христијаните Исус е Господ, така што односот на христијаните кон него не е само однос на верување и доверба, туку и на послушност и на посветеност. Да се биде христијанин е да се исповеда дека Исус Христос е Господ и дека сите се соединети со Христос.

И како четврто, христијаните го прифаќаат Светиот дух како божествен на истиот начин на кој го прифаќаат Отецот и Синот. Како резултат на тоа христијанското поимање на Бог се разликува од другите монотеистички религии бидејќи мора да се прифати и „тројноста‟ на божјата природа која е составена од Отецот, Синот и Светиот дух. Идејата за Света Троица е поврзана со концептот дека постои еден Бог кој има три ипостаси преку кои се појавува, како во духовниот, така и во материјалниот свет. Христијанското верување во Бог може да се изрази на следниот начин: Бог е еден како битие, но Тој има три лица.

Во христијанската традиција многу јасно е изразено верувањето дека доброто се наградува, а лошото се казнува. При второто Христово доаѓање ќе започне Страшниот суд на кој секој ќе одговара за своите постапки. Праведните ќе завршат во рајот, а грешниците во пеколот. Христијанските верници ја сфаќаат смртта како казна за првиот грев што го направиле Адам и Ева, но Исус Христос се жртвувал за спас на човештвото и смртта со смртта ја победил. Затоа христијанските верниците веруваат дека ќе воскреснат и ќе го продолжат животот во рајот заедно со Бог. Оние кои не го сакаат Бог и не се покајуваат за своите гревови остануваат вовечна смрт односно пекол.[84]

### *Семејство и општество*

Според апостол Павле црквата е телото на Христос и луѓето треба да ѝ бидат полојални на црквата, отколку на семејството. Тој ги советува оние што не се во брак да останат сами за во целост да му се посветат на Христос и на црквата. Во христијанската мисла во раниот период и во средниот век доминирал ставот дека семејството е подредено на Црквата. Процесот на реформација имал големо влијание и во обликувањето на христијанската мисла при што приоритет му се дава на семејството а монаштвото особено од страна на протестантите се сметало за опасно и неприродно. Денес христијанската црква главен акцент става на семејството и на семејните вредности. Причините поради кои христијанството го поддржува бракот во

[84] За есхатолошката мисла во христијанството поопширно кај: Душка Матевска, Социолошки аспекти на есхатологијата во македонскиот фрескоживопис, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје, 2015

современиот свет е можеби тоа што влијанието на црквата врз другите аспекти на општествениот живот ослабеле, па семејството останало единствената сфера над кое таа може ефикасно да дејствува.

Во христијанската традиција постојат голем број на ритуали кои се поврзани со семејството. Крштевањето е еден од најзначајните и најрадосните ритуали и за семејството и за црквата. Крштевањето е ритуал со кој личноста се воведува во нов живот, и во заедница со Христос што претставува главен услов за спасението и влегувањето во Божјото Царство. За семејството и за заедницата тоа е особено значаен настан и од духовен и од општествен аспект. Во духовен поглед личноста влегува во сојуз со Бог со крштевање со вода која ги чисти гревовите, а во општествен поглед таквиот чин се рефлектира врз цврстината на заедницата и го зголемува чувството на припадност на групата на луѓе со кои се делат исти верувања и идеи. Чинот на крштевање се изведува на сличен начин во повеќето христијански цркви, но постојат и мали разлики. Во православните цркви бебињата комплетно се потопуваат во вода три пати, а во католичките, три пати се полева вода преку главата на детето. Во православната црква веднаш после крштевањето се врши уште еден религиски ритуал миропомазание,со кое се потврдува верата. Во католичката црква миропомазанието (кризма) односно потврдување на верата се извршува кога детето малку ќе порасне во период од 10 – 15 година, иако нема ограничувања. Во голем број на протестантски цркви крштевањето се извршува дури кога личноста ќе порасне доволно за да може сама да одлучи дали ќе се подложи на овој чин. Ритуалот на крштевање во сите христијански цркви е јавен чин и се одвива пред заедницата на верници. Крштевањето е темел на заедништво меѓу сите христијани бидејќи претставува раѓање на нов живот во Христос и со тој чин крстените стануваат членови на црквата.

После крштевањето и миропомазанието (кризмата) евхаристијата има најголемо значење во христијанскиот религиски живот бидејќи означува учество во жртвата на Исус Христос на последната (пасхалната вечера). Централно место во евхаристијата го заземаат лебот кој е симбол на телото Христово и виното кое ја симболизира крвта Христова. Поголемиот дел од христијанските верници сметаат дека со примањето на евхаристијата тие го примаат Исус во своето тело. Важна карактеристики на евхаристијата се благодарност, жртва и заедништво. Верниците од една страна се поврзуваат со Исус, а од друга страна се поврзуваа меѓу себе.

И кај католиците и кај православните христијани постојат седум свети тајни или сакраменти, односно дарови на Светиот Дух: крштевање, миропомазание, причест (евхаристија), исповед, помазание на болните (елеосвештение), свештенство и брак.

Сите православни цркви имаат исто учење и обред. Тие ги признаваат првите 7 вселенски собори и имаат византиски обред, при што по правило јазиците на поедините држави се применуваат во литургијата. Во православни цркви спаѓаат и четирите стари патријархати: александриски со седиште во Александрија, односно Каиро; антиохиски, со седиште во Дамаск; ерусалимски, со седиште во Ерусалим и цариградски со седиште во Истанбул. Кај православните верници развиен е обичајот за пост. Црквата воспоставила 4 големи поста, пред: Божиќ, пред Велигден, пред Петровден и пред Успение на Богородица. Во православните цркви Велигден се дочекува после 7 недели пост, како најголем празник. Во православието нема заеднички врховен поглавар, ниту заеднички центар. На чело на црквата е патријарх или архиепископ.

Во католицизмот како извор на учење не се зема само Библијата, туку и црковната традиција. Во неа спаѓаат и одлуките на концилот. Римокатоличкото свештенство има завет за целибат, односно воздржување од женидба. Папата претставува жив авторитет за оваа црква. Во католицизмот се прифаќа идејата за „чистилиште“ и се забранува развод на бракот. Развиен е култот кон Мадона (Девица

Марија), а на 15 август се слави Голема Богородица, како спомен за вознесувањето на Богородица на небото. На неа и е посветена прастарата христијанска молитва Аве Марија. Католиците веруваат уште во едно безгрешно зачнување, односно дека Богородица е родена како резултат на дејствување на Светиот дух.

Во протестантизмот црквата има секундарно значење во однос на Библијата. Под поимот протестантизам ги сведуваме сите евангелистички и реформирани религиски заедници. Припадниците на тие заедници ги нарекуваме протестанти. За извор на своето учење ја признаваат само Библијата. Посебно му придаваат значење на Новиот Завет. Основа на верувањето е дека спасот е можен само со личното верување. Немаат свештеник како посредник помеѓу луѓето и Бог. Не веруваат во чистилиште, а разводот на брак е дозволен. Од светите тајни, главно го признаваат крштевањето и причеста бидејќи тие се споменуваат во Светото писмо и бидејќи Исус ги практикувал.

### ***Празници и славења***

Христијаните имаат свои празници кои ги обележуваат во текот на годината, но најпознати се: Божиќ и Велигден. Постојат разлики во однос на времето кога се слават овие празници бидејќи католиците го следат Грегоријанскиот календар, а поголем дел од православните верници, Јулијанскиот календар. Затоа католичкиот Божиќ се слави на 25 декември, а православниот на 7 јануари според официјалниот Грегоријански календар којшто административно е прифатен и во православните земји.

Божиќ се слави во чест на раѓањето на Исус Христос и е празник на кој се собира целото семејство, но и целата заедница низ различни активности. Кај католиците четирите недели пред Божиќ се недели за подготовка и тие се нарекуваат Адвент (доаѓање). Во тој период интензивно се чита Библијата, се чека роденденот на Христос, но и Второто Христово доаѓање. Тоа е време кога Божјите ангели пеат за мирот на земјата кој ќе го донесе Месијата. Преку раѓањето на Исус Христос, Бог им покажал на луѓето колку му е важно нивното спасение. Во христијанските заедници верниците преземаат низа активности да им помогнат на несреќните, да ги израдуваат тажните, да му донесат надеж на оној којшто ја изгубил.

Во православната традиција верниците постат 40 дена пред прославата на Божиќ. Денот пред Божиќ се нарекува Бадник и обично на Бадниковата вечер не се спие, верниците бдеат и го очекуваа свеченит момент кога ќе се обележи Христовото раѓање. Се верува дека ангелот го објавил Христовото раѓање најпрво на овчарите кои ги чувале своите стада пред запален оган, па како спомен на тоа се практикува палење на бадникот (гранче од дабово дрво). Обичај е бадниковото гранче да се стави во огин и да изгори, а оние кои немаат дома огин го горат над пламенот од свеќата.

Велигден е најважниот настан за христијанската традиција бидејќи на Воскресението на Христос се базира целокупното учење за спасението и Божјото Царство. Велигден се слави во недела бидејќи тој ден Исус Христос воскреснал. Одлуката за тоа кога ќе се слави Велигден е донесена на првиот Вселенски собор во Никеја во 325 година. Во согласност со таа одлука Велигден се слави во периодот помеѓу 22 март и 25 април, но во првата недела после полна месечина.

Во католичката црква верниците постат 40 дена пред празникот, а во православната 7 недели. Повеќето религиски традиции имаат свој пост, но овој пред Велигден ги потсетува верниците на тоа дека Исус Христос поминал 40 дена во пустината без храна подготвувајќи се за својата мисија. Во православната традиција постојат неколку степени на пост: пост на вода, пост на масло и вино и пост на риба.

Со текот на времето постот кај католиците е поедноставен, па денес постат само на Пепелница (чиста среда) и Велик Петок. Празникот Пепелница е наречен според обичајот верниците да ставаат пепел на челото на тој ден како потсетување за сите гревови кои ги направиле во текот на годината. Постот претставува можност луѓето да се одречат од секојдневните навики и начин на живот и да се посветат на себе и на размислувањето за животот и своите постапки.

Велигден се обележува со евхаристија, свечени миси и литургии во сите цркви.

## ИСЛАМ

Исламот е монотеистички религиски систем, основан од пророкот Мухамед на Арапскиот полуостров на почетокот на 7 век. Во Куранот е забележано дека Мухамед е носител на пораката на Алах и е последниот пророк на светот после Мојсеј и Христос. Мухамед успева да распространи меѓу Арапите едно учење кое арапскиот народ го издигнува од паганско-варварски стадиум на општествен живот до ниво на државност. Религијата на пророкот Мухамед ја поттикнува појавата на новата држава, која неговите наследници ја нарекуваат калифат (арапски „хилафа" наследство).

Зборот ислам доаѓа од арапскиот збор „ал–ислам", што значи покорност, потчинување, а се однесува на покорување пред Бог.

Уште пред формирањето на градот Мека на тоа место се наоѓал црн метеорит, за кој не се знае кога станал место на обожување. Информациите кои потекнуваат од 5 век укажуваат на тоа дека кога племето Курејш[85] се населува на тоа место, тој црн камен веќе бил таму. Кога се населуваат Курејшите постепено го претвораатместото во култен центар, а подоцна над каменот била изградена конструкција во вид на коцка која е наречена Каба. Во неа освен црниот камен имало уште еден помал камен. Едниот бил поставен на северниот крај на градбата, а другиот на јужниот. И за двата камења се сметало дека се свети бидејќи „дошле од небото" поради што се сметале и за небесни светла кои според верувањето на Арапите потемнеле поради гревовите на луѓето.

Пред Мухамед на Арапскиот Полуостров преовладувал еден облик на семитска религија, со светилишта на разни Богови и Божици изградени на разни места. Арапите живееле во номадски племиња и повеќе се потпирале на човечки доблести, отколку на која било Божја моќ. Верувале дека сè што им се случува е одредено од судбината и дека ништо не може да се промени. Некои племиња или делови од нив го прифатиле христијанството, а во Медина и во други места во западниот дел на Арапскиот Полуостров имало еврејски заедници. Арапското население пред раѓањето на Мухамед било исцрпено од долготрајни војни, а општеството целосно заборавило за грижата за немоќните, сирачињата, вдовиците и сиромашните.

Основните информации за животот и дејноста на Мухамед ни се предадени во Куранот и Хадисите кои претставуваат сведоштва за учењето и дејствувањето на Мухамед. Татко му на Мухамед се викал Абдулах, а мајка му Амина. Роден е во 570 година и потекнува од кланот Бен Хашим, кој припаѓа на познатото и угледно племе Курејш,кое во Мека било задолжено за грижа за Каба. Секое племе имало свои обврски, а на едно од најчесните му била доверена грижата за меканскиот храм Каба. Иако бил роден во аристократско семејство, Мухамед сиромаштијата ја осетил уште од мали нозе бидејќи бил роден како сираче. Имено неговиот татко бил трговец

[85] Племето од кое потекнува Мухамед

кој непосредно пред раѓањето на Мухамед или веднаш после неговото раѓање го изгубил животот веројатно на некој трговски пат.  На шест годишна возраст Мухамед ја изгубил и својата мајка Амина, а грижата за него ја преземал неговиот 80-годишен дедо Абд ал –Муталиб. Но, после две години умира и неговиот дедо па старателството го презема неговиот чичко Абу Талиб во чиешто семејство Мухамед растел и ги учел вештините на трговијата. Синот на Абу Талиб, Али му станува најдобар другар на Мухамед и тоа пријателство трае до крајот на животот на Мухамед. Како и поголемиот дел од населението во Мека, така и чичко му на Мухамед се занимавал со трговија, но не бил богат. Абу Талиб често го водел Мухамед на караванските (трговски) патувања и на тој начин за првпат на дванаесет годишна возраст, на пазарот во Басра (Јужна Сирија) Мухамед ги остварил првите контакти со христијански (несторијански) свештеници од коишто научил многу за христијанскиот монотеизам.

Кога Каба изгорела во пожар, меканскиот совет одлучил да изгради нова, но почнале да се расправаат околу тоа кое племе има право да го постави црниот камен. Било предложено како компромис да причекаат да помине некој, па на тој начин да оставaт судбината да одлучи. Се појавил Мухамед и предложил решение: каменот да се стави на парче платно кое ќе го држат и подигнат сите старешини, а Мухамед да го постави каменот. Сите биле задоволни од таквото решение.

Многу брзо се проширило дека Мухамед е искрен, чесен и одговорен, па поради тоа го добил името Ел–Емин и бил многу ценет во општеството. Токму поради ваквите негови карактеристики богатата вдовица Хатиџа го повикала да работи кај неа. Кога се уверила дека тој е чесен и добро управува со нејзините каравани, таа му понудила брак. Според сунитските извори таа имала 40 години (според шиитските 28) и била претходно два пати мажена, а тој имал 25 години. Мухамед  ја прифатил понудата на Хатиџа и со неа живеел во среќен брак 25 години сè до нејзината смрт. Во бракот со Хатиџа, Мухамед имал еден син и четири ќерки. Единствената ќерка која го надживеала била Фатима и во исламот таа се смета за една од најпобожните и најдобрите жени кои живееле на овој свет, покрај нејзината мајка Хатиџе, Мерјем (Марија), мајката на Иса (Исус) и Асија, жената на фараонот.[86]

Мухамед кога наполнил 35 години сè почесто се осамувал по неколку дена во оголените планински падини за да медитира. Една вечер, во текот на последната декада на месецот Рамадан (Рамазан) во 610 година кога медитирал во пештерата Хира на ритчето покрај Мека му се појавил мелек (ангел) Џебрил (Гаврил) кој му кажал: „Читај! А Мухамед трипати му одговорил дека незнае да чита бидејќи бил неписмен. Тогаш Мелекот продолжил: Читај во името на Господарот твој кој создава, го создаде човекот од грушка на крв. Читај бидејќи твојот Господар е најмилослив; Оној кој подучувал за користењето на перо, и кој го научил човекот на она што не го знаел“.[87] Тоа биле првите зборови од објавата на Куранот кои Алах му ги упатил на

---

[86]Според Куранот, Кога се родил Муса (Мојсеј), неговата мајка се плашела за неговиот живот, но Алах ја уверил дека тој ќе биде безбеден. Во Сурата Ел–Касас (Кажувања) седмиот ајет се вели: И ѝ вдахнавме на мајката на Муса: „Дои го, па кога ќе се уплашиш за неговиот живот, фрли го во река, не плаши се и не тагувај, ние навистина ќе ти го вратиме и пратеник ќе го направиме“. И како што ветил Алах, Муса безбедно стигнал на брегот на реката каде што го нашла Асија, жената на фараонот. И Асија го убедила својот маж да го задржат детето. Така Муса растел под заштита на Асија во куќата на фараонот и станал голем пратеник кој го повикувал својот народ да обожува само еден Бог. (Во сурата 28, Ел–Касас (Кажувања) 1-88, Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012.

[87]Во Сурата 96, Ел –Алек (Грушка) 1-5,  превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, Февруари, 2012.

Мухамед. Кога излегол од пештерата слушнал глас од небото: Мухамед ти си Пророк на Алах, а јас сум Џебрил. Тогаш Мухамед видел еден огромен ангел како исправено стои на хоризонтот. По овој настан тој бил многу исплашен бидејќи не знаел за што се работи, па отрчал дома и ѝ рекол на Хатиџа: Покриј ме! Плашејќи се дека почнува да го губи разумот и раскажал на Хатиџа сѐ што му се случило. Хатиџа го смирила и станала првата личност која му поверувала дека е тој Пророк,а со тоа таа станала и првата муслиманка. Таа отишла кај некој нејзин роднина кој бил христијанин и кој добро ја познавал библијата за да го праша за совет, а тој и одговорил дека се очекува доаѓањето на нов Пророк и дека тоа би можел да биде Мухамед. Првите три години после овој настан, Мухамед им раскажал само на неколкумина негови најблиски пријатели.

Во следната порака на објавата, Алах му рекол на Мухамед: „Еј, ти покриен! Стани и опоменувај! И Господарот, твој величај Го, и облеката твоја очисти ја, и од нечистото, оддалечи се!"[88] По тој настан кој според историчарите се случил во 612/613 година на Мухамед му било наложено да го рашири меѓу луѓето „она што од твојот Господар се симнало до тебе. Ако не го објавиш нема да го исполниш своето пратеништво". Во Откровенијата кои ги прима Мухамед од Алах, понекогаш се нарекува гласник кој треба да ја соопшти божјата казна на грешниците, понекогаш како Пророк или Божји пратеник. Оттогаш Мухамед во Мека почнува јавно да зборува за Алах дека тој е негов пратеник. Во текот на своето десетгодишно дејствување (612-622) во Мека пророкот постојано го објавувал крајот на времето и Страшниот суд и ги опоменувал луѓето на покајување и милосрдие. Секојдневно ги рецитирал своите откровенија во Каба со поглед свртен кон Ерусалим.

Неговите приврзаници биле сиромашните и робовите во предградието на Мека, додека елитата била непријателски настроена кон него и неговите приврзаници. Мухамед постојано зборувал дека богатите треба да го поделат своето богатство со сиромашните, а таквите проповеди довеле до зголемување на револтот кај владејачката класа, па нивнитезакани се претвориле во отворено насилство кон приврзаниците на Мухамед и на неговото учење. Противниците на Мухамед на разни начини ги прогонувале неговите следбеници, па Мухамед повеќе не можел да ја продолжи својата верска мисија во Мека.Според историските извори за време на дејствувањето во Мека, Мухамед среќавал трговци од Медина кои кога ја слушнале неговата проповед го примиле Исламот и му се заколнале на верност. Благодарение на таа поддршка Мухамед во 622 година следен од 200 муслимани се преселил во Медина. Оваа преселба, хиџра го означува почетокот на новата исламската ера. Хиџра претставува и прекинување на односите во заедницата кои биле засновани на племенска основа. Мухамед гради нова заедница во која крвните врски, расата, полот, племето, јазикот и општествениот статус немаат важност, туку само верата во Бог. Времето на Хиџра е земено како почеток на сметањето на времето според муслиманскиот календар.

Како што се ширела заедницата во Медина, Мухамед одлучил да направи еден вид договор кој го потпишале претставниците на мединските племиња, со цел да се регулираат основните животни прашања вклучувајќи го и воспоставувањето на институциите и одбраната од надворешните напади. Договорот е познат под името „Мединскиот Устав" и се состои од 47 членови (некои извори наведуваа 57). Ова е прviот пишуван Устав во муслиманскиот свет според кој за правните работи не се задолжени поединците, туку заедницата која ја извршува правдата, а граѓаните во тоа ѝ помагаат. Мухамед бил првиот духовен и световен водач на муслиманската заедница. Кон своите непријатели бил благороден и повеќе од нив ја примиле неговата религија. Многу племиња на Арапскиот Полуостров пристапиле кон

[88] Во Сурата 74, Ел – Мудессир (Покриен), 1-4; исто

неговиот сојуз и станале муслимански.

Во Медина исламската религија го добила својот облик. Мухамед во 624 година одредува дека од сега за кибла (правец на молитва) ќе биде Мека, а не како дотогаш Ерусалим. Главните обредни форми според примерот на Мухамед биле: богослужба (или молитва), давање милостина, пост (целиот месец Рамазан),а во 630 година бил воспоставен и аџилакот во Мека. Во 630 година Мухамед влегува во Мека ги уништува староарапските статуи на Боговите (го остава само црниот камен) и ја прогласува Мека со централното светилиште Каба за свет град. Организирал и аџилак до Мека, а неговата последна посета на Мека со 90 000 аџии била во 632 година. Тогаш во долината на реката Арафат им се обратил на мноштвото луѓе со зборовите: Денес за вас ја доврших вашата вера и ве исполнив со својата милост и ви го дадов исламот за религија. Умрел во 632 година во Медина и неговиот гроб се наоѓа во големата џамија во истиот град.

Кога умрел Мухамед, во 632 година зад себе оставил религија и држава. Во почетокот таа држава била сојуз на племиња и братства, но со текот на времето станала сè поорганизирана. Државата ја водел калиф – наследник на Мухамед или негов претставник.

### ***Поделби во муслиманската заедница***

Муслиманската заедница се поделила многу брзо после смртта на Мухамед. Двете главни струи во исламот се сунити и шиити. Сунитите го сочинуваатмуслиманското мнозинство од околу 85% од муслиманската заедница во светот а шиитите претставуваат само 15%. Најголем број од шиитите живеат во Иран, Ирак и Пакистан и многу мал процент во другите земји. Иако првите шиитски идеи потекнале од Арапите во Јемен, подоцна тие биле пренесени во Каиро, за на крај Персија (денешен Иран) да стане седиште на шиитскиот ислам. Причина за поделбата на муслиманската заедница било несогласувањето околу наследството и лидерството после смртта на Мухамед. Со оглед на фактот дека Мухамед не оставил наследник, Консултативниот совет (Шура) одлучило Абу Бакр[89] (632-634) да биде првиот калиф[90]. Во редот на првите четири калифи кои кај сунитите се уште познати како „праведни калифи",освен Абу Бакр влегуваат и Омер (634-644), Осман (644-656) и Алија (656-661).

Според шиитите предност во изборот на наследник требало да има Алија и тој требало да биде прв калиф и имам. Причини според нив постојат многу:

- Алија е прв маж кој го примил исламот уште како момче;
- Алија бил братучед и зет на Мухамед бидејќи се оженил за неговата ќерка Фатима,а таа интимна семејна врска е многу важна бидејќи според шиитите Алија ги наследил духовните способности на Мухамед. Овие способности ги пренел на синовите од бракот со Фатима, Хасан и Хусеин, а тие понатаму ги пренеле на нивните наследници;
- Шиитите веруваат дека Мухамед кога се враќал од аџилакот во Мека со своите бројни следбеници на патот кон Медина одржал говор и нагласил дека Алија е негов наследник, односно дека Мухамед за него рекол: „Јас сум град на знаењето, но Алија е неговата капија".

---

[89] Абу Бакр бил татко на најмладата жена на Мухамед, Ајша. Тој бил советник и сопатник на Мухамуд при преселбата од Мека во Медина. Но, исто така, Мухамед на него му доверил да управува со јавните молитви.

[90] Според познатиот историчар на религиите Мирча Елиаде, После смртта на Мухамед кога неговиот братучед и зет Али ибн Аби Талиб и чичко му Ибн Абас побожно бдееле над телото на покојникот, другите приврзаници се собираат во близина за да изберат наследник или калиф. *Мирча Елиаде, Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

- Шиитите веруваат дека Куранот содржи тајно знаење кое Мухамед му го соопштил на Алија и дека тоа знаење понатаму се пренесува преку имамот. Потомците на Алија се имами, односно водачи и носители на тајното знаење.

Според сунитите никој не може да го наследи Мухамед во неговата улога и својство на пророк бидејќи тој го довршил Куранот и е последниот „веројавител". Наследникот ќе биде калиф кој ја има одговорноста за управување со заедницата, во целост покорувајќи му се на Куранот и на примерот од Мухамед. Заедницата ќе го избира својот калиф меѓу машките членови од племето Курејш, на кое му припаѓал Мухамед.

После смртта на Алија како четврти калиф, според шиитите, неговите синови Хасан и Хусеин требало да продолжат да владеат и дека тие се легитимни владетели и имами. Под притисок на Муавиј, Хасан се откажал од власта, но неговиот брат Хусеин не сакал да го направи тоа. Кога после Муавиј неговиот син Језид доаѓа на власт, Хусеин не само што гоосудил изборот на Језид за калиф, туку таквиот избор го прогласил за спротивен на духот на Исламот. Хусеин добил писма од Куфа, град во денешен Ирак, во кој муслиманите му ветуваат поддршка доколку сака да го преземе калифатот. Но, тој бил убиен на пат кон Куфа, во близина на местото наречено Карбала на десеттиот ден од првиот муслимански месец Мухарем во 680 година и тој ден шиитите го обележуваат како ден на мачеништвото на Хусеин.

Причината за поделбата не е само прашањето на наследството, туку и на лојалноста кон семејството на Мухамед, односно дека авторитет за духовна исветовна власт имаат само наследниците кои потекнуваат директно од Фатима и Алија.

Според сунитите за калифите најважна е политичката моќ, а според шиитите за водачот многу поважен е религискиот авторитет. Имамите не се подложни на грешење и тие можат да прават чуда. Постои поделба помеѓу шиитите на оние кои веруваат дека имало 7 имами и на оние кои веруваат дека биле 12.

Калиф пак претставува титула која обединува во себе две должности, кои се одделени од секое друго човечко суштество: воената должност на господар на правоверните или водач на верните (амир ал муминин) и религиозната должност на имам на муслиманите (имам ал муслимин).

### *Свети списи во Исламот*

Света книга на муслиманите е Куранот бидејќи во него е собрано Откровението на Мухамед. Објавите на Алах кои Мухамед ги примил преку Мелек Џебрил (Архангел Гаврил) од 610-632 година, претставуваат копија на еден праспис кој се наоѓа на небото, а од кој потекнуваат и Мојсеевата Тора (еврејството) и Исусовите евангелија (христијанството). Алах од време на време, преку пророците ги праќал списите на Откровението и конечно преку Мухамед го испратил Куранот. Во Сура 2, ајет 113 стои:Евреите зборуваат: „Христијаните не се по патот вистински", а христијаните зборуваат: „Евреите не се по патот вистински". А и едните и другите книгата ја кажуваат. Оние кои не знаат, ете, истите зборови ги кажуваат. Па Алах, на Денот суден ќе им пресуди за она за што, токму, станаа деленици![91]

Куранот претставува најголемото добро за еден муслиман бидејќи самото читање на светата книга донесува награди кои се зголемуваат со секој прочитан збор. Со честото читање на Куранот верникот е сѐ поблиску до Бога, а памтењето на текстот од целиотКуран се смета за чин на голема побожност. Секој што ќе го научи

[91] Во Сурата 2, Ел –Бекара (Крава) ајет 113, превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, Февруари, 2012.

целиот текст од Куранот се нарекува хафиз и ужива голема почит во муслиманската заедница. Освен тоа, многу муслимани сметаат дека страниците на светата книга имаат исцелителна моќ.

Куранот содржи 114 поглавја кои се наречени сури. Основната единица на поглавјата е реченицатакоја е обележана како ајет. Куранот има 6.236 ајети. Ајет е арапски збор кој значи знак или чудо, а се однесува на божји знак бидејќи муслиманите веруваат дека секој стих во Куранот е божји збор. Со исклучок на првата сура Ел - Фатиха (Отвор) којашто има самоседум Ајети и која муслиманите ја користат како молитва, сурите се наредени така што бројот на речениците во нив се намалува. Сурите во куранот се врзуваат за два временски периоди: оние кои му биле откриени на Мухамед во Мека и оние кои му биле откриени во Медина. Првите имаат за цел да го изразат гласот на Мухамед како бунтовник што ја критикува состојбата во Мека засновано на идолатријата, општествената неправда и другите зла. Поглавјата од Медина ја одразуваат улогата на Мухамед како водач на заедницата, се занимаваат со правни прашања, изградба на државните структури, меѓуетничките и меѓурелигиските односи.

Поради разновидните теми кои на Мухамед му се откривале во текот на 22 години, неизбежно е некои Ајети да бидат контрадикторни со други. На оваа тема се зборува и во Куранот каде што се објаснува дека подоцнежните Ајети ги поништуваат претходните онаму каде што содржината е контрадикторна. Така на пример: вртењето кон Ерусалим при молитвата подоцна било поништено со друга Сура која им налага на верниците да се вртат кон Мека кога ќе се молат.

Во исламот освен Куранот како свети списи се сметаат и хадисите кои претставуваат пророчки преданија и служат како образец според кој муслиманите од целиот свет треба да се однесуваат во секојдневниот живот.Хадисите за ортодоксниот муслиман имаат нормативно значење и го регулираат неговото размислување и дејствување во животот. Со тоа хадисот исполнува една празнина, бидејќи Куранот остава необработени многу области од муслиманскиот живот. Во хадисотсе забележани сите мудри мисли и дела на Мухамед, односно сѐ она што го кажал, го правел или видел некој да го прави и не го опоменал, односно со своето молчење го одобрил. Во Хадисот се изложени и надворешните и духовните карактеристики на Мухамед. Хадисот дава насоки како треба да се однесува вистинскиот муслиман.

### ***Верување***

Во центарот на исламот е бескомпромисен монотеизам кој се нарекува тевхид, односно единство на Бог. Според верувањата на муслиманите постои еден вистински Бог и неговото име е Алах. Со својата суштина, атрибути и дејствија. Тој е од вечноста и во вечноста, голем, возвишен, семоќен, мудар, сезнаен, праведен, вечен, единствен. Неговите атрибути како „најубави имиња" претставуваат 99 перли од исламскиот „венец од ружи". Тој нема потреба од ништо за да го продолжи своето постоење, напротив секое нешто има потреба од него. Тој е пречист, а знаењата му се сеопфатни и нив им ги соопштил на луѓето преку пророците од кои најголем е Мухамед. Тој е творец на видливиот и невидливиот свет, ја управува целата вселена и милоста му е безгранична, но воедно и казнувањето му е строго. Тој ќе го определи крајот на светот, кога ќе воскреснат мртвите и ќе им се суди праведно според дејствијата на секој од нив бидејќи тој сѐслуша и сѐ гледа и ниеден грев не може да се сокрие од него. Тој има 99 имиња кои ги откриваат неговите достоинства и атрибути, а стотото име му е Алах, чија што суштинска смисла ја знае само тој.

Алах ги создал и првите луѓе, Адем и Ава кои останале да живеат во рајот се додека под наговарање на Иблис (Шејтанот) односно Сатаната не пробале од

забранетото дрво и Алах не ги избркал од рајот. Според муслиманската традиција Адем и Ава во рајот не се храенле со храна, туку биле како ангелите. Затоа кога пробале од плодот на пченицата (а во тоа време таа растела на дрвјата и нејзиното зрно било колку диња) тие го осквернавеле рајот. Затоа и биле казнети.

Во Куранот на муслиманите им се препорачува да ги почитуваат и туѓите пророци, онака како што си го почитуваат сопствениот пророк. Според исламот Бог му се обраќал на човештвото преку многу пророци низ вековите, а преданието вели дека постоеле 124 000 пророци. Постои повисока категорија на пророците –Расул и обични пророци. Меѓу најпознатите пророци се: Адем (Адам), Нух (Ное), Ибрахим (Аврам), Мојсеј (Муса), Лут (Лот), Иса (Исус) и други, но последниот е Мухамед кој е најголемиот од сите пророци.

Светите списи кои биле објавени на човештвото во текот на историјата се делат на два вида. Поважните се нарекуваат китаб (книги), а оние помалку важните се познати како сухуф (свитоци). Се верува дека во текот на историјата имало повеќе од 100 објави. Најголем дел од нив се изгубени. Според исламското верување преживеале само 4 откриени списи кои во Куранот се нагласуваат по име. Првиот таков свет спис е Теврат, еврејската Тора, која според Куранот, Бог му ја предал на Муса (Мојсеј). Следниот светспис е Зебур (Давидовите Псалми), кои Бог му ги открил на Давид; потоа следува Инџил (Евангелие) откриено на Иса (Исус Христос) и последниот светспис е Куранот кој е откриен на Мухамед. Разните откриени книги го претставуваат Божјиот план според кој треба да живеат луѓето, според Божјиот закон. За муслиманите Куранот е последното Откровение. Тој ги потиснува претходните Откровенија што Бог им ги испратил на луѓето преку пророците.

Исламот го признава Исус Христос како пророк, но не и за Божји син.[92] Всушност идејата дека Бог има син е скандалозна за еден муслиман. Тие не веруваат ни дека Исус Христос умрел на крстот и потоа воскреснал. Повеќето муслимани веруваат дека Јуда Искариотски бил земен наместо него, а самиот Исус бил однесен на небото.[93]

Верувањето во ангелските сили е уште еден елемент на верата. Куранот бележи дека ангелите се создадени од светлината, дека ги има многу и дека само Бог ја знае нивната точна бројка. Ангелите немаат потомство бидејќи не се ниту машки ниту женски. Ангелите му служат на Бога на разни начини. Најголем меѓу ангелите е Џибрил (Гаврил), кој според муслиманското верување му го пренел Куранот на Мухамед. Според исламското верување Бог на ангелите им дава разни задачи. Тие го носат неговиот престол и ги следат верниците во молитвите. Според Хадисите, ангелите ги бележат сите дела на секој човек. Ангелот Израил (Михаил) е одговорен за извлекување на душите на луѓето на умирање, додека Израфил (Рафаел) со звукот на трубата ќе го означи денот на Страшниот суд. Другите ангели го чуваат пеколот и

---

[92] Во четвртата Сура, Ен-Ниса (Жени), во 171 Ајет стои: „О следбеници на Книгата, не претерувајте во верата ваша, и за Аллах само вистина зборувајте! Месих, Иса синот на Мерјем, е пејгамбер (пророк, моја забелешка) Аллахов, Зборот Негов, кој Он го фрли во Мерјем, Дух од Него. Е па, верувајте во Аллах и во пејгамберите негови, и не зборувајте „тројца„. Престанете, тоа е подобро за вас! Аллах, нависина, е еден Бог. Нека е славен Он! Зарем Он да има дете? Се што е на небесата и на Земјата е – Аллахово! А Аллах, секако, е Доволен Закрилник!" Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012.

[93] Во истата Сура, Ајети 157 и 158 стои: „и заради изјавата нивна: „Да, ние, навистина, го убивме Христа„, Иса, синот на Мерјем, Аллаховиот пејгамбер. Не го убија и не го распнаа! Туку тоа им се причини, А оние кои, навистина, не се согласија во тоа, во сомневање се: ништо не знаеја за него, само се сомневаа... Не го убија сигурно, туку Аллах го дигна кон Себе. Аллах е Силен и Мудар!" Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012.

управуваат со него. Куранот предупредува дека спротивставувањето на ангелите е исто што и спротивставување на Бога, бидејќи тие се негови пратеници**.**

Во Исламот постои верување дека сите верници ќе се соочат со последиците на своите постапки на Страшниот суд. На многу места во Куранот се спомнува концептот на награди и казни односно Џенет (рај) и Џенем (пекол).[94] Основната идеја е да се потсетуваат верниците дека оние коишто прават добри дела и ги исполнуваат обврските кон Бога и луѓето, после смртта ќе одат во Џенет, а оние кои го следат Шејтанот и не се држат до основните постулати на верата, ќе одат во Џенем. Бог ги предупредува луѓето да имаат на ум дека ќе дојдат пред Него и дека ќе им биде судено праведно. Во Куранот им е препорачано на верниците да ги исполнуваа обврските и искрено да ја исповедаа верата бидејќи формалното исповедување на верата без да биде проследено со добри дела нема никаква вредност.

Збирките на хадиси укажуваат на знаците на приближување на Денот на Страшниот суд. Во нив спаѓаат зголемување на гревовите во светот, масовна непослушност кон родителите и непочитување на постарите, ширење на разврат, зголемување на бројот на жените во однос на мажите и се повеќе некомпетентни луѓе на раководни позиции. На денот на Страшниот суд на сите луѓе ќе им се суди според искреното покајание и добрите дела, што ќе се мери со степенот според кој се држеле до Божјиот закон (шеријат). Делата на сите ќе бидат мерени на терезија. Ниедно покајание во последен момент нема да биде прифатено. А оние кои умираат како неверници им е подготвено страшно страдање. Исламските свети списи го опишуваат задгробниот живот, а тие описи се особено сликовити во збирката хадиси. Ако некој ја заслужил божјата наклоност на Судниот ден благодарение на добрите дела, вистинското верување и искрено покајание за гревовите, награда е рај. Тоа е место во коешто сѐ ќе има во изобилие, овошје и секаков вид на храна, но и различни уживања.

Вечен пекол ги очекува оние коишто не се држеле до Божјиот закон и до вистинското верување. Пеколот е место на страшно мачење со оган, лед и други казни и служи како предупредување на муслиманите да живеат според правилата кои ги прифатиле од Бог, а тоа е да бидат претставници на Божјата милост, праведност, простување и љубов на земјата. [95]

Верувањето во Божјите одлуки е последниот елемент на верата. Во Куранот се нагласува дека за сѐ одлучува Бог. Бог го контролира минатото, сегашноста и иднината на секој муслиман.

### *Семејство и општество*

Семејството е клучен елемент на муслиманскиот живот и општество, еден од темелите на општествената стабилност и безбедноста на заедницата. Семејните врски се најсилни во системот на општествените односи. Верноста и посветеноста на семејството ги надминуваат сите други облици на општествена лојалност. Муслиманското семејство се заснова со брак и исламот се згрозува од вонбрачните односи помеѓу маж и жена. Чинот на раѓање се одвива строго внатре во семејството, а

---

[94] Во Сурата 82 Ел- Инфитар (Расцеп), во Ајетите од 13-15, стои: „Добротворите ќе бидат во благосостојба, навистина! А грешниците ќе бидат во огнот Џехеннемот, навистина! Во кој ќе бидат турнати на Денот суден!" Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012.

[95] Во Сурата 4, Ен-Ниса, (Жени), во Ајетот 145, стои: „Дволичните, навистина, ќе бидат во најдлабоката бездна на огнот. За нив не ќе најдеш поддржник." Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012.

блудот и прељубата се гревови за кои во исламското право се предвидени строги казни. Блискоста и скромноста се важни за раѓање и воспитување на децата.

Според Куранот и мажите и жените се религиозни битија. Секој поединец е абд на Богашто има две значења, поклоник или слуга. Таквиот опис се применува во сите аспекти на човековиот живот и непостои никаква разлика помеѓу богослужбата и останатите аспекти на човековиот живот. За луѓето тоа значи дека свесно го избираат животот посветен на благородна послушност на Бога.

Во седумнаесеттата Сура Ел–Исра (ноќно патување), е опишано ноќното патување на Мухамед во светиот град Ерусалим. Настанот се случил во 620 година во Мека, кога Мелек Џебрил среде ноќ го земал Мухамед и го однел на бел крилат коњ, наречен бурак во Ерусалим. По молитвата со пророците се искачил на врвот на небото (седмото небо) пред Алах. На секое небо срeќавал по еден пророк. Според муслиманското верување  овде Мухамед ги добива од Алах основните вистини за верата, односно петте столбови на исламот кои стануваат задолжителни за секој член на заедницата.

Првиот столб на верата е шехадетот (на арапски шахада што значи сведоштво). Шехадетот е првиот услов за пристапување кон верата. За некој да биде муслиман, треба со срце да верува и со јазик да посведочи за единството на Алах и пратеништвото на Мухамед. Сведоштвототреба да се изговори на арапски и во превод би значело: „Сведочам дека нема друг Бог освен Алах, и сведочам дека Мухамед е Негов пророк". Сведоштвото ги содржи двата основни елементи на верата – исповедување на монотеизмот и признавање на пророчката мисија на Мухамед како Божји пратеник меѓу луѓето. Денес доколку некој сака да го прими Исламот треба три пати да го повтори сведоштвото на арапски јазик пред сведоци.

Заедништвото на муслиманите се покажува преку обреден салат (намаз),  облик на молитва што мора да ја практикуваат сите муслимани во исто време. Молитвата или намазот е втор столб на исламот. Молитвата се практикува пет пати на ден во исто време, а пред секој намаз му претходи задолжително обредно миење, абдест. Индивидуално дома или во заедница во џамија, верникот е должен во зори, напладне, на средината на пладнето, на зајдисонце и еден час по зајдисонце да го практикува намазот. Централна неделна молитва е џума – намазот која се извршува во петок кога сите полнолетни мажи се задолжени молитвата напладне да ја практикуваат во џамија, а за жените е на доброволна основа. Заедничката молитва ја предводи имамот кој не мора да биде најголемиот духовен авторитет,но треба доволно добро да го познава исламот. Заедничка молитва освен во џамија може да се изврши дома, на работа или на кое било друго место на кое се собрале двајца или повеќе верници. Заедничката молитва е задолжителна и препорачана на луѓето бидејќи тоа е начин да се интегрира заедницата и да се градат добри меѓучовечки односи преку чувството на солидарност, заедништво и грижа за другите.

Молитвата е блиску поврзана со давањето милостина, која е третиот столб на исламот а, современите муслимани го опишуваат како столб на општествен ангажман[96]. Гледано однадвор, зекатот е должност на делење на богатството со сиромашните, со сите што имале полоша среќа, но се еднаков дел на заедницата која го слави Бога и кои еднакво му се важни на Бог.Мухамед во една прилика рекол: Кој се поклонува на намаз, а не дава зекат – тој нема ни намаз.

Куранот помалку се занимава со количеството, а повеќе со квалитетот на давањето. Многу е важен внатрешниот став, дискрецијата е подобра отколку расфрлањето, а ако давателот приговара тогаш и немаме чин на дарување. Зекатот

---

[96] Во Сурата 2, Ел-Бекара, (Крава), во Ајетот  43, стои: „И намаз извршувајте и зекат давајте; и со оние кои се поклонуваат и вие поклонувајте се!"   Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012

претставува прочистување на душата. Тој е милост за давателот еднакво како и за примателот. Тој е средство за покајание на гревовите.

Постот (саум) е четвртиот столб на муслиманското служење на Бога и подразбира целосно одрекување од јадење и пиење во текот на видливиот дел од денот, од зори до зајдисонце, во текот на целиот месец Рамадан (Рамазан). Постот претставува физичка дисциплина и однесувањето на целата заедница мора да се измени додека трае овој месец; ритамот на животот се забавува и останува повеќе време за размислување. Основната цел на постот е изразување на благодарност. Имено постот се смета за начин на дисциплинирање на душата трпеливо да го чека Богот кој води и храни. Според Мухамед од сите должности на богослужбата саумот му е најмил на Бога.

Петата должност на верниците на оваа религија, која треба да се исполни барем еднаш во животот е аџилакот во Мека и во нејзината околина.[97] Тука се наоѓаат најсветите од светите места за муслиманите. За старите и болните луѓе тоа може да биде исклучително тешко, па затоа тие можат да испратат некој друг кој ќе ги замени. Ова патување е суштествен чекор кон постигнувањето на спасение на еден муслиман. Аџилакот во Мека се стои од низа на ритуали поврзани со сеќавањата за Мухамед, кој во тој град го започнал животот и дејствувањето, но и за неговиот претходник Ибрахим (Аврам), кој според Куранот ја изградил Каба со помош на синот Исмаил во знак на покорност кон Бога. Посетата на Мека има религиозно значење во секое време од годината, нодванаесеттиот месец од годината е период за големиот аџилак. Во секој друг период станува збор за мал аџилак.

### *Шеријат (Божји закон во Исламот)*

Мухамедне прави разлика помеѓу религиозен и световен закон. Во секоја муслиманска држава придржувањето до Шеријатот зависи од степенот на секуларизацијата на самата држава. Шеријатот се протега во сите области на животот, вклучувајќи ги и семејните односи, правото на наследство, даноци (зекат од 2,5% за сиромашните), ритуалните миења, молитвите итн. Законот управува со сите човечки дејности почнувајќи од она што е според прописите, па завршувајќи со она што е забрането. Шеријатот често се дели на 5 категории:

- Она што Бог го заповедал;
- Она што Бог го препорачал, но не го прави строго задолжително;
- Она што Бог го оставил како правно индиферентно;
- Она што Бог го осудил, но не го забранил;
- Она што Бог категорично го забранил;

Како таков Шеријатот има поширок дијапазон од кое било западно право бидејќи ги покрива сите аспекти на животот. Голем дел од него не може да се примени ни на еден земен суд, па тоа мора да се остави за Страшниот суд. Во исламот наоѓаме забрани кои се однесуваат на пиење и јадење.

Приближно во средината на 19 век позицијата на исламското право радикално се променила во најголемиот дел од муслиманскиот свет. Најпрвин во Турското Царство, потоа во британска Индија и на други места влијанието на современиот живот го намалил влијанието на Шеријатот на два главни начини. Првата промена дошла со

[97] Во Сурата 3, Али Имран, (Семејството Имраново), во Ајетот 97, стои: „во неа се знаменијата јасни, и местото Ибрахимово. И кој ќе влезе во неа е безбеден. Хаџџот на Куќата заради Аллах е обврска за секој кој е во можност – за оној кој ќе се најде на пат. А оној кој не верува –та Аллах е Независен од луѓето!" Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, Преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012

прилагодувањето на муслиманските закони со закони кои потекнуваат од западниот свет во многу области од општественото живеење.

Втората промена е поврзана со семејното право кое што не било прилагодено на западниот правен систем. Во 1915 година неподносливата состојба во бракот на некои муслимански жени го присилила султанот да интервенира и во семејното право. Така, тој донел два царски декрета со што им овозможил на жените во одредени ситуации да бараат судски развод од бракот. Во 1917 година се донесува новиот турски закон за семејното право. Речиси истите закони подоцна следувале и во другите муслимански земји. Во Турција Шеријатот е укинат и е воведена европска легислатива.

Од друга страна, во Саудиска Арабија Шеријатот останал доминантен. Поголемиот број на муслимански земји денес главно имаат световни законици во сите области, освен во семејното право.

### *Празници и славење*

Двата најважни празници за муслиманите се Рамазанскиот Бајрам и Курбан Бајрам. Постојат и други празници како што се Хиџретската Нова година и денот на раѓањето на Мухамед (Мевлуд). Времето кога се обележуваат овие празници зависи од лунарниот календар според кој секој месец започнува со појавата на млада месечина. Муслиманската година трае 354 денови и е пократка за 10 или 11 дена од соларната година, па затоа времето за славење на празниците се поместува за тој период.

После постот во месецот Рамазан доаѓа големиот празник Бајрам кој трае три дена. Иако постојат одредени културолошки разлики во начинот на славењето на Бајрам во различните земји каде што живеат муслиманите, сепак имаат еден важен заеднички елемент, а тоа е Бајрам – намаз кој се извршува во џамиите. Во земјите на Балканот обично мажите одат во џамија на утринска молитва, односно Бајрам – намаз, а жените остануваат дома да го подготват бајрамскиот ручек. Во некои муслимански земји, но и во муслиманските заедници во Европа и Америка и жените одат на Бајрам - намаз бидејќи таквата пракса постоела уште за времето на Мухамед. Бајрам – намазот е краток, но особено значаен поради проповедта во која се сумираат резултатите од претходниот период. Во некои земји обичај е после молитвата во џамија да се посетат гробиштата и верниците да се молат за мртвите. Особено значен е и семејниот ручек на кој се собираат сите членови на семејството кои поради обврските во текот на годината не се гледаат често.

Курбан Бајрам е посебно важен бидејќи е поврзан со аџилакот во Мека. Почнува на десеттиот ден од дванаесеттиот месец според хиџретскиот календар. На крајот на аџилакот се принесува жртва (курбан). Секое семејство кое има обврска да плаќа данок (зекат) треба да принесува жртва во вид на овен, бик или камила. Курбан Бајрам исто како и Рамазан Бајрам почнува со молитва Бајрам – намаз во џамија. Во знак на сеќавањето на жртвата која бил спремен Ибрахим (Аврам) да ја даде за да го исполни даденото ветување кон Бога, муслиманите принесуваа жртва еднаш годишно.[98] Месото се дели на три дела: еден за соседите и пријателите, другиот дел за

---

[98] Во Сурата 37 Ес-Сафат (Редици), Ајети 100-108 е предадена приказната за Ибрахим. „Господаре мој, подари ми дете кое ќе биде меѓу луѓето добри! И ете, Ние го зарадувавме со мило дете. И бидејќи порасте, трудејќи се околу него, Ибрахим рече: „О синко, сонував, навистина, дека те колам, па види и размисли! Рече: О бабо, направи го она што ти се наредува. Ќе видиш, иншаллах, дека ќе се стрпам.„ И бидејќи двајцата беа послушни, и кога го легна со лицето кон земја, Ние повикавме: „О, Ибрахим„ – да, го исполни сонот. Ете, така Ние, навистина, ги наградуваме доброчинителите! Ова, навистина, е искушение вистинско. И Ние го заменивме со еден брав. А спроменот за него Ние го задржавме меѓу поколенијата по него. Превод на значењето од чесниот Куран на македонски јазик, Преведувач: Хасан Џило, февруари, 2012г.

роднините и третиот дел за сопствени потреби. Курбанот се дели и на оние семејства кои не припаѓаат на Исламот и не се гледа на која вера припаѓа првиот сосед кога се дели курбанското месо.

# ГЛАВА ТРЕТА

# НАЈВЛИЈАТЕЛНИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ

## ХИНДУИЗАМ

Поимот хиндуизам и Хинду не се споменуваат во шастрите. [99] Се смета дека уште во античкиот период оваа земја е наречена Индија. Грците овој збор го преземале од Персијанците, па терминот Хинду почнале да го употребуваат за означување на религијата и културата на народот кој живеел покрај двете реки Инд и Ганг, иако луѓето коишто живееле на оваа територија никогаш не го користеле тој термин. Самите Индијци својата религија ја нарекуваат Сантана Дарма при што зборот „сантана" означува вечен, а „дарма" може да се преведе од санскритски јазик како вистина, закон, религија. За Индијците нивната религија е „Вечна религија" или „Вечна вистина". Под поимот хиндуизам во поширока смисла на зборот се подразбираат религиските системи во Индија кои припаѓаат на Астика.[100] Хиндуизмот пак во потесна смисла на зборот го означува религискиот систем кој произлегува и се развива од Брахманизмот, а своето формирање и развој го започнал во 6 век пр.н.е. Религиските системи кои го отфрлаа авторитетот на Ведите со општо име се нарекуваат Настика. Во таквите религии се вбројуваат: будизмот и џаинизмот.

Хиндуизмот нема свој основач или веројавител како што е случајот со јудаизмот, христијанството и исламот, нема обединет систем на верувања, ниту пак институционална структура со која раководи еден авторитет. Главна карактеристика на хиндуизмот е разновидноста, иако постојат голем број научници кои се обидуваат да ги утврдат заедничките црти на различните традиции кои ја сочинуваат оваа религија.

Развојот на хиндуизмот како религиски систем започнува со ведаизмот[101] (ведскиот период), за кој се претпоставува од страна на историчарите дека доминирал во периодот од 1500 година пр.н.е. до околу 1000-800 година пр.н.е. Централно место во ведскиот период заземал ритуалот на принесување на жртва. Како жртва се принесувале животни, леб, путер,јадење од ориз и најважното-халуциногеното растение сома, а сето тоа го converted гореле во пречистувачки оган. Најважните богови на кои им се посветувал овој ритуал биле:

- Варуна, Богот на небото за кој се смета дека е творецот на светот и одржувач на редот во вселената и општеството;
- Сурја, Бог на сонцето;
- Индра, Бог на дождот, но и најпопуларен Бог во Ведите;
- Агни, Бог на огнот, извор и заштитник на животот и на човечкиот род. Тој е прворođен меѓу боговите. Првосвештеник и на небото и на земјата и
- Сома, Бог на инспирацијата, но во исто време сома е и халуциногено растение.

Пред да изгрее сонцето таткото на семејството застанувал пред олтарот, каде што горел огин и изговарал молитва, а мајката и синот излевале сок од сома во огнот Агни. Пламенот којшто се издигнувал ја носел пречистената молитва кон невидливите Богови.

Брахманизмот го опфаќа периодот од околу 1000-800 година пр.н.е. до околу 600 година пр.н.е. Веќе во почетокот на првиот милениум пред нашата ера јазикот на

[99] Шастри е санскритски збор што значи подучување, учебник. Со тој збор се нарекува целокупната индиска религиозна литература која ги опфаќа сите книги, закони и коментари кои се поврзани со Ведите.

[100] Астика преведено од санскритски значи ортодоксен или верен на Ведите и во него спаѓаат ведаизам, брахманизам и хиндуизам.

[101] Веда преведено од санскритски значи знаење. Се смета дека таквото знаење има полубоженствено потекло бидејќи им било пренесено на седумте мудреци. Ведите на почетокот се пренесувале усно, а литературно се обликувани во четири (книги) Веди.

ведските химни станал сè повеќе неразбирлив за новите генерации. Тоа ја наметнало потребата за изработка на коментари на ведските текстови кои биле наречени со општо име Брахмани. Името го добиле по кастата на свештеници (брахмани) кои се занимавале со препишувањето, а подоцна и со толкувањето и коментирањето на Ведите. Бидејќи само тие ја познавале суштината на религиските текстови и поседувале знаење за да можат да ја толкуваат внатрешната смисла на истите, тие почнале да заземаат сè повисоко место во општествената стратификација. Така постепено, почнале да се формираат и другите касти кои станале главна карактеристика на индиското општеството. Ведите заедно со нивните коментари (Брахмани) постепено стануваат апсолутен авторитет над кој се изградува религиозниот систем на хиндуизмот во поширока смисла на зборот. Во хиндуизмот се употребуваат три основни концепти поврзани со терминот брахмани меѓу кои треба да правиме разлика.

Поимот брахмани како прво, се употребува за да се означи општо коментираната литература на Ведите, но исто така, и за да се означи религискиот систем кој се оформил во првата половина на првиот милениум пред нашата ера во Индија. Како второ, овој термин служи да се означат припадниците на највисоката каста во индиското општество кои имале висока религиска едукација и дејствувале како учители или свештеници. И на крај, со терминот брахмани се означува религиската литература која ги содржи правилата и каноните според кои се извршува целокупната богослужба.

Терминот Брахман се користи за да се означи врховното суштество кое е бесконечно и непроменливо. Брахман не е ограничен ниту од просторот ниту од времето.

Со терминот брахма се означува првото живо суштество во вселената кое произлегло од Брахман и како таков тој е врв на креацијата. Неговата главна функција е создавањето на светот.

Основни извори за проучување на брахманизмот се: Брахмани,Арањаки и Упанишади.

Брахманите како што веќе истакнавме претставуваат зборници на ритуали кои им укажуваа на свештениците на кој начин треба да ги извршуваа сложените обреди на принесување на жртва.

Арањаките претставуваат еден вид на прирачници за аскетите, кои се оддалечуваат од световниот живот и се посветуваат целосно на духовното усовршување.

Упанишадите[102] претставуваат тајни учења кои можат да бидат откриени само од Гуру[103] на ученик. Тие се составени од 108 филозофски дела, со различен обем, и претставуваат основа на која се изградени огромен број на религиски и филозофски системи во Индија. Упанишадите се завршени околу 9 – 6 век пр.н.е. и според некои религиски школи се сметаат за финален дел од толкувањето на Ведите, па затоа уште се нарекуваат и Веданта.[104] Основниот придонес на Упанишадите е во тоа што тие ја утврдуваат нематеријалноста на Врховниот, Апсолутниот (Брахман), и го опишуваат како вечна непројавена реалност од која потекнува сè на овој свет. Во Упанишадите е

[102] Овој збор доаѓа од санскритските зборови: „Упа" – блиску, „ни" – долу и „шад" – седи или „седам долу близу" (до учителот).

[103] Гуру преведено од санскритски значи учител, а се мисли пред сè на духовен учител. Во хиндуизмот се признаваат четири степени на Гуру: Родителите кои ни помагаа во развојот на нашето тело и нè запознаваат со основите на животот и неговите проблеми; учителите во световниот образовен систем кои се грижат за нашето образование; духовниот учител кој го знае патот и ни ја објаснува смислата и целта на животот и космичкиот учител, кон кој не води духовниот гуру и кој е совршен и просветлен.

[104] Доаѓа од санскритските зборови „Веда – анта", што значи крај на Ведите.

утврдена крајната цел на човекот. Таа цел не е како во претходниот период реализација на земна или небесна среќа преку правилно извршување на ритуалот со принесување на жртва, туку ослободување од повторното раѓање и повторно спојување со брахман кое се постигнува преку вистинско знаење и разбирање на светот во неговото единство.

Религискиот систем на брахманизмот под влијание на Упанишадите ги добива следните нови карактеристики:

- Се утврдува дека авторитетот на Ведите е вечен и неизменет;
- Се утврдува дека на врвот на општествената хиерархија се наоѓа свештеничката каста;
- Принесувањето на жртви кое е утврдено веќе од новосоздадената каста брахмани, се смета за задолжителен дел од богослужбата;
- Се утврдува ашрама – дарма, односно Законот според кој треба да се однесуваа мажите кои потекнуваат од првите две касти, а е поврзан со четирите степени на човечкиот развој и патот кон духовното совршенство. Првиот период од 5 до 25 години е период на безбрачност. За овој период се препорачува полово воздржување и проучување на светите книги. Вториот период од 25 до 50 или 60 години е период на семеен живот. Во овој период секој е задолжен да ги извршува своите семејни и општествени обврски. Третиот период од развојот на човековиот живот е период кога верникот треба да ја прекине секојдневната работа и да размислува за својот животен пат. Овој период треба да се поминува во пост за да може постепено да се подготви за следниот степен. Последниот период е период на аскетизам. Во овој период човекот не треба да има определено живеалиште треба да талка по целата земја и да се посвети целосно на духовниот живот.[105]

### ***Хиндуистичка филозофија***

Светот е во облик на јајце и го создал Брахман. Горната половина на јајцето се состои од седум слоеви од кои три ја сочинуваат земјата, воздушниот простор и небото а над нив се простираат четири фини небески регии во кои живеат богови или духови. И долната половина на светското јајце се состои од седум делови или под светови во кои живеат демони и змиски духови.

Според Пураните и Махабхаратата постојат четири временски периоди. Првиот период кој е наречен кртајуга претставува златен период во кој луѓето живеат во доблест и среќа. Во вториот период, третајуга опаѓа доблеста и настапуваат страста и желбата за поседување. Во третиот период двапараjуга се зголемува алчноста и измамата. Според хиндуистите светот денес се наоѓа во периодот калијуга кој претставува најлош период после кој следи уништувањето на светот. Кога ќе заврши овој циклус светот се разорува со оган или со вода, а космичкото јајце се враќа кај својот извор, односно Брахман. Потоа започнува нов циклус на формирање и пропаѓање на светот. Овој период почнал со смртта на Кришна во 3102 година пр.н.е. а со новата инкарнација на Кришна за околу 427 000 години ќе биде воведен новиот златен период (кртајуга). Кога повторно ќе се создаде светот сите живи суштества ќе ги добијат облиците кои се поврзани со основата на нивните дела. Душата е подложена на вечен круг на раѓање и умирање кој се нарекува самсара. Кога некој ќе умре и кога душата ќе го напушти телото, за време од најмалку три човечки животи душата останува на месечината. Потоа се враќа во телото на новосоздадено суштество

[105] *Ивайло Костов, Световни религии,Аскони –Издат, София, 2000*

при што кармата[106] ја одредува позицијата и начинот на новото раѓање. Во таа нова егзистенција душата ќе ги жнее плодовите на своите добри дела или ќе плаќа казна за лошите дела. Според верувањата на хиндуистите, светскиот поредок е одреден со определен морален принцип кој се нарекува карма или закон на каузалитетот, односно за секоја причина постои и последица. Секој чин кој етички се вреднува позитивно или негативно, носи самиот во себе семе за награда или казна. Во случај тоа семе да не никне во сегашниот облик на егзистенција, сепак ќе донесе плодови во идниот живот. Кармата не ја напушта душата ни по пропаѓањето на светот. Бидејќи секоја егзистенција ги има за основа делата кои се направени во претходниот живот, а секое дело сторено во сегашната егзистенција претставува основа за повторно раѓање можеме да заклучиме дека кармата нема ни почеток ни крај. Според хиндуистите постојат неколку степени за пропаст и спасение. Пропаста може да настапи во секој ден од егзистенцијата на кое било живо суштество во вид на суша, лоша жетва, болест, неплодност итн. но може и да се избегне таквата пропаст и да се добие спасение. Но, највисоката цел на спасение за секој хиндуист е да се избегне вечниот циклус на раѓање и умирање (самсара) и да се постигне мокша. Постигнување на мокша значи целосно ослободување од циклусот на раѓање и умирање (самсара) и од сето незадоволство, страдање и смрт, но и од сета среќа и задоволство поврзани со тоа. Затоа човекот повторно и повторно ќе се раѓа се додека не го постигне тој степен на совршеност после кој се соединува со Бог и станува едно со Бог.

За патиштата на спасување како ослободување од синџирот на повторно раѓање, постојат повеќе сфаќања, кои зависат од претставата на Бог и размислувањата за изворот на светот во кој се враќаат сите живи суштества. Патиштата на спасение кои се нарекуваат јога или марга (на санскритски значи пат), заедно не се исклучуваат, дури можат и лесно да се комбинираат.Најзначајни се:

- Карма марга (јога) – пат на делата,
- Џнана марга (јога) – пат на сознанието,
- Бакти марга (јога) – пат на божјата љубов.

Карма марга (пат на дејствувањето) повикува на дејствување и преку ритуални или етички дела води кон спасение. По овој пат може да чекори секој хиндуист. Карма –јога им овозможува на обичните луѓе каде и да се наоѓаат, во својот секојдневен живот да внесат духовна димензија. Ова учење во голема мера се поврзува со учењето на Багавадгита (Божјата песна) во кое се вели дека дејствувањето може да биде позитивно средство за лична преобразба ако луѓето ги извршуваат несебично своите должности и за својата верност не бараат повисока положба во општеството како награда. Во Багаватгита која е дел од Махабхарата, војникот Арџуна прашува дали на бојното поле мора да убива многу. Кришна му дава совет да ја заврши својата должност како војник. Доколку дејствуваш како што ти пропишува твојата должност, тогаш ќе го постигнеш најмногу.Во тој контекст подобро е да ги извршуваш своите должности на нецелосен начин, отколку да извршуваш туѓи должности.

Џнана марга, (пат на мудроста/знаењето). Овој пат на спасение можат да го следат само оние кои се филозофски образовани, и води од незнаењето кон апсолутното знаење, кое се издигнува над секоја религија. Потрагата по мудроста подразбира практикување на религијата, трансцендентална медитација, самопречистување и најважно од сѐ, почитување на светите списи. Ведите, особено Упанишада даваат знаење за Брахман и за нашата вистинска позиција во светот. Џнана-јога ослободува од карма и од циклусот на животот и смртта, а всушност и од болест, старост и од смрт. Славното учење на Упанишадите истакнува дека во духот (атман) луѓето се идентични со Брахман. Според верувањето на некои хиндуистички

[106] Карма на санскритски значи дело, акт, чин.

школи, луѓето во текот на својот живот можат да се ослободат ако ја сфатат таа вистина.

Третиот пат на спасението, карактеристичен за хиндуизмот води преку бакти (на санскритски значи предавање со љубов, доверлива наклонетост) и подразбира неограничено предавање и љубов, апсолутна верба во некој Бог спасител. Несебичната љубов кон Бог ја поништува кармата од минатото и резултира со интимен, блажен, верен однос со божеството, па на тој начин доаѓа и спасението бидејќи Бог е над сè. Во вишнуистичката теологија се верува дека може да се придобие милоста на Вишну,само доколку му се предадеме со искрена љубов.

### *Свети списи во хиндуизмот*

Главните извори за проучување на класичниот хиндуизам се: Махабхарата, Рамајана и Пурани.

Махабхарата  е најдолгиот еп во светската литература и се состои од 18 книги со различен обем. Во неа се вклучени древни индиски преданија и легенди за непријателството и битките помеѓу две големи династии од кои едната потекнува директно од сонцето, а другата директно од месечината. Околу сижето на основната приказна се опишани многу митови, морални проповеди, филозофски расудувања кои го прават епот една огромна енциклопедија во која е опишан индискиот темперамент, обичаите и нивните религиско-филозофски идеи. Основната идеја која проникнува низ целиот еп е рамнотежата помеѓу доброто и злото која ја генерира општата хармонија и се наоѓа во основата на битието на овој свет.

Најпозната книга од Махабхарата е Багавадгита која се смета за најважна книга која некогаш е пишувана во Индија, а од некои автори е наречена и „Новиот завет" на Индија. Во неа Кришна, аватарот на богот Вишну го подучува принцот Арџуна за филозофијата на животот и во исто време му се покажува во целата своја слава. Во оваа книга се изложува учењето за бесмртноста на душата за повторните раѓања и таинственото спојување на душата со Бог. Особено важен е фактот дека Багавадгита претставува спис на помирување и обединување на главните хиндуистички теолошки струи. Во него се вели дека кој било пат (марга или јога) кон спасението е еднакво вреден.

Рамајана е вториот значаен еп од Индија кој е напишан на санскритски помеѓу 200 година пр.н.е. и 200-та година. Во книгата се раскажува приказната за принцот Рама кој неправедно бил симнат од престолот, па заедно со жена му Сита заминува во шумата каде што се посветува на медитација. Сита била грабната од демонот Раван. И овде главната приказна е посветена на борбата на силите на доброто против силите на злото. Рама е типичен пример за доблест и совршенство и се претставува како аватар на Вишну кој земал човечки лик за да го искорени злото. Ова дело е значајно бидејќи ги опишува обичаите и верувањата во тој период. Одредени автори Рамајана ја сметаат за протест против будистичкото монаштво бидејќи ги потенцира семејните вредности и докажува дека не е неопходно по секоја цена да го напуштиш семејството за да постигнеш потполно ослободување.

Проучувањето на двата епа Рамајана и Махабхарата се смета за света должност на секој хиндуист и напредување кон целосното ослободување (мокша).

Пураните претставуваат Зборник од 18 книги кои најверојатно настанале околу 8-от век. Секоја книга е посветена само на едно божество и се фалат неговите доблести. Во секоја Пурана се почитуваат сите Богови, но за врховен Бог се означува оној на кој е посветена конкретната Пурана, а останатите Богови се сметаат за негови инкарнации. Шест Пурани се посветени на Брахма, шест на Шива и шест на Вишну.Пураните претставуваат авторитет на којшто почива современиот хиндуизам. За разлика од Ведите и Упанишадите, Пураните се преведени на сите локалните јазици и

се достапни за целокупното население на Индија. Содржината на Пураните е позната и на неписменото население бидејќи им се пренесува од страна на нивниот гуру.

***Верувања***

Многу хиндуисти веруваат дека низ вековите нивните учења и верувања станале исти. Но, различностите во хиндуизмот навеле одредени автори да зборуваат за хиндуистички религии, а не за една теологија, за хиндуизми, а не за хиндуизам. За многу автори хиндуизмот не е толку систем на верувања колку што е начин на живот. Ако ги прашате хиндуистичките верници за нивните верувања тие често почнуваат да раскажуваат за своите етички учења: љубезност, вистина,гостољубивост, почит кон семејството, особено кон постарите и родителите. Можеби ќе продолжат да зборуваат за одредени Богови, за авторитетот на одредени свети текстови, за важноста на аџилакот или принципот на карма. Некои, но не сите, може да ја прифаќаат општествената хиерархија на четирите варни (системот на касти) кои се определени со принципот на чистота и скврнавење. Хиндуистите може да бидат политеисти или монотеисти. Тие веруваат во еден Бог кој има многу инкарнации (аватари). Тие може да веруваат во сите тие богови, но му се посветени на еден кој им е посебен како например Кришна. Тие веруваат дека ако живеат добар живот, им помагаат на другите и му служат на Бог ќе живеат подобар живот кога ќе се реинкарнираат. Некои хиндуисти веруваат дека почитувањето на сите суштества бара од нив да бидат вегетаријанци, додека пак други хиндуисти, жртвуваат животни во храмовите.

Класичниот хиндуизам како религија произлегол од брахманизмот, којшто добива нов карактер како резултат на општествените промени во Индија. Тој се развива во три етапи. Првата етапа претставува суштинска промена на старите ведски божества. Моќта на Индра постепено почнува да слабее, а Агни и Сурја се претопуваат во Богот Вишну.

Почетокот на втората етапа е обележана со прифаќањето на новата концепција за суштината на Брахман–концепцијата за Тримурти (Тројно претставување)–трите повисоки манифестации на Брахман преку трите врховни божества: Брахма, Шива и Вишну.

Третата фаза започнува кога епскиот херој Кришна започнува да се идентификува како Вишну.

Поголем дел од хиндусите веруваат во еден Бог, но сметаат дека тој делува во различни облици. Така, според нив единствен Бог е Брахман, но тој не е секогаш еднаков, туку често се менува дури низ милиони облици. Така, на пример, кога Бог го создава светот се нарекува Брахма, кога се грижи за луѓето во светот се нарекува Вишну, а кога тој свет се уништува (поплави, земјотреси и други големи несреќи) се нарекува Шива.

Во класичниот хиндуизам Бог се претставува во три лица (тримурти): Брахма–творецот на животот, Шива-„разурнувачот‟ на животот и Вишну-одржувач на животот. Овие три Бога вложуваат еднакви напори за да се сочува битието на вселената, додека не настапи крајот на нејзиното време, по кое таа повторно ќе се разложи на своите составни делови според силата на сопствените закони. И тогаш трите Бога ќе го создадат новиот свет. Тримурти се претставува со скулптура на која на едно тело се поставени три глави кои се свртени на различни страни и кои ги претставуваат трите божества Брахма, Шива и Вишну.

Задачата на Брахма е да го создаде духовниот свет. Брахма е творец на светот бидејќи ја предизвикува појавата на светот и сѐ што постои на него, но не на тој начин којшто е прикажан во Библијата и Куранот, каде што Бог свесно и намерно го создал светот. Брахма спие, додека околу него ништо не суштествува. Кога ќе се разбуди, ќе се оформи и светот. Брахма останува буден еден ден кој е еднаков на две милијарди

човечки години, а потоа повторно заспива и тогаш целиот опиплив свет ќе исчезне и ќе се врати кај Божествената суштина (Брахман). Во уметноста, Брахма често се претставува со четири лица кои гледаат на четирите страни на светот кои ги симболизираат четирите Веди.

Особено значаен момент за религиозниот систем на целиот хиндуизам е тоа што Боговите за да можат да творат секогаш се претставуваат со своите божествени сопруги. На тој начин божествата се предаваат во целата своја хармонија. Сопругата на Брахма е Сарасвати, која е наречена уште и Брахми.

Шива е претставен како месечев Бог. Во неговата коса е вплетена месечината, а преку неа тече светата река Ганг. Тој е Бог на планините и поради тоа се смета за заштитник на Аскетите и Јогите. Тој е татко на свештениците - брахмани и ги знае напамет светите химни на Ведите. Шива е божество во кое се сретнуваат сите спротивности и се разрешуваат во основно единство. Тој е разорувач на животот но и негов повторен творец, тој е извор на доброто и злото.Тој се прикажува и со неколку пара раце: еден пар раце ја означува рамнотежата помеѓу животот и смртта, додека другиот пар упатува на судирот помеѓу доброто и злото. Шива ја открива основната природа на стварноста–спротивностите на животот и смртта, на креацијата и деструкцијата, на аскетското и еротското. Севкупниот живот зависи од преплетувањето на тие спротивности. На челото му е насликано третото око со кое може да ги види сите скриени и тајни мисли. Понекогаш се претставува како на неговата нога седи неговиот син Ганеша со глава од слон. Слонот се јавува во многу народни преданија како животно кое е надарено со голема мудрост и знаење. Околу вратот на Шива често се претставува кобрата Васуки која е симбол на ненадејниот гнев кој Шива го држи под контрола на својот врат. Во една од легендите се раскажува дека Васуки се разгневила на целиот свет и решила да го уништи со посредство на силата на својот отров. Во таа намера во последен момент ја спречил Шива кој ја ставил на вратот за да може да ја контролира.Втората карактеристика на Шива е неговата енергија или творечка сила (Шакти). Шива е творец, исто како и Брахма, но за да твори му е неопходна материјата која исто така на санскритски се нарекува Шакти и претставува втората половина од Бог, односно Божица. Според индиската митологија тој е создаден од Брахма, со цел да го создаде видливиот свет. Но, Шива побарал жена за да може да создава и Брахма за него создал жена која е позната под името Парвати. Во хиндуизмот Бог се претставува секогаш како совршено единство помеѓу мажот и жената.

Третиот аспект на Шива е Бог на смртта, а неговата божествена сопруга се нарекува Кали. Поради овој негов аспект е нарачен разорувач или уништувач на животот. Но, во Хиндуизмот смртта се смета за неопходен дел од животот и на тој начин се потврдува основниот принцип на религијата, дека смртта не е нешто последно, туку претставува претходна состојба на поинаков облик на суштествување.

Во најстарите хиндуистички текстови Вишну успеал да ги потчини трите света – подземниот, земскиот и небесниот. Како заштитник и одржувач на животот тој секогаш бил убедуван од другите Богови да се симне меѓу луѓето за да воведе ред и да ги уништува злите сили. На таков начин во хиндуизмот се среќаваме со учењето за „аватари" или инкарнација на божеството. Во Пураните се набројуваат 28 аватари на Вишну, но секако најпознатите се: Рама Кришна и Буда. Последната инкарнација на Вишну ќе биде Калкин, кој се очекува да се случи кога тој ќе дојде како коњаник на бел коњ, со меч во раката за да ги казни злите сили и да ги спаси од непријателот своите верни поклоници. Вишну се разликува од другите богови по неговиот благороден карактер, кој е исполнет со нежност и милосрдие кон сите човечки суштества. Кога Вишну се симнува на земјата со човечки лик секогаш се појавува и неговата сакана сопруга Лакшми. На тој начин во индиските преданија постојано се утврдува идејата за бесмртноста на љубовта помеѓу сопружниците, а бракот

претставува божји благослов за мажот и жената. Кога ќе стапат во брак мажот и жената остануваат засекогаш заедно бидејќи не постои сила која може да го промени божјото предодредување. Така во преданијата за Вишну кога тој се појавува во ликот на епскиот херој Рама, Лакшми се инкарнира во Сита за да стане негова жена, а кога Вишну се инкарнира во Кришна со единствена цел да се омажи за него Лакшми се раѓа како Рукмини.

Денес 70 % од хиндуистите го прифаќаат вишнуизмот (почит кон богот Вишну), 25% шиваизмот (почит кон Богот Шива),3% шактизмот (почит кон божицата Шакти или Деви), 1,5% неохиндуизмот и 0,5% реформираниот хиндуизам.[107]

Хиндуистичките верувања за живот после смртта се сложени. Повеќето хиндуисти веруваат дека повторно ќе се родат во друго тело во зависност од својата карма. Но, мокша (спасение или крајно духовно исполнување) може да се сфати на разни начини: како конечно соединување со Брахман, состојба на совршено блаженство, соединување со Бог или ослободување во некое небесно царство или рај.

За искажување на почит кон Богот или Боговите најчесто се користи ритуалот пуџа, религиска почит која најчесто се изведува во храмовите. Овој ритуал обично го извршуваат свештениците брахмани, а често се спроведува и на куќните олтари. Пуџа може да биде наменета за кој и да е од многуте богови или божици на хиндуистичкиот пантеон. Меѓу нив се истакнуваат најголемите богови Вишну и Шива, како и божицата Шакти.

Во храмовите посветени на разни хиндуистички богови и божици обично се наоѓа осветената статуа на односното божество, а ритуалот пуџа се однесува на него. Во текот на пуџа свештеникот ритуално се прочистува себе си и олтарот и со тоа ја повикува присутноста на божеството во статуата. Потоа му искажува почит со тоа што ритуално го бања, симболично го храни, па во ритуалот светлина мавта околу него со ламба. Тоа често е проследено со повторување на мантри на санскритски јазик, со дување во школка и со ѕвонење на ѕвонци. Хиндуистите во своите приватни олтари спроведуваат скратен облик на тој ритуал. Секое хиндуистичко семејство има олтар каде што има статуа на божество, а во знак на почит секој ден член од семејството го изведува ритуалот пуџа.

Според хиндуистичките сфаќања, светото е сеприсутно насекаде и не се наоѓа само во храмовите и осветените статуи, туку и во природата, каменот, дрвото, во планините и реките. Повремено светото се манифестира во облик на таинствена карпа, поток или извор, а местото за таа манифестација станува место за обожавање. Аџиите се собираат на таквите места во текот на поволните месеци од хиндуистичкиот календар. Светото често се објавува и во живи суштества како што се крава, мајмун, а во некои делови од Индија дури и змијата и стаорецот се сметаат за свети животни, па затоа им искажува почит.

Многу почесто се искажува почит кон мажи и жени за кои се верува дека имаат натприродна моќ и со чија помош може да се преобрази животот на верниците и да се обезбеди нивна благосостојба.

### *Семејство и општество*

Кастите (варни) и поширокото здружено семејство често се клучни карактеристики на традиционалното хиндуистичко уредување. Религијата има значајно влијание во обликување на кастинскиот систем. Секој хиндуист се раѓа во кастата на своите родители. Традиционално кастите претставувале голема група на луѓе од иста професија, а степенот на чистота на таа професија се одредувал според степенот на чистотата на кастата. Брахманите се највисоката и најчистата од сите касти бидејќи

[107] *Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004*

тие ги познаваат светите текстови,ги одржуваат ритуалите и почитта кон Боговите. Овие дејства се сметаат за најчисти. На спротивниот крај на хиерархијата се париите уште наречени и „недопирливи" кои поради својството „нечистотија" врзана за нивната професија (чистење, штавење кожи и сл.), биле исклучени од секојдневниот општествен живот. После брахманите следат кшатрии, кастата на владетели и војници чија главна цел е одржување на поредокот во општеството.Третата каста ја сочинуваат вајшии, тие се главно селани трговци, банкари и занаетчии.Најниската од четирите касти ја сочинуваат шудри, (слуги), во која пред сè спаѓаат работниците. Врз база на овие четири касти се создале од 2000 до 3000 подкасти (на санскритски: јати, што значи раѓање) кои настанале како резултат на понатамошните специјализирани професии. Кастинскиот систем за хиндуистите е свет и вечен и е во тесна врска со претставата за карма. Бидејќи човекот е заробеник на самсара, кружниот тек на повторните раѓања, законот на карма му ја одредува припадноста на точно определена каста. Отфрлање на кастинскиот поредок значи спротивставување на вечно важечкиот поредок на светот. Само со исполнување на кастинските прописи може да се обезбеди подобро повторно раѓање или целосно ослободување. Кастинскиот систем ја детерминира и човечката интеракција, па секој хиндуист уште од мали нозе го знае своето место и во сооднос со тоа и се однесува кон еднаквите, повисоките или пониските касти.

Бидејќи со светот владее еден вечен светски закон (дарма) кој се одразува во сите области на животот, во вселената и во општеството, сите религиски школи го поставуваат тој закон како обврска во дејствувањето на луѓето. На тој начин дарма станува централенпоим во хиндуистичката етика. Секој хиндуист кој според својата карма е роден во одредена каста за цел живот е врзан за дармата на својата каста и одредени должности кои произлегуваат од неа. Членовите на една каста се меѓусебно поврзани со строги прописи кои се однесуваат на професијата, бракот, јадењето и пиењето, обичаите по што и се разграничуваат кастите една од друга.[108]

Првите три касти се наречени „двапати родени"бидејќи нивните машки членови ја поминале иницијацијата со која е потврден нивниот статус на полноправни членови на општеството. Тој обичај на иницијација ги одделувал од четвртата класа слуги (шудри), кои поради својата ниска положба биле исклучени од ведските традиционални ритуали што обезбедуваат бесмртност. Според хиндуизмот првите три касти можат да поминат низ четирите фази на човековото суштествување, познавање на светите книги, станување глава на семејството, повлекување во шумата и одрекување од светот, но во најголем број на случаи стигнуваат само до втората фаза.

Како додаток на должностите се препорачуваат слободно избрани дејности кои донесуваат заслуги (пуња). Тука спаѓаат подароци за брахманите, подигање на чешми, храна за сиромашните одрекување од одредени работи на одредено време. Највисоките идеали се милосрдие, сочувство и ненасилство. Во етичките животни цели спаѓаат арта и кама кои можат да обезбедат духовна и општествена хармонија.Арта (световно богатство, материјална благосостојба и успех) е соодветна цел ако се извршува без копнеж, лутење и алчност. Човек треба да обезбеди сè за себе и за своето семејство. Не е грев да си богат ако при создавањето и управувањето со богатството, не се прекршува дарма. Арта се однесува и на богатството на поединецот и на богатството на државата. Се смета дека стабилно и богато општество е можно преку богатството на секој поединец.Кама (уживање, копнеж) е исто така доследна цел ако е во согласност со дарма. Тоа е остварување на пријатни активности,

---

[108] Главните заповеди кои се поврзани со кастинскиот систем се: стапување во брак само со личност од сопствената каста, избор на професија која е дозволена за сопствената каста, заеднички оброк само со припадниците на истата каста. Колку повисоко се наоѓа некој поединец во кастинската хиерархија, постојат и построги правила за него.

вклучувајќи љубов, игра, рекреација, уметност и литература. Крајната цел на сите дејствија е постигнување на мокша и ослободување од самсара.

Онака како што кастата определува нечие место во општеството, така и положбата во здруженото (пошироко) семејство определува нечие место во домаќинството. Во системот на здружено семејство, често под ист покрив живееле три и/или четири генерации, делејќи заеднички животен простор. Глава на семејството бил обично најстариот маж. Во традиционалното хиндуистичко семејство фамилијарниот имот го наследувале мажите. Жените ретко кога поседувале или контролирале семеен имот. Традиционално, идентитетот на жената произлегувал од авторитетот на мажот во нејзиниот живот. Пред бракот тоа обично бил таткото, по мажењето нејзиниот сопруг. Обично на бракот не се гледа како на формализација на романтичниот однос помеѓу двајца, туку на договор помеѓу две семејства кои припаѓаат на иста каста. Невестата на семејството на младоженецот му носи богатство во вид на чеиз. Според раширеното верување, родителите со давањето на својата ќерка во семејството  на младоженецот стекнуваат духовни заслуги. Иако во некои случаи е допуштено жена да се омажи во семејство со повисок општествен статус, обратната ситуација, односно жена да се омажи за маж од пониската каста е строго забранета.

И во современото хиндуистичко општество преовладуваат кастите и здружените семејства, сепак забележливи се одредени промени кои настанале благодарение на промените во економскиот систем. Во современото хиндуистичко општество кастата веќе не ја определува професијата на човекот, неговиот приход или општествениот статус. Тоа посебно доаѓа до израз во градските средини каде што современите професии и работни места им обезбедуваат на вработените извесен степен на автономија во однос на кастинските ограничувања. Слично на тоа и системот на здружено семејство најдобро можел да функционира додека професиите биле наследувани, па различните генерации на едно семејство приход за егзистенција добивале од ист извор. Урбанизацијата и индустријализацијата донеле нови, многубројни можности за вработување, а современите образовни институции ги обучуваат на различни вештини учениците од различно потекло.Со тоа на помладите им е овозможено не само да ги сменат наследните семејни професии и да стекнат сопствена, туку и да создадат независно сопствено семејство. Бидејќи има сѐ повеќе жени вработени во системот на образованието и во други дејности, тие повеќе не се зависни од машките членови на семејството.

Иако постојат случаи во кои потесното семејство го заменува здруженото, сепак здруженото семејство продолжува да биде главен облик на хиндуистичкото општество. И денес постарите членови сѐуште имаат голем авторитет кај помладите. Родителите и понатаму водат главен збор за одредување на животните партнери на своите синови и ќерки, иако во современиот хиндуистички свет се зголемува бројот на поединци кои самите одлучуваат со кого ќе го поминат животот.

### *Празници и славење*

Годишниот циклус кај хиндуистите се карактеризира со голем број религиски свечености.Дел од нив како што се Холии Дивали се прославуваат во цела Индија, но постојат и свечености кои имаат регионален карактер.

Холи е празник на пролетта кој се прославува во февруари или март. Со овој празник се слави заминувањето на зимата, но и цутењето на љубовта, па сите луѓе го користат овој ден да се забавуваат, да простат и да ги подобрат меѓусебните односи во заедницата. Прославата започнува ноќта пред Холи кога се изведуваат верски ритуали пред огнот каде што се молат нивното внатрешно зло да биде уништено. Следниот ден е фестивалот на бои кога луѓето меѓу себе се прскаат со вода и боја. Се

посетуваат семејствата, пријателите и непријателите, се забавуваат и споделуваат храна и пијалаци.

Дивали е празник на светлината кој се слави пет дена во средината на октомври или ноември. За време на празникот луѓето ја осветлуваат внатрешноста и надворешноста на своите домови со ламби и свеќи. Овој празник ја симболизира победата на светлото над темнината, на доброто над злото и на знаењето над незнаењето. Тогаш се собира семејството и се разменуваат подароци.

Една од најзначајните свечености кои се одбележуваат регионално е свеченоста на храмот. На тој ден во џиновска кола, убаво декорирана, се носат слики и статуи на божеството од храмот и го обиколуваат целиот град или село.

## ЏАИНИЗАМ

Паралелно со диференцијацијата на брахманизмот во Индија почнале да се појавуваат религиозно–филозофски идеи кои биле поразлични од религиската основа која е базирана на Ведите. Носители на таквите идеи биле аскетите кои се одрекувале од светот и животот го поминуваат талкајќи наоколу, без сопствено живеалиште, во согласност со учењето за ашрама дарма. Таквите аскети биле наречени шрамани. Тие го отфрлаат авторитетот на Ведите и општествените норми кои се градени врз база на тој авторитет. Од ова произлегува и нивното несогласување со брахманите, како и со нивните претензии да го заземаат највисокото место во општеството и да бидат единствен коректив на највисоката вистина. Според учењето на шраманите секој ученик кој ќе вложи голем напор е во состојба да ја совлада таа вистина. Тие го отфрлаат традиционалниот кастински начин на живот којшто е опишан во Ведите и даваат нов поглед за местото и улогата на човекот во природата и светот. Шраманите живееле како учители скитачи и трагачи по вистината, преживувајќи од храната која ја добивале со питачење. Единствена нивна задача била преку различните медитативни пракси и аскетско лишување да истражуваат, а потоа да размислуваат и дебатираат за изменетите состојби на свест низ коишто поминувале. Во текот на 6 век пр.н.е. шраманската традиција спомнува шест големи учители коишто дејствувале во Северна Индија и кои околу себе успеале да соберат поголем број на приврзаници.

Дејноста на ваквите учители – шрамани се совпаѓа со раѓањето на едно учење кое иако во следните периоди не привлекува многу следбеници како што тоа го направиле хиндуизмот и будизмот, сепак служи за основа на една религија која има влијание и до денешен ден.

Основач на џаинизмот е Вардхамана, но е попознат под името Махавира[109] кое му го дале неговите следбеници. Исто така, го нарекувале и Џина (победник) од каде што доаѓа името на целиот религиски систем. Тој е современик на Буда, а за неговиот живот добиваме голем број информации од џаинистичките хроники. Бил зачнат во денешната сојузна држава Бихар во семејство на брахмани, но неговиот ембрион од страна на Индра бил пренесен во утробата на принцезата Трисала која била сопруга на кралот Сидарта и припаѓале на кастата на кшатриите. За разлика од ведската литература во која светите луѓе се раѓаат само во кастата на брахманите во џаинизмот Џините се раѓаат во кастата на војниците и благородниците (кшатрии).Роден е во 599 година пр.н.е. и бил воспитуван според религиските пишувања на Паршва, кој според џаинистичкото предание се смета за 23-от Џина (тиртханкара)[110]. Според одредени текстови Махавира имал сопруга и ќерка, а неговиот зет бил главната причина за

[109] Махавира преведено од санскритски јазик значи голем херој

[110] „Водач преку реката" на световниот живот

расколот во џаинизмот. Според други текстовиМахавира бил роден за духовен живот, не сакал да слушне за женидба или за какво било световно задоволство. Единствена желба му била кога ќе порасне да стане аскет. Џаините слават 5 среќни моменти од неговиот живот: зачнување, раѓање, одрекување, просветление и конечно ослободување (мокша).

Кога починале неговите родители принцот Вардхамана на триесетгодишна возраст го напуштил богатството и раскошот на својата палата и заминува кај шраманите каде што го започнал својот аскетски живот, однадвор без облека, а однатре без окови. Тој го живеел животот во строгост, медитација и завет на молчење. После 12 години аскетизам за само една ноќ медитирајќи под дрво покрај реката, Махавира доживеал просветлување. Тој достигнува апсолутно сознание за минатото, сегашноста и иднината во сите светови. Според преданијата тој ја видел состојбата на светот на боговите, на луѓето и на животните, од каде дошле, каде ќе одат, каде ќе бидат родени, како луѓе или како животни, во зависност од нивните дела.Просветлението на Махавира е важен момент во историјата на Џаинизмот затоа што тогаш почнала неговата кариера како дваесет и четвртиот Џина. По овој настан Махавира како Џина ја раскажалсвојата вистина на луѓето околу него и основал заедница на џаинисти која се состоела од монаси и лаици (световни лица верници) од двата пола. Махавира доживува нирвана[111] на седумдесет и две годишна возраст во 527 година пр.н.е. Постои верување дека Махавира во текот на својот живот ја основал џаинистичката заедница со 36 000 монахињи, 14 000 монаси, 318 000 жени и 159 000 мажи верници. По смртта на Махвира, џаинистичките монаси и монахињи се поделиле на групи и бидејќи се заколнале дека нема ништо да поседуваат, тие зависеле од милостината на верниците кои ги споделувале нивните вредности на ненасилство и вегетаријански начин на исхрана.

Во 79-та година џаинистичката заедница се разделува на две поголеми струи: од една страна, приврзаниците на либералната традиција (шветамбара), а од друга страна приврзаниците на конзервативната традиција (дигамбара).[112]Според дигамбарското предание, Махавира својот аскетски живот го започнува потполно гол, па затоа и дигамбара (облечени во воздух) џаинистите се потполно голи односно облечени само во воздух. Овие аскети можат да се сретнат само на најосамените места.Шветамбарското предание вели дека неговата бела наметка се закачила на грмушка, но Махавира бил премногу обземен од медитација за да го забележи нејзиното исчезнување. Затоа шветамбара (облечени во бело) џаинисти се облечени во бела наметка. Освен во облеката овие две струи се разликуваат и во однос на начинот на толкување на светите текстови на џаинизмот, односно различното размислување поврзано со прашањето кои текстови можат да се сметаат за свети. Поради таквите противречности бил свикан собор на приврзаниците на џаинизмот каде што требало да се надминат недоразбирањата. Шветамбарите сметале дека сите текстови, без исклучок се автентични и можат да се разгледуваат како вистинско Откровение, додека Дигамбаритепотполно отфрлиле дел од текстовите кои според нив се слободна интерпретација на учењето на Махавира. Во текот на 5-отвек во Валбахи (Гуџарат) џаинистите организирале Втор собор којшто претставувалсвоевидна „дигамбарска реакција" спрема ересот на противниците. Донесените заклучоци од тој собор се сметаат за основа на дигамбарскиот џаинизам. И покрај тоа што во современите индиски градови ретко може да се сретне дигамбарски монах поради својата голотија, џаинизмот како целина се зачувува во својата дигамбарска форма, особено поради фактот, што шветамбарите поради својата либералност во поголем

[111] Нирвана се користи во џаинизмот за да се опише состојбата на мокша, односно состојбата на конечно ослободување од страдањата и вечниот круг на повторните раѓања.
[112] *Мирча Елиаде и Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

степен биле изложени на влијанието на различните хиндуистички секти, па почнале да ги губат своите позиции.[113]

Џаинизмот во одредени периоди бил поддржуван од владетелите. Во Гуџарат, кралот Ванараџа, кој бил воспитан од еден шветамбарски испосник, го вовел џаинизмот како државна религија од 746-806 година. И денес во оваа сојузна држава во Индија има најголем број на џаинисти.

### *Свети списи во џаинизмот*

Најзначајните свети списи на џаинизмот се проповедите на Махавира, односно неговите Пурви или „свети зборови" кои на почетокот биле предавани усно од страна на неговите следбеници. Според традицијата на џаинизмот постоеле 14 Пурви, кои подоцна поради опасноста да бидат заборавени биле запишани. При таквото запишување последните четири Пурви не биле писмено пренесени, а како резултат на тоа подоцна биле изгубени. Запишаните Пурви се нарекувале Анги „Основи на учењето на верата". Нивниот јазик бил пракрит „арда-магади" кој бил користен во централниот дел од долината на реката Ганг.

Подоцна џаинстичката литература се зголемува со повеќе религиски текстови, некои од нив се многу стари, но многу од нив го одразуваат учењето на релативно новите аскети.Во џаинизмот светоста на текстот нужно не се оценува според неговата старост, туку според религиската вредност на неговата содржина и користењето во текот на богослужбата.

Како што претходно истакнавме поради несогласувањата во однос на тоа кои религиозни текстови можат да се прифатат како свети, дигамбарскиот и шветамбарскиот џаинизам се разликуваат по својотканон. Шветамбарските џаинисти веруваат дека нивните свети списи потекнуваат директно од Кошницата на дванаесет краци, а дигамбарските џаинисти веруваат дека таа рана книжевност се изгубила до 2 век, па затоа го доведуваат во прашање авторитетот на некои шветамбарски текстови. Кошницата на дванаесетте краци споредверувањата е напишана од учениците на Махавира при што секој од нив запишал по едно усно предание од неговото учење.

Најстариот текст кој бил прифатен во дигамбарскиот џаинизам е „Светиот спис во шест делови". Тој бил создаден од сеќавањата на испосникот Дарасена, кој живеел во 2 век од нашата ера. Набрзо потоа уште еден испосник го напишал „Тркалото за маките". Тоа се единствените два текста што дигамбарските џаинисти ги прифаќаат како дел од пишуваната традиција. Двата текста расправаат за природата на душата и нејзиното ослободување од самсара.

Првиот џаинистички текст кој бил напишан на санскритски јазик е Татвартасутра. Овој текст го напишал Умасвати во 4 или 5 век и е прифатен од страна на двете значајни струи во џаинизмот.Овде на најсистематски начин се образложени најзначајните џаинистички учења, а џаинизмот е идентификуван како правилна вера, правилно знаење и правилно однесување.

Историски гледано само на испосниците/монасите им било дозволено да ги проучуваат светите книги. Обичните верници биле исклучени од тоа затоа што не умееле да го читаат учениот јазик и затоа што проучувањето на истите без класификациите на испосничка строгост се сметало за опасно. Верниците се среќавале со религиската литература на проповедите, што ги држеле испосниците и преку религиската пракса.

---

[113]*Ивайло Костов, Световни религии, Аскони – издат, София,2000*

### *Верувања*

Џаинизмот припаѓа на религиските системи кои го отфрлаат авторитетот на Ведите и ведските ритуали. Но, истовремено низа на основни принципи како што се: верување во законот на кармата; верување во самсара, вечниот циклус на раѓање и умирање;верување во мокша (нирвана) како единствена цел на човековото суштествување, го доближуваат до хиндуизмот и будизмот.

Основна карактеристика на џаинистичкото учење е дека Махавира не е единствениот основач на оваа религија. Тој е 24 и последниот Џина (тиртханкара), титула која им била давана на најголемите учители на џаинизмот кои му претходеле на Махавира. Сите тиртханкари според преданијата биле родени во кшатриската каста.

Основно учење на џаинистите е поврзано со цикличноста на времето, при што времето е претставено во вид на тркало кое е поделено на 12 делови и кое постепено ротира. При секое свртување за 180 степени (полувртење) на тркалото на времето се појавуваат и 24 тиртханкари кои се нарекуваат и Џини. Секое полувртење, исто така, претставува и одделна ера. Ерата на нагорно движење, движење кон развој се нарекува Утсарпини, а ерата за која е карактеристично движењето во надолна линија се нарекува Авасарпини. Денес светот според џаинистичките верувања се наоѓа на крајот на ерата Авасарпини и наскоро ќе навлезе во новата ера Утсарпини кога повторно ќе се појават 24 Џини. Авасарпини се состои од шест периоди кои се наречени: „добро – добро"; „добро"; „добро – лошо"; „лошо – добро"; „лошо" и „лошо – лошо". Во Утсарпини истите периоди се појавуваат во обратен ред.

Првиот и вториот период („добро – добро" и „добро") во џаинистичката литература се опишуваат како безгрижно време во кое десет калпаврикши[114] (духовни божествени суштества, ангели) им го давале на луѓето сето она што им е потребно за живот. Во овој период се раѓале само близнаци од различен пол, а нивните родители умирале 49 дена по нивното раѓање. После смртта секој повторно се раѓал во светот на боговите.

Во третиот период („добар –лош") се појавува страдањето, иако сè уште се раѓале близнаци и после смртта луѓето оделе кај боговите, како и во претходниот период. Тоа е време на почетокот на историјата кога се појавил првиот Џина, Ришаба кој на луѓето им го проповедал учењето на џаинизмот. Рашиба почнал да ги обучува луѓето на различни занаети бидејќи знаел дека наскоро калпаврикште ќе си заминат.

Во четвртиот период („лош – добар") луѓето после смртта можат повторно да се родат во животни, во богови или во жители на пеколот, но можат и да постигнат повисока состојба на постоење наречена сида. Во овој период се појавуваат сите 24 Џини меѓу кои и последниот Махавира.

Петтиот период („лош") започнува три години по нирваната на Махавира и ќе продолжи 21 000 години. Џините нема повеќе да се појавуваат, а целиот период е обележан со општа деградација при што ќе исчезне џаинизмот и џаинистичките заедници.

Во последниот период („лош – лош") животот на човекот ќе се скрати на 60 години, а некаде и на 20 години. Земјата ќе се затресе и ќе се вжешти, а растенијата ќе престанат да растат. За овој период карактеристична е силна горештина преку ден и леден студ преку ноќ. Силните урагани ќе го означат крајот на оваа ера и почетокот на Утсарпини, нагорното движење на тркалото кога ќе се повтори сè во обратен редослед.

Според таквото толкување, светот е без почеток и крај и тој безброј пати поминува низ тие 12 временски периоди од најдоброто кон најлошото и обратно.

---

[114] Во буквален превод: дрво што ги исполнува желбите.

Голем дел од џаинистичкото учење се занимава со природата на душата и нејзиното ослободување од ропство. Секое живо суштество има душа која е заробена во самсара (непрекинат циклус на раѓање, умирање и повторно раѓање). За душата заробена во самсара постои верување дека страда, дури и ако телото во кое се реинкарнира ужива во среќен живот, бидејќи заробените души не се свесни за својата вистинска природа, која е апсолутно знаење и апсолутна среќа. Кога душата ќе стане сосема свесна за својата вистинска природа, се ослободува од самсара и станува ослободена душа (арат), која веќе не доживува инкарнации и не поднесува овоземски окови. Џините биле арати.

Кога ќе умре физичкото тело во кое е инкарнирана ослободената душа, таа душа постигнува мокша (состојба на апсолутна чистота и совршенство) и се нарекува сида. Сидите не поседуваат физичко тело. Тие престојуваат во највисокиот дел од вселената и живеат во апсолутно знаење и среќа и повеќе не се занимаваат со земските работи. Целта на спасението во џаинизмот е да се постигне мокша и да се стане сида.

Душите се заробени во самсара поради ефектите на кармата.Во џаинизмот постои верување дека кармата претставува физичка материја што ја проткајува целата вселена, но која е толку фина што е невидлива. Под определени услови кармата се залепува за душата и го затемнува спознанието за својата вистинска чиста природа. Душата создава енергија со која го мотивира телото да изведува вербални, ментални и физички активности. Таа енергија привлекува уште карма која се лепи на душата.Кармата не може да се залепи за душата по сопствена волја. За да се случи тоа потребно е кашаја (што слободно се преведува како страст и подразбира чувство на гнев, гордост, измама или алчност). Душата создава кашаја како знак на одговор на приврзаноста, која се јавува во два вида: како вљубеност во некој настан или работа, или како аверзија кон некој настан или работа.

На крај кармата, прилепена кон душата, дозрева и создава еден ефект на ментално, вербално и физичко однесување што обично ја одразува активноста која ја привлекла. Кармата понекогаш доведува до непријатни, а понекогаш до пријатни резултати, но како што секоја карма ја заробува душата во самсара, несоодветно е да се опишува која било карма како добра карма. Дејствието кое кармата ја наведува душата да го преземе (изврши), создава енергија што привлекува уште карма кон душата и така циклусот продолжува.

Значи кармата ја заробува душата во самсара и ја заплеткува во вечниот циклус на акција и реакција. Душата мора постојано да се реинкарнира за да ја избрка кармата што и се натрупала, додека во исто време продолжува да трупа карма. Од видот на карма која душата ја натрупала зависи нејзината наредна инкарнација па затоа џаинистите настојуваат да го контролираат видот и квалитетот на кармата која се фаќа за нивните души преку религиозната практика.

Џаинистите не веруваат во Бог како творец, па понекогаш џаинизмот се опишува како атеистичко учење. Ова е погрешно толкување бидејќи во џаинизмот ослободените души се почитуваат како божествени суштества. На врвот на хиерархијата на божествени суштества се џините односно аратите кои отелотворени, ослободени суштества. Сидите се на второ  место бидејќи тие оствариле мокша и веќе не се заинтересирани за случувањата во светот. Следни достојни за обожавање се ачајрите кои се духовни поглавари на еден аскетски ред. Личности кои се обожаваат од страна на верниците се и аскетските учители и аскетите.

Џаинистите веруваат дека сите живи суштества имаат душа. Кога некое живосуштество ќе умре, неговата душа веднаш се реинкарнира во некое друго тело, иако тоа тело не мора да му припаѓа на ист вид. На пример човечкото суштество не мора да се реинкарнира во друго човечко суштество. Душите се вечни, што значи дека неможат ниту да се создаваат ниту да се уништуваат, па веројатно секој вид на душа

доживеала секаков вид можно отелотворување повеќе од милион пати. Токму поради тоа џаинистите ги почитуваат сите живи суштества, верувајќи дека човек можеби бил во слична инкарнација во некој претходен живот. Џаинистите веруваат дека сите живи суштества, сеедно колку се малечки, може да страдаат затоа што имаат душа. Постои верување дека нанесувањето болка на некоја друга душа доведува до создавање на прилив на негативна карма на сопствената душа. Затоа ненасилството, односно непредизвикување на штета на кое било живо суштество е главна етичка вредност на џаинизмот.Нивната определеност за ненасилство е изразена во низа на религиски практики, како што е на пример вегетаријанството.

### *Семејство и општество*

На оваа религија ѝ припаѓаат помеѓу 4 и 5 милиони верници кои живеат претежно во Индија.Џаинистички заедници има и во источна Африка, Северна Америка и во Европа.Тие претставуваат само 0,08% од светската популација, но бидејќи на џаинизмот му припаѓаат само најобразованите членови од заедницата, нивното влијание на светските случувања е големо.

Џаинистичкото општество е организирано на четирикратен систем кој се состои од жени монахињи, мажи монаси, жени верници и мажи верници. Постои верување дека тој образец го основал првиот Џина, Ришаба, а го зацврстиле преостанатите 23 Џини.Аскетските заедници се хиерархиски поделени. На дното се наоѓаат искушениците. Духовниот поглавар и водач на некој аскетски ред се нарекува ачарја.

Церемонијата со која искушеникот влегува во редовите на аскети се нарекува дикша. Иницијацијата (дикша) претставува прослава на која учествуваа и аскетите и верниците. Во текот на таа церемонија, искушеникот е облечен во раскошна облека, слична на свадбената и се почитува како крал. Со ова се нагласува материјалната жртва што искушеникот ја поднесува одрекувајќи се од целокупното богатство во земскиот живот и прекинувајќи ги контактите со семејството.

Искушеникот пред да стане аскет на свечена церемонија положува завети за:

- ненасилство,
- вистинољубивост,
- неземање на ништо што не е дадено со слободна волја,
- целибат,
- неврзување за земските работи.

Овие завети важат и за верниците џаинисти, но со извесна модификација, така наместо целибат се бара верност кон брачниот другар, а последниот завет неврзување за земските работи за џаинистичките верници значи ограничување на богатството и поседувањето.

На крај на церемонијата искушеникот ја корне косата на главата во знак на посветеност на аскетскиот начин на живот. Новиот аскет преминува во период на постење, што се прекинува, првпат кога ќе побара милостина. Аскетите немаат постојан дом, а на едно место можат да поминат само неколку дена. Заветот за ненасилство, односно непредизвикување штета на кое било живо суштество ги принудува да патуваат само пеш бидејќи моторизираниот превоз може да ги повреди инсектите. Своето постојано движење го прекинуваат само за време на монсунските дождови (од јули до октомври) кога поради патувањето може да се прекрши заветот за ненасилство поради зголемувањето на бројот на инсектите. Тоа е период кога аскетите се во постојана комуникација со световната заедница. Од овие причини многу џаинистички празници во кои учествуваат и аскетите и верниците се слават токму во периодот на монсуните.

Џаинистичките аскети не поседуваат пари и не им е дозволено сами да си го приготвуваат јадењето, па затоа мора да ги одржуваат контактите со световните

заедници, од кои зависат во однос на своите материјални потреби. Џаинистичките верници пак имаат духовна потреба од аскетите во вид на проповед, совети околу религиозните работи и начинот на постење. Верниците, исто така, добиваат духовна награда бидејќи на аскетите им обезбедуваат храна и сместување. Аскетите се многу почитувани личности во заедницата на џаинистички верници.

Најважна карактеристика на џаинистите е воздржаност во постапките, зборовите и мислите. Џаинистичките аскети заветот на ненасилство го применуваат со претпазливост во одењето, зборувањето, собирањето милостина, земањето и оставањето предмети и одењето во тоалет, а сѐ со цел да не се направи штета на кое било живо суштество.

За сите приврзаници на џаинизмот (аскети и верници) задолжителни се основните принципи кои се предадени во Татвартасутра и кои се наречени скапоцени камења.

Првите два скапоцени камења, правилно знаење и правилно верување се наменети и за аскетите и за верниците.

Во третиот скапоцен камен, правилно однесување, патиштата на верниците и на аскетите се разделуваат. На верниците им се препорачува нивното однесување да биде раководено од основните етички норми, како што се чесност, праведност и воздржаност, додека однесувањето на аскетите е во детали регулирано. Аскетите треба да се однесуваат според следните норми:

- Аскетот не смее да живее подолго на едно исто место, тој мора да скита низ земјата, облечен со обична бела наметка (кај шветамбарите) или сосема гол (кај дигамбарите).
- Не треба да има влакна на главата, косата треба да биде искубана од корен.
- Тој постојано се придржува на строги пости и го измачува сопственото тело со долги медитации при кои се одрекува од телесните потреби.
- Најголем грев за еден аскет е да повреди живо суштество. Аскетите прават големи напори за да не вознемират некој човек или животно. Тие ја прецедуваа водата за пиење бидејќи во неа може да има живо суштество кое е невидливо за голо око, го метат патот по кој одат со специјална метла за да не згазнат случајно мравка, црв или некое друго живо суштество.
- На аскетот строго му е забрането да работи нешто ноќе или да се движи бидејќи во мракот не може да биде под контрола секое негово движење.
- Најголем подвиг за еден аскет се смета смртта со доброволно гладување (самлекхана).Аскетот постојано медитира за да ја одржи смиреноста на душата. Ретки се оние аскети кои гладуваа до смрт,но тие што ќе го направат тоа стануваат славни.

Џаинистите веруваат дека за религиозните својства на луѓето може да се суди според нивното однесување, а не според потеклото, па поделбата на кастите е ограничена за секуларната сфера на општеството. Но, во практика, многу џаинистички секти им забрануваат на џаинистите од пониските касти да станат аскети.

Во џаинизмот особено се почитуваа аскетите бидејќи се смета дека тие имаат постигнато повисоко духовно ниво. Затоа кога некој верник ќе сретне аскет тој го изведува ритуалот гуру-вандан поклонувајќи се двапати до земја и изговарајќи кратка молитва. Во таква ситуација аскетот го благословува верникот.

### ***Празници и славење***

Џаинистите ги обожаваат дваесет и четирите џини кои го проповедале патот на ослободувањето и постигнале мокша (нирвана), па затоа тие се во центарот на

богослужението. Храмовите се посветени на некој од 24 џини, а се наоѓаат во местото каде што е роден или доживеал мокша конкретниот џина кој се доживува како божество.Најголем број на џаинисти во храмовите поставуваат статуа која е посветена на некој од 24 џини. Статуите се изработуваат од мермер или дрво и се идентични, а симболот кој е изрежан на дното на статуата покажува за кој Џина се работи (на пример симболот на Махавира е лав). Обично верниците како жртва на Џините им принесуваатхрана, овошје и слатки, кои по молитвите стануваат благословена храна и се дели на сите присутни на ритуалот кој се нарекува пуџа. Суштината на ритуалот не се подароците на верниците кон џините (кои немаат потреба од нив), туку гестовите на одрекување од страна на верниците. Затоа испосниците не можат да изведуваат ритуали во храмовите бидејќи тие не поседуваат ништо и поради тоа нема од што да се одречат.

Дел од џаинистите и од едната и од другата струја не употребуваат статуи на џини во текот на богослужението бидејќи сметаат дека Џините не ја одобриле таквата практика.

Еден од наједноставните ритуали кој го изведуваат верниците е даршана (визија на светото), што подразбира зјапање во статуата на џина со чувство на побожност и понизност. Втор ритуал кој често го практикуваат одредени џаинистички секти е ритуалот арти кој обично се изведува навечер и се состои од ставање на 5 свеќички на специјален послужавник при што свеќичките ги претставуваат петте видови знаења. Тогаш верниците го вртат послужавникот во насока на движење на стрелките на часовникот пред статуата и пеат побожни химни.

Прославата на празниците се извршува со колективно богослужение во периоди кога световните и аскетските заедници се заедно. Повеќето џаинистички славења се поврзани со славење на еден аспект од животот на некој Џина. На пример Махавира џајанти кој се паѓа во март или април според Грегоријанскиот календар е празник поврзан со раѓањето на Махавира. Прославите вклучуваат посета на џаинсистички храмови, аџилак и читање свети текстови. Џаинистите одржуваат специјални церемонии и во неговото родно место кое се наоѓа близу до Патна во денешната индиска сојузна држава Бихар. Се слави и Дипавали, денот кога Махавира постигнал мокша, а овој ден се поклопува со хиндуистичкиот празник Дивали. На овој празник џаинистичките храмови, домови, канцеларии и продавници се украсени со ламби. Светлината на симболичен начин го претставува знаењето и отстранување на незнаењето чиј симбол е мракот.

Најважниот годишен празник за Шветамбарите е Паријушана,а истиот празник Дигамбарите го нарекуваат Даса лакшана. Празникот обично паѓа во август или септември спордГрегоријанскиот календар. Кај Шветамбарите трае осум дена, а десет дена се слави кај Дигамбарите. Тоа е период на интензивно проучување, размислување и прочистување. Се одвива среде четиримесечната сезона на дождови во Индија, време кога монасите и монахињите престануваат да се движат од место до место и остануваат во заедницата на своите верници. Паријушана во буквален превод значи, „придржувајќи се" или „заедно". Монасите во првите три дена од овој празник држат по една проповед, а во останатите денови до крајот на празникот држат проповед по двапати на ден.На четвртиот ден од Паријушана, се читаатделови од Калпа сутра, света книга прифатена од Шветамбарите во која е прикажан животот на Махавира, а особено акцент се става на четиринаесетте соништа на неговата мајка пред неговото раѓање, приказната за неговото раѓање, неговиот живот и неговото ослободување.

Паријушана е период кога верниците преземаат разни привремени завети за учење и пост, се изложуваат на духовен развој сличен на привремено монаштво. Постот е многу важна и често изведувана религиска пракса кај џаинистичките верници. Обично постат жените, а мажите често тврдат дека во тоа ги ограничуваат

нивните деловни обврски. Освен што носи духовна корист, практикувањето на тешкиот пост може да му донесе престиж на семејството на лицето кое пости. Во овој период религиозните верници може да престојуваат во просториите на монасите/аскетите, откако ќе дадат завет за привремен аскетски живот. Оние кои постеле осум или десет дена, го прекинуваатпостот со посебен оброк за време на кој не ја допираат храната, туку нив ги хранат пријателите или роднините со што се покажува особена почит кон нивното постигнување. Последниот ден џаинистите се фокусирани на молитва и медитацијата. Тој ден е посветен на опростувањето, давање прошка на другите и барање на прошка од сите живи суштества. Верникот бара опростување преку зборовите: Ако те навредив на кој било начин, свесно или не знаејќи, во мислата, зборот или дејството, тогаш барам твоја прошка". Денес голем број на џаинисти им испраќаат картички или пораки по интернет на роднините и пријателите, барајќи прошка за сите нанесени неправди.

## БУДИЗАМ

Будизмот е религија која произлегува од поимот Буда што на пали (јазикот на кој биле пишувани најголем број од раните будистички дела), и на санскритски значи „Пробуден". На почетокот овој термин се употребувал за да се означи историскиот основач на оваа религија Сидарта Гаутама, но уште од најраниот развој на будизмот се појавува идејата за постоење и на други „буди". Во раните будистички текстови се споменуваат четири Буди од родот Шакја на кој припаѓал и самиот Сидарта, а во подоцнежните текстови се промовира идејата дека постоеле дваесет и четири буди. Информации за животот на Сидарта Гаутама Шакја добиваме од светата книга Џатаке[115] која изобилува со митолошки елементи.И покрај големиот број на информации за Буда со кои изобилува оваа света книга, сепак, не е забележана точната година на раѓањето на Сидарта. Според одредени историчари на религии датирањето на раѓањето на Буда може да варира од 624 до 448 година пр.н.е.[116] Сидарта Гаутама бил син на царот Судходана од родот на Шакја кој живеел во подножјето на Хималаите во Северозападна Индија. Неговата мајка Маја, непосредно пред породувањето, откако поминала седум дена во пост и изолација, во сон била пренесена од виши духовни суштества во чудна земја. Таму, идниот Буда влегува во неа од десната страна во форма на прекрасен бел слон.[117] Ваквиот сон според толкувањето на брахманите претскажувал дека детето кое ќе се роди ќе стане голем владетел или доколку се посвети на аскетизмот ќе стане Буда, кој ќе го спаси светот од гревот и незнаењето. Мајка му умира неколку дена по раѓањето на Сидарта, а по нејзината смрт татко му се оженил за нејзината сестра. Постојат голем број на пишувани верзии поврзани со раѓањето на Сидарта во кои се нагласува дека тој е роден од девица и дека бил безгрешно зачнат.

Царот Судходана сакал по секоја цена да го спречи неговиот син да започне аскетски живот. Затоа изградил висок ѕид околу дворецот со што сметал дека ќе го

---

[115] Света книга за будистите која е вклучена во Сута питака и во која се опишани 547 истории за Буда и сите негови повторни раѓања. Според оваа книга Буда се реинкарнирал во различни суштества: во птица во животно, но и во луѓе (различни личности во различни периоди). Една од најпознатите инкарнации според Џатаке е неговото појавување како млад брахман и неговата средба со првиот Буда Дипанкара, кој му претскажал дека после многу векови ќе се роди како принц во родот Шакја.

[116] *Мирча Елијаде и Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

[117] Слонот во рамките на хиндуизмот претставува свето животно кое ја симболизира физичката и духовната сила, мудроста и знаењето.

спречи синот да излезе надвор и да ги види негативните страни од животот кои според претскажувањето можат да го поттикнат да го напушти домот. Сидарта растел во дворецот во луксуз и раскош, а на 16 години се оженил со принцезата Јашодара и добива син.

Но и покрај преземените мерки од неговиот татко, Сидарта успеал да излезе надвор од ѕидините на дворецот и да се сретне со таканаречените во будизмот „четири знаци" кои од корен му го променуваат животот. Четирите знаци биле предадени во вид на стар човек, болен човек, мртов човек и аскет. Така тој сфаќа дека сите суштества се подложени на страдање преку староста, болеста и смртта, а во аскетизмот видел начин да ги прекине страдањата во животот. Шокот што го доживеал со откривањето на староста, болеста и смртта го поттикнале да се одрече од кралското достоинство и од семејството. Така тој една вечер, тајно ја напушта палатата на родителите, жената и детето, и на 29 години го почнал животот на аскет.

Својот аскетски живот го започнал кај учителот Арадха Калама, но набрзо открил дека неговите методи не му го донеле бараниот мир туку само празнина. Кај вториот учител Рамапутра преку измачување на телото и строг пост сакал да ја достигне вистината, но дошол до сознание дека таквиот метод води само кон физичко страдање, па продолжил да ја бара вистината сам.На 35-годишна возраст, во околината на Патна, Јужен Бихар, Сидарта го пронаоѓа „дрвото на Просветлението" (Ficus religiosa)[118]и останува под него седум недели поминувајќи ги деновите во медитација. Во текот на медитацијата, иако постојано бил искушуван од Мара,[119] Сидарта успева да ги види сите свои претходни раѓања и умирања, целокупното свое минато, сегашност и иднина. Во исто време тој успева да ја разбере суштината на страдањето како и начинот на кој може да се ослободи од него. На тој начин тој станува Буда, односно „Просветлен" со знаење и достигнува нирвана со што го прекинува вечниот циклус на раѓање и умирање (самсара). Иако со овој чин Сидарта ја прекинува својата карма и логички е да го напушти светот за да не предизвика нова карма со понатамошните дејствија, неговата љубов кон луѓето и милосрдието го поттикнуваа да остане со нив и да им ја открие вистината којашто сам ја достигнал. Првата своја проповед ја одржува пред пет монаси-брахмани и е позната како „Проповед на завртувањето на тркалото на дарма", па затоа тркалото со осум спици претставува графички симбол на будизмот како религија. После оваа проповед аскетите ја прифаќаат новата религија и стануваат први ученици на Буда кои биле наречени арати бидејќи го достигнале највисокиот степен на духовен развој. Кон оваа група се приклучиле и други следбеници и на тој начин е формирана првата монашка заедница наречена „санга" (на санскритски „множество", „толпа").После само три месеци проповеди Буда имал 60 ученици. Тој своите ученици ги испратил насекаде да го проповедаат новото учење. Во светите списи се известува за вкупно 77 чуда на Буда. Едно такво чудо е кога негов непријател му пуштил див слон во една тесна уличка. Буда ја насочил целата сила на својата милосрдна љубов кон животното, а разјареното животно паднало на колена.

Буда ги продолжил своите проповеди уште 40 години пред да ја доживее Големата нирвана, со што се разделува засекогаш од своите ученици.

---

[118] Дрво од фамилијата на смокви кое е по потекло од Индискиот потконтинент. Припадниците на трите религии: хиндуизам, џаинизам и будизам го сметаат ова дрво за свето и аскетите често под него медитираат.

[119] Будистичка „Сатана" симбол на злото и инкарнација на смртта.

### *Основни будистички правци*

Главна причина за недоразбирањата во монашката заедница е фактот што Буда не назначил свој наследник од редот на своите ученици. Тој сметал дека дарма, односно неговото учење треба да биде негов наследник.Но, недоразбирањата во монашката заедница се почувствувале уште на Вториот будистички собор кој бил одржан во 386 година пр.н.е. На овој собор се дискутирало за прашања поврзани со монашките правила и дисциплина, но поради различни мислења дошло до постепено формирање на две струи. Таквите расправии се сметале за сериозни и таму каде што не можело да се дојде до компромис во однос на монашките правила, од монасите што биле во малцинство се барало да заминат од монашката заедница. До конечно разделување на будистичката санга доаѓа после Третиот будистички собор кој се одржал во третиот век пр.н.е. На овој собор присуствувале околу 12 000 монаси, а недоразбирањата настанале околу толкувањето на природата на арат. Поголемиот дел од овие монаси, кои подоцна ја формираат будистичката школа Махајана[120]или „Широкиот пат на спасението‟ верувале дека спасението може да го постигне секој човек доколку ги следи инструкциите на Буда. Помалиот дел од монасите подоцна ја формирале будистичката школа Хинајана[121] или „Тесниот пат на спасението‟ кои верувале дека спасението им е достапно само на монасите. На тој начин се оформуваат двата основни будистички религиски правци: на север Махајана будизмот, а на југ Хинајана будизмот.

Махајанскиот будизам опфаќа најголем дел (56%) од сите припадници на будизмот.[122] Се нарекува уште и Северен будизам бидејќи е распространет на север: Кина, Јапонија, Кореја, Монголија, Непал, Северна Индија, Тибет. Најзначајно за ова учење е универзалноста на идејата за спасение и можноста која им се дава на сите живи суштества да ја постигнат состојбата на Буда. Овде се прави јасна разлика помеѓу состојбата на ослободување од страдањата (состојба на просветление) и постигнувањето на едно повисоко духовно ниво состојба на Буда. Според ова учење за да се постигне состојба на Буда потребни се голем број на животи. Затоа тие кои сакаат да ја достигнат највисоката цел не би смееле да бараат само сопствено ослободување од страдањето и повторното раѓање. Тие треба да дадат завет дека ќе го следат долгиот пат, додека не го достигнат степенот на Буда. Тој пат мора да се следи со многу повторни раѓања, своеволно прифаќање на страдањата за на крајот човекот кој ќе ја достигне состојбата на Буда, да може многу полесно да импомага на другите луѓе.Во суштина Махајана будизмот е пат кој го следат оние што се стремат да станат Буди. Постои верување дека тоа е за доброто на сите оние суштества кои имаат свест. Тие што ќе дадат завет дека ќе го направат тоа се нарекуваат бодисатви (тој што е способен да се разбуди). Махајана будизмот многу детално ги разработувасите фази од патот кои бодисатва мора да ги следи за да ја постигне состојбата на Буда.Според учењата на Махајана будизмот секој човек се стреми да ја постигне состојбата на бодисатва, односно суштество кое откако ја доживеало состојбата на „просветлување„ доброволно ја жртвува сопствената благосостојба за среќата на целото човештво и се враќа меѓу луѓето наместо да се повлече во нирвана.Со текот на времетово Махајана будизмот целосно е разработено учењето за супериорноста на Буда во однос на оној којшто само го завршил страдањето. Според верувањата на махајана будистите, Буда (или вечната низа на Буди)се сè уште околу нас, тие се милосливи, полни со сочувство и имаат натприродна моќ, па на тој начин им помага на

---

[120] Преведено од санскритски јазик значи: „голема кола‟; „големо средство‟ или „средство кое води кон големина‟.

[121] Преведено од санскритски јазик и значи:„мала кола‟ или „мало средство‟.

[122] *Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004*

оние на кои што им е потребна помош. Со нив се напредните Бодисатви кои, исто така, се полни со сочувство и способни да им помогнат на другите.

Хинајана будизмот како самостоен правец се оформува околу први век пр.н.е. и опфаќа околу37% од сите припадници на Будизмот како религија.[123] Хинајана будизмот се нарекува и јужен будизам бидејќи географското подрачје на кое се распространува е Јужна и Југоисточна Азија (Бурма, Шри Ланка, Камбоџа, Тајланд). Втората ознака му е пали будизам бидејќи неговите свети списи се на јазикот пали. Хинајана будизмот ја развива идејата за индивидуално спасение кое ја наоѓа својата полна реализација во состојбата на арат. Според верувањата на Хинајана будизмот, главната карактеристика на човекоте да се стреми кон сопствено спасение, кон состојба на арат, односно суштество кое повеќе нема да излезе од состојбата на нирвана и нема повеќе да се врати во омразениот циклус на инкарнации (самсара). Но, таквата состојба можат да ја постигнат само монасите. Затоа, Хинајана будизмот го поддржува строгиот монашки живот, па од одредени автори е наречен и монашки будизам. На почетокот монасите имале привремени засолништа кои им служеле да се сокријат од монсунските дождови, но со текот на времето тие изградиле постојани живеалишта, манастири, во кои постојано престојувале,а како резултат на строгиот монашки живот почнале да се развиваат како издвоена елита.

Трет по големина будистички правец е Ваџрајана[124] уште наречен и тантрички будизам со 7% од вкупната будистичка популација[125]. Овој правец се појавил околу трети век како разгранок на Махајана будизмот. Неговото учење на почетокот се пренесувало усно, а подоцна во шести век неговите главни постулати се писмено забележани. Тајната на учењето е со помош на обреди (тантра) и свети изреки и формули (мантра), може да се помине океанот на кружниот тек на опстанокот и да се дојде до нирвана. Особено место во Ваџрајана будизмот зазема почитувањето на духовниот учител–гуру како и почитувањето на женските бодисатви. Главни географски подрачја на неговата распространетост се од Индија и Централна Азија до Тибет, Кина и Јапонија.

Развиената форма на Ваџрајана будизмот во Тибет ја добил ознаката ламаизам, кој потекнува од зборот лама што значи врховен учител.  Според ламаизмот големите живи лами се овоземска појавна форма на Буда, или на бодисатва. После физичката смрт на Буда или на бодисатва душата веднаш се инкарнира во некое новородено момче, кое се препознава по некој посебен знак и веднаш се прогласува за поглавар.Далај Лама,[126]е највисок по хиерархија во Тибетската теократска држава и во негови раце се наоѓа граѓанската власт.

### ***Свети списи во будизмот***

Буда иако ништо не напишал ги поттикнувал своите ученици да ги изразуваат своите мисли на сопствениот дијалект, а еден од тие дијалекти е пали јазикот на кој е напишан канонот Теравада. Затоа според познатиот историчар на религиите Мирча Елиаде употребата на термини од пали не се секогаш научно оправдани во однос на употребата на будистичкиот санскрит, форма на санскрит која вклучува многу зборови од паракрит.[127]

Буда само подучувал, пред сѐза својата визија на светот, местото на човечкиот род во него и за духовниот и моралниот пат кон ослободувањето. Тој, исто така, се

[123]*Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004*

[124] Преведено од санскритски јазик значи: „дијамантска кола“.

[125]*Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004*

[126] „Далај“ на монголски значи океан на знаење, односно учител мудар како океанот.

[127]*Мирча Елиаде и Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

вклучувал во смирување на споровите меѓу своите следбеници и во одредувањето на најдобриот вид на живеење заради постигнување на целосно ослободување. Сите будистички школи ја прифаќаат 483 година пр.н.е. како година во која се одржал Првиот будистички собор на којшто присуствувале околу 500 монаси. Овој собор се одржал веднаш по Големата нирвана на Буда, а главната цел била неговите најблиски ученици да зборуваат за основните тези од неговото учење врз база на што се оформил Будистичкиот канон. Од страна на тројца најзначајни ученици на Буда биле презентирани проповедите на Буда кои оформиле три различни групи од будистичкиот канон кои се наречени Трипитака (на јазикот пали Типитака) што во буквален превод значи три кошници. Од страна на истражувачите се претпоставува дека првите текстови биле пишувани на палмови листови кои биле чувани во плетени кошници. Според преданието, Буда на своите ученици им препорачувал „кошниците на мудрост„ да ги предаваат од рака на рака како кошниците со храна.[128]

Будистичкиот канон Трипитака (типитака) којшто уште се нарекува и Паликанон бидејќи е напишан на пали, народен индиски дијалект, е составен од три дела:

Абидарма-питака (на јазикот пали Абидама-питака) претставува кошница на чистото знаење во кое се изложени метафизичките погледи од учењето. Се работи за повисоко или попрецизно учење кое опфаќа дела што го развиваат деталниот опис на изгледот на психофизичкиот свет „каков што е тој навистина‟ кога го набљудува просветлен човек, а не како што изгледа во секојдневната непросветлена визија.

Сутра-питака (на јазикот пали: сута-питака) претставува кошница на учењето и во неа се изнесени детали за животот и проповедите на Буда. Во оваа кошница се пренесени повеќе од 4000 поучни разговори помеѓу Буда и неговите ученици во форма на сутри.[129]

Винаја – питака, кошница на правилата во која се изнесени правилата кои биле составени од Буда, а кои се однесуваат на организирањето и на дисциплината на монашкиот ред. Оваа кошница содржи 227 правила за дисциплина на монасите и монахињите и ги обработува сите сериозни и помалку сериозни прекршоци и казните предвидени за нив.

Во првите неколку века будистичките свети списи биле пренесувани по устен пат. Разни групи на монаси биле специјализирани за зачувување на разни текстови или збирки свети списи, но се покажало дека усното пренесување (од учителот на ученикот) било многу поефикасен начин за зачувување на зборовите на Буда. Според една будистичка традиција, светите списи за прв пат биле запишани во 1 век. Одлуката да се забележи нешто во текот на општествените и политичките превирања можеби произлегла поради стравот дека учењата можат да се изгубат поради смрт на голем број од оние кои го проповедале (болести, војни или глад).

### ***Верувања***

Голем бројавтори се согласни со тоа дека будизмот е религија без Бог. Богот, според будизмот го измислиле свештениците, бидејќи ако Тој постоел немало да има толку беда во светот. Кога Буда бил директно прашан од неговите ученици дали има Бог, тој одговорил: „За тоа нема да дадам никаков одговор, затоа што за тоа не знам ништо сигурно, а тоа е и безначајно за патот на човековото спасение‟.[130]Буда некои свои учења преземал од хиндуизмот, како онаа за инкарнацијата. Будистичкото учење

---

[128] *Ивайло Костов, Световни религии, Аскони – Издат, София, 2000.*

[129] Сутра или сута обично се преведува како нишка, но во будистичката традиција се однесува на говорот на Буда или на учениците кои живееле во негово време.

[130] *Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004.*

е насочено кон патот на спасение кое се постигнува кога од патот на незнаење се преминува на патот на знаење.

Според будистите, секој човек се состои од проток на свест, поврзан со менталните содржини, како што се чувствата и намерите, и од тело, што постојано се менува. Со смртта телото исчезнува, но континуитетот на свеста што постојано тече и нејзините ментални дејствија продолжуваат и „исткајуваат" некое друго тело, во сообразност со неговите добри или лоши дела (карма).Човекот е роден без идентитет и целиот живот го посветува на потрагата по идентитет. За разлика од другите животински видови, апетитите на човекот се бескрајни. Тој не само што бара храна, култура, пријатели, деца, долг и добар живот, туку и идентитет кој во целост ќе го исполнува. Човековата длабока желба за идентитет го поттикнува да прифаќа одредена улога која на почетокот изгледа дека го исполнува целосно, но со тек на времето почнува да го фрустрира бидејќи човекот не е целосно задоволен од конкретната улога. Буда тврдел дека идентитетот воопшто не постои, а нашата личност се сведува на низа на состојби на свеста кои немаат никаква трајна подлога. Така за будизмот идејата за идентитет е само илузија, причина поради која им нанесуваме страдање на другите, но и на себе.

Основната идеја на Будизмот е дека само човекот кој се наоѓа на највисокото место од хиерархијата помеѓу живите суштества, може да се спаси од оковите на самсара и да постигне нирвана, односно да стане Арат или Буда. Душата која ја поседуваат сите живи суштества е бесмртна и е различна од суштеството со кое се соединила. На тој начин душата поминува серија на последователни суштествувања преминувајќи од едно тело во друго (самсара). Основата на човековиот психички живот е составена од дарми кои претставуваат носители на менталните карактеристики. После смртта на телото, тие дарми преминуваат на некој од степените на „Места на маките", а во зависност од дејствијата коишто човекот ги извршил во тек на животот тие го започнуваат процесот на прочистување. Според Законот на карма, дармите повторно се соединуваат, формирајќи нови психички својства на личноста која се враќа во светот, во физичко тело кое го добива во утробата на мајката. Дали во новата инкарнација човекот ќе живее среќен живот и ќе се инкарнира во повисоко ниво зависи од неговите дела во претходниот живот. Но, таквата реинкарнација, без разлика дали човекот живее среќен или несреќен живот, значи дека тој уште еднаш е подложен на страдање (старост, болест, смрт). Овој процес престанува со просветлението (на пали нибана, на санскрит нирвана).

Пораката на Буда е дека страдањето или незадоволството во животот не се случајни, тие имаат своја причина како и секоја друга појава, па доколку, таа причина се искорени, страдањето нема да се појавува. Причината што Буда ја утврдил бил копнежот – егоистичниот копнеж за сетилни уживања и за самиот живот. Отстранете го копнежот и страдањето ќе престане, оставајќи му место на ослободувањето. Тој став ги креира првите три од четирите благородни вистини:

- Благородна вистина за дука (незадоволство, страдање): Сите форми на суштествување се осудени на страдање и тага–раѓањето, растењето, стареењето, болеста, смртта, разделбата со саканите нешта, копнежот по нешто што не може да се реализира.
- Благородна вистина за создавањето на дука: причината за страдањето е желбата која е присутна кај сите луѓе и која под влијание на надворешниот свет предизвикува неодолива жед (на пали: тана; на санскрит: трсна) за нештатакако што се: жед за живот, жед за сетилни уживања, жед за власт и жед за богатство.
- Благородна вистина за прекинување на дука: Страдањето може да се прекине со прекинување на копнежот и затоа неопходно е човекот да се

ослободи од жедта за живот и да ја достигне состојбата во која секое силно чувство отсуствува а секоја желба се згаснува.

- Благородна вистина на патот за ослободување од дука: Средниот пат.

Будистичкиот поглед на свет е свет заробен со копнеж, во кој владее страдање, затоа што луѓето не ја запознале суштината на дама (дарма), вистината на постоењето. Тоа е свет во кој луѓето се наоѓаат во ментален затвор што самите го создале. Секое ново раѓање е исполнето со страдање и завршува со старост, болест и смрт сѐ до идниот нов живот.

За патот на ослободувањето од страдањето (дука), Буда зборува на својата Прва проповед позната како„Проповед на завртувањето на тркалото на дарма". Тој вели дека постојат две крајности кои човек кој се откажал од светот не треба да ги следи. Првата крајносте вообичаеното дејствување кое зависи од страстите и емоциите. Тоа е нискиот пагански пат на барање на бескорисно задоволство, кој е погоден само за луѓе кои се поврзани со светот. Втората крајност е праксата на аскетите која е болна, напразна и бескорисна. Има и Среден пат кој ги избегнува двете крајности. Тој пат води кон духовно спокојство и поголема мудрост, кон полно просветлување, кон Нирвана. Средниот пат се состои од осум принципи кои даваат претстава за будистичкиот морал и поради тоа е наречен Осмокрак пат.

- Правилни погледи. За да има некој вистински погледи на нештата треба да ги познава „Четирите благородни вистини„ и да научи да ги перципира нештата од животот без внесување на емоции (симпатија, одбивност) односно да ги прифаќа нештата онакви какви што се без да им суди врз база на нивната надворешност.
- Правилна решеност (Правилна намера). Овој принцип се однесува на дејствување во согласност со првиот принцип независно од кармата која ја поседува човекот. Промена на животот кон патот на Вистината при што намерите се ослободени од похота, насилство и лоши желби .
- Правилен говор. Секој оној кој што тргнал по патот на спасението треба да има контрола на зборовите, да научи правилно да се изразува кога сака нешто да соопшти. Овој принцип се однесува на воздржување од навреди, лаги и колнења.
- Правилно однесување. Овој принцип подразбира избегнување на зло и правење на добри дела. Будистите ги следат петте морални правила во својот живот: воздржување од нанесување на зло на кое било живо суштество (не убивај), воздржување на земање на она што не е дадено (не кради), воздржување од недозволен полов однос (не врши прељуба), воздржување од лажење (не лажи) и воздржување од сето она што го замаглува или труе умот (дрога и алкохол). Овие правила подразбираат не само воздржување од нешто, туку и негување на спротивното. Определеноста за избегнување на зло, подразбира негување на добрина и сочувство. Определеноста за воздржување од земање на она што не се дава и воздржување од недозволен полов односподразбира почитување на достоинството и вредностите на другите луѓе.
- Правилно водење на животот. Секој човек треба да ја избере професијата со која ќе се занимава и која ќе му обезбеди средства за живот кои се стекнати на чесен начин. Треба да се избегнуваат професиите како што се: трговец со месо, алкохол и отрови; трговец со живи суштества (робови и животни) и оружје. Припадник на будизмот никогаш нема да избере професија како што се: рибар, месар, затворски чувар, џелат или разбојник.
- Правилен напор. Потребно е да се исфрлат лошите навики и да се формираат нови кои се во согласност со првите пет принципи.

Вложување напор да не се дозволи да се создаде лоша полна со зло возбудена душа (дарма), и да се вложи максимален напор да се поттикне создавањето на добра, спасоносна дарма, а доколку таа постои да се зголеми и да се доведе до совршенство.

- Правилна внимателност (грижа). Секој припадник на будизмот треба да создаде ред во животот при што нема да заборави дека нештата по својата природа се променливи.
- Правилна концентрација или медитација. Овој принцип е неопходен за постигнување на целосно внатрешно спокојство без влијание на претходните инкарнации и ќе помогне човекот да се „стопи‟ со нештата и да ги остави тие самите да зборуваат.

Будистите сметаат дека почитувањето на моралните норми коишто се предадени во оваа религија директно се поврзани со законот на дејствување, односно со законот на кармата (на пали кама). Моралното поведение секогаш носи добри плодови, а неморалното однесување секогаш носи лоши плодови. Суштината на будистичка етичка филозофија се сведува на еден единствен принцип: она што не сакаме да си го направиме себе си, не треба да им го направиме и на другите.

Во Будизмот, медитацијата има значајна улога кон патот на спасението.Задачата на медитацијата е да го прочисти умот. Бидејќи според Буда суштината на страдањето лежи во нашиот копнеж, алчност и омраза и дека тие се создаваат во умот и срцето, единствен начин да ги искорениме е да дејствуваме на умот и срцето. Затоа и основата на будистичката религиска пракса се состои во медитација, односно препознавање на самата причина на проблемот и промена на сопствените ставови во однос на физичкиот свет. Будизмот нуди многу методи за медитација, но тие можат да се сведат на две главни постапки: медитација за смирување (самата) и медитација за увидување (на пали: випасана; на санскрит випасјана).

Медитацијата претставува мистично потонување во самиот себе. Медитацијата за смирување претставува метод со кој предметот на медитација (најчесто здивот) се користи за концентрација на умот. Некои будисти го гледаат здивот како влегува во ноздрите и како излегува од нив, а други го гледаат подигањето и спуштањето на стомакот. Концентрирањето само на здивот го оттргнува умот од други мисли, а доколку се намали концентрацијата и почнеме да размислуваме за нешто друго, повторно мислата ја враќаме кон здивот.

Випасана е техника која се користи за набљудување на телото и умот.Најчесто користениот метод во будизмот се нарекува „празно внимание‟, односно облик на внимателност која го нагласува сегашниот момент. Она што прво ни се појавува во умот иливо телото, станува предмет на медитација. Чувствата како што се на пример: љубомората, љубовта, омразата не се оценуваат како добри или лоши, основната идеја е да се забележат и да се пуштат да поминат. Предмет на набљудување може да биде и болката во некој дел од телото. Доколку се концентрираме на болката, ќе забележиме дека таа после одреден период ќе исчезне. На тој начин се забележува непостојаноста на нештата.

Целта на будистичкиот пат е човекот да се ослободи од секаква желба за материјално и нематеријално суштествување, да се ослободи од гордоста и од егоистичните желби. На тој пат, претходната карма се исцрпува и не се создава нова. Нирвана е највисока етичка состојба и претставува згаснување на грешната и ненаситната природа на умот и срцето, ослободување од кармата и повторното раѓање. Нирвана претставува состојба на совршен мир, добрина и мудрост а личноста која ја достигнува таквата состојба се нарекува арат или буда. Арат е заинтересиран само за своето лично ослободување од кармата, а буда е насочен кон спасение на сите луѓе. Концептот на арат во Хинајана будизмот е критикуван од страна на Махајана

будистите кои сметаат дека аратите мислат само на сопственото спасение и се рамнодушни кон страдањето на другите. Затоа концептот бодисатва во Махајана будизмот ги има квалитетите на Совршен и останува во светот за да им помага на сите луѓе да го пронајдат патот за сопственото спасение. Бодисатва се стреми да стане буда, но уште не ја постигнал таквата состојба. Тој е симбол за сомилост и кога другите страдаат и тој страда, а кога другите се среќни и тој е среќен. Затоа негова главна цел е да ги спаси сите суштества од оковите на самсара.

### *Семејство и општество*

За разлика од другите религии кои пред сè претставуваат збир на верувања, будизмот повеќе е насочен кон патот што води кон спасението, односно од страдање кон прекинување на страдањето, од незнаење кон сочувство и мудрост. Првата порака од Буда до неговите следбеници гласела: „Дојдете, живејте со свет живот за да го прекинете страдањето".Дел од неговите следбеници се откажале од световниот живот и станале монаси и монахињи, а останатиот дел останале во рамките на семејството како верници. Се смета дека Буда самиот го основал првиот монашки манастир и таму ги поминал последните години од животот.

Општеството на раниот будизам е составено од четири слоја: монаси, монахињи и верници мажи и жени, кои живееле во меѓусебна зависност.

- Монасите и монахињите зависеле од верниците бидејќи тие им обезбедувале храна и сè она што им било потребно за живот.
- Верниците се стекнувале со можноста преку задоволување на материјалните потреби на монасите и монахињите да добијат духовни заслуги (на пали: пуна; на санскрит пуња), но исто така преку проповедите го учеле патот по кој треба да одат за да си обезбедат спасение.

Во манастирите, монасите поголем дел од времето го поминувале во размислување и медитација. Уште од самиот почеток монасите можеле да поседуваат само: монашка облека која се состоела од две парчиња долна облека и една наметка, игла, нож за бричење (будистите ја бричат косата и брадата), бројници со 108 зрна која ја користат за време на медитација, цедалка со која ја цедат водата за да не повредат ниедно живо суштество кое може да го има во водата, и сад за милостина. Кипот на Буда бил предмет на обожавање и пред него монасите четири пати се поклонувале, допирајќи ја земјата. Богослужбата во будистичките храмови се извршува наутро и навечер, а месечните обреди се извршуваат во деновите на полна месечина кога монасите се исповедуваат за своите гревови. За секој грев се утврдува и адекватна казна. Доколку монахот направил некој од четирите најтешки гревови: имал сексуален контакт, украл, убил или се фалел дека поседува магиска моќ и способности, доживотно се исклучува од заедницата на монаси.

Монасите и монахињите смеат да јадат само еднаш дневно. Оброкот може да се земе само помеѓу изгревањето на сонцето и пладне и се состои од храната која ја даваат верниците. Иако нивната храна треба да биде вегетаријанска, во принцип тие можат да јадат сè што им е поклонето од страна на верниците, па дури и месо.[131]Во одредени будистички правци монасите, како и џаинистичките аскети поголем дел од годината го поминуваат шетајќи од место до место просејќи храна и на тој начин го одржуваа контактот со луѓето. Само за време на дождовите (од јули до ноември) не смеат да ја напуштаат манастирската заедница и да одат на пат. Причината е иста како и кај џаинистичките аскети, да не згазнат и случајно повредат некое живо суштество.

---

[131]*Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004*

Верниците не се подложени на строгите правила, како што е случајот со монасите. Доколку некој од верниците прекрши одредено правило од будистичкиот етички кодекс, монасите не земаат храна од него, туку ја превртуваат чинијата за милостина пред него.

Членовите на монашката заедница го проповедаат учењето на Буда, ги извршуваа ритуалите во манастирските храмови и учествуваат во религиската едукација на младите. Во Тајланд речиси секој млад човек поминува одредено време во манастир за да се стекне со основите на будистичкото учење.

Бидејќи будизмот не е теистичка религија, бракот не претставува свет завет пред Бога и затоа се склучува без присуство на свештеник. Од исти причини, не постојат никакви ограничувања во врска со разводот на бракот. Под влијание на глобализацијата, некои будистички невести во Шри Ланка носат бели венчални фустани, иако белата боја во традиционалниот будизам е поврзана со неплодност и смрт.Според будистичкото верување во вечниот циклус на раѓање и умирање децата се раѓаат со одредена историја (карма) и не се во крвна врска со родителите. Но сепак, децата се дочекуваат со радост, и покрај верувањето дека љубовта и приврзаноста се причина за болка (дука). Одредени автори погрешно ја толкуваат будистичката определба за не приврзаност и сметаат дека будизмот ги поттикнува верниците да се повлечат од општеството. Но, таквите размисли се погрешни бидејќи будистичката неприврзаност се однесува на сè она што создава хаос во општеството: себичност, алчност, омраза, гнев, љубомора и насилство.

***Празници и славења***

За почеток на будистичкото сметање на времето се смета годината кога Буда доживеал нирвана. Будистичкиот календар на празници со исклучок на Јапонија е лунарен, па затоа и датумите за прослава не се фиксни. Најзначајните празници се поврзани со животот на Буда како што се неговото раѓање, просветлување, првата проповед, смртта и влегувањето во нирвана и тие во разни земји се прославуваат во различни периоди. Храмовите кои се градат за Буда му се посветуваат како на вистинско божество,а пред неговите статуи верниците горат мирисливи стапчиња и принесуваат бескрвни жртви. Будистите му се молат на Буда како на вистински Бог. Освен храмовите за будистите свети места се и оние места кои се поврзани со животот на Буда, но исто така, се почитуваат и разни реликвии како што се коски, нокти, заби и сл. за кои се претпоставува дека се остатоци од Буда или на неговите ученици. На местото на реликвиите се изградени храмови кои се наречени ступи. Почитувањето (пуџа) на Буда му се укажува според стариот ритуал на вртење околу објектот (ступи) во правецот на стрелките на часовникот.

## ЗАРАТУСТРИЗАМ

Заратустризмот е една од најстарите светски религии која е создадена преку Божјо Откровение. Овој религиски систем името го добил според неговиот основач, пророкот Заратустра, кој на Запад е попознат под името Зороастер, како што го нарекувале старите Грци, па затоа оваа религија се нарекува и зороастризам.

Пред појавата на Заратустра во Стара Персија егзистирал анимизмот како основен религиски облик. Древните Персијци осознавајќи се себе си како живи суштества почнале по пат на аналогија да им ги препишуваат истите карактеристики коишто тие ги поседувале и на сите нешта што ги опкружувалево надворешниот

свет.Тие верувале дека сите нешта во природата, и живи и неживи се исполнети со Манја, односно духови. Доколку духовите биле добри тие биле почитувани како божества како што било обожувањето на сонцето, месечината,ветрот, водата и огнот. Постоела врска помеѓу Манјата на огнот во домашното огниште со Манјата на сонцето. Старите Персијанци верувале дека во светот постои еден природен закон којшто го овозможува рамномерното движење на сонцето, месечината и останатите небески тела. Овој закон кој старите Персијанци го нарекувале Аша овозможувал смена на годишните времиња и хармоничен развој на светскиот поредок. Составен дел на овој светски поредок биле секојдневните молитви и принесувањето жртви од тогашните луѓе. Овие ритуали биле неопходни за поддржување на Аша и поттикнување на милосрдната дејност на боговите. Поимот Аша се употребувал и во етичка смисла при што Аша претставува синоним на вистината и доброто и е спротивен на Друг како синоним на лагата и злото. Се верувало дека Аша раководи со човековото однесување бидејќи добродетелта претставувала природен поредок на нештата, а злото негово нарушување. Според таквото поимање на нештата, сите луѓе можеле да се поделат во две групи: ашаванти–праведни, оние кои се придржуваат кон Аша и друганти–приврзаници на злото.

Религиските ритуали се изведувале на свети места кои се наречени пави односно „чисти места‟. Светите места претставувале правоаголен простор под отворено небо каде се изведувале молитвите. На истите места се принесувале и жртви, а пред да се изведе овој ритуал, местото требало да биде осветено, односно да се претвори во „чисто„ што се правело со прскање на вода и кажување на специјална молитва за прочистување. Основни елементи кои се користеле при изведување на ритуалот на принесување на жртва се огнот и водата. Ритуалот се состоел во горењето на суви и чисти дрва, лисја или треви, темјан и големо количество на животинска маст, а кога огнот убаво ќе се разгорел се ставало претходно приготвената хаома.[132]

Многу е тешко да се определи точно времето кога живеел Заратустра поради различното интерпретирање на историски податоци. Поновите лингвистички анализи на Гатите[133] ја поддржуваат претпоставката дека Заратустра живеел во Источен Иран околу 1000 година пр.н.е.[134] Според Светите книги тој бил свештеник кој го извршувал ритуалот на принесување на жртва, но подоцна жестоко се спротивставил на оваа религиска пракса особено на крвавите жртви и употребата на хаома. Според старо иранската традиција обуката за свештеник била усна и почнувала на рана возраст па најверојатно и самиот Заратустра започнал со изучување на ритуалите и основните одредби на верата уште на 7 годишна возраст. Иранците сметале дека зрелоста се постигнува на 15 години, па според тоа и Заратустра започнал со својата свештеничка професија на таа возраст. Според преданијата тој поминал многу години во скитање и во барање на вистината а првото Божјо Откровение го добил на 30-годишна возраст. Овој настан е опишан во една од Гатите каде се раскажува дека еднаш Заратустра за време на една од службите тргнал кон реката да земе вода за приготвување на хаома. На брегот на реката имал чудна визија: едно суштество кое зрачело со светлина Воху – Мана (добри мисли) го однел кај Ахура –Мазда (Премудриот господар) и пет други суштества кои зрачеле таква светлина, што пророкот Заратустра не можел да си ја види сопствената сенка. Од овие седум божества кои се наречени Амеша–Спента (бесмртни светители) тој го добива Откровението и задачата да го рашири помеѓу населението. После таквиот настан Заратустра освен улогата на свештеник ја добива и

[132] Хаома на санскритски се нарекува сома што претставува халуциногено растение чијшто сок се исцедувал врз огнот и во ведските ритуали во древна Индија.
[133] Најстариот дел од Авеста (Света книга на Персијанците).
[134] *Мирча Елиаде и Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

улогата на пророк и реформатор на старата персиска религија.

Заратустра почнал да ја проповеда новата религија во својата татковина– Источен Иран, но неговите сонародници немале слух за новите верувања. Како пророк на најголемиот Бог Ахура–Мазда, Заратустра се спротивставува на масовното жртвување на телиња затоа што верувал дека телињата имаат душа и дека тој треба да ги заштити. После десетгодишна проповед на новата религија во родниот крај Бактрија кое не довело до некои повидливи резултати поради непријателското однесување на старото свештенство, Заратустра бил принуден да премине на запад во соседното кралство Корасми, денешен Хорасан во Иран. Две години после преселбата неговата порака ја прифатил тамошниот крал Виштаб, па учењето на Заратустра станало официјална религија на малото кралство. Со тек на време учењето на Заратустра се проширило низ цела Персија а за време на Кир II Велики[135] заратустризмот станал државна религија на Ахеменидското Перисиско Царство (550 – 330 година пр.н.е.) кое било најголемото царство во историјата на стариот век.[136] За време на владеењето на Дариј I и на неговиот син Ксеркс во многу записи се наведува дека легитимитетот на кралската моќ доаѓа директно од волјата на Ахура–Мазда, а големиот Бог се претставува како заштитник на царот и на царството.Ова големо царство било освоено од Александар Македонски во 331 година пр.н.е.[137]

Заратустризмот отсекогаш го истакнувал единството помеѓу религијата и државата, а оваа идеја во целост се реализирала за време на владеењето на Сасанидите (224-651 година). Сасанаидите својата држава ја нарекувале Иран, а Првосвештеникот бил главна политичка фигура бидејќи ги одредувал главните правци на царската политика.

Во 651 година последниот сасанаидски шах Јездегерд III претрпел пораз во битката со арапските освојувачи на Омеидскиот калифат. Со освојување на оваа територија Арапите ја наметнале својата власт и својата религија на населението во Иран. Односот на муслиманската власт кон религиите и народите кои ги препознала како „народи на светата книга„ т.е. тие што добиле Откровение од Бога е сосема јасен: на Евреите и на христијаните им било дозволено да продолжат со проповед на сопствената религија, а притоа морале да плаќаат дополнителен данок. Позицијата на заратустризмот како религија на светата книга била помалку јасна бидејќи не била спомната во Куранот, па откако муслиманите ја презеле контролата над Персија, позицијата на припадниците на заратустризмот станувала сè позагрозена. На следбениците на Заратустра им било скратувано образованието, напредувањето, еднаквоста пред законот. Постепено биле присилувани да се повлекуваат во далечните селски области. Така оваа религија во Иран била поврзана со сиромаштија и назадување.Дел од припадниците на заратустризмот биле принудени да се преселат во Индија,каде што не само што слободно можеле да ја исповедаат својата религија и да дејствуваат во мир и сигурност, туку дел од нив стекнале високи позиции во власта и богатство, кое го користеле за да им помогнат на своите сонародници во старата татковина.

Според последните информации, бројот на заратустријанци во светот изнесува околу 130 000 од кои 77 000 живеат во Индија, 25 000 во Иран, 5 000 во Пакистан и 23

---

[135] Кир е споменат и во Библијата во книгата на Исаија, каде се истакнува дека тој откако го освоил Вавилон ги ослободил Евреите од Вавилонско ропство. Во Библијата Кир е опишан како толерантен и праведен човек, па поради тоа Бог (Јехова) го избрал него за да ги исполни неговите намери и да ги спаси Евреите од прогонство.

[136] Ахеменидското Персиско Царство опфаќало 46% од вкупната светска популација.

[137]Во персиската литература Александар Македонски бил познат како Александар Проклетиот бидејќи ги убивал свештениците и ја запалил кралската палата во Персеполис. Тој велел дека сака да ги обедини културите на Персија и на Грција, но бил запаметен како натрапник што го нарушил дотогашниот начин на живеење во Персија.

000 во САД.[138]

### *Свети списи во заратустризмот*

Најзначајниот светспис кој го има авторитетот на Свето писмо во заратустризмот е Авеста (Знаење) за која се верува дека пророкот ја добил како Откровение, односно како разговор со Бог, или неговиот дух. Оваа Откровение, Заратустра требало да го пренесе на луѓето. Авестата за следбениците на Заратустра го има истото значење како и Библијата за христијаните или Куранот за муслиманите.Оригиналната Авеста претставувала Зборник којшто содржел литературни творби поврзани со разни области од човековото живеење. Најголемиот дел од Авеста бил напишан на сакралниот „авестиски" јазик кој бил познат само на свештениците, а за остатокот од овој Зборник било користено персиското клинесто писмо.

Подоцна во средно персискиот период[139]од оригиналниот Зборник биле формирани три книги Јасна, Вендидат и Јашти кои го претставуваат Светиот канон на заратустризмот и кои се наречени Зенд – Авеста.

Јасна (книга на жртвувањето) е најстарата книга која е поделена според принципите на ритуалите и содржи химни кои се изговарале за време на принесувањето на жртва. Најстариот дел од оваа збирка на химни го сочинуваат Гатите кои се пишувани на староперсиски јазик, а сложениот и концизен начин на пишување упатуваат на нивната старост. Во Гатите се изнесени детали за учењето на Заратустра кое е изложено во стихови за да можат зборовите полесно да се запаметат. Тие химни денес се централен дел од богослужбата. Заратустра својот дијалог со Бог (Ахура Мазда) го претставил во низа на прашања на кои бара одговор.[140]

Вендидат (Закон против демоните) е книга која е посветена на прочистувањето. Во неа се предадени етиката, правото и обичаите на древните Персијци. Но, оваа книга, исто така, содржи и есхатолошки објаснувања. Сите луѓе имаат лична одговорност да одберат помеѓу доброто и злото. Врз основа на постапките водени од нивната слободна волја ќе им се суди на другиот свет. Оние чиишто добри мисли, зборови и дела се помногубројни од лошите, ќе одат во рајот без разлика на нивниот општествен статус. Бог го наградува доброто, а го казнува злото.

Јашти е книга која содржи химни и пофални песни посветени на Бог и се вбројува во таканаречената Корда – Авеста.[141] Оваа книга е многу обемна и во неа се

---

[138] *Мирча Елиаде и Йон Кулиано, Речник на религиите, Тезаурус, София, 1999*

[139] Според историчарите овој период трае од 4 век пр.н.е. до 4 или 5 век.

[140] Ова те прашувам, правилно објави ми го тоа, Господе!
Кој е творецот, прататкото на Божјето право?
Кој ја утврдил патеката на сонцето и ѕвездите?
Кој е тој преку кој месечината час расте а час повторно исчезнува?
Точно тоа Сезнаечки, и уште нешто би сакал да знам.
Ова те прашувам, правилно објави ми го тоа, Господе!
Кој ја држи земјата долу, како и небескиот свод да не се сруши?
Кој водата и растенијата? Кој ги впрегнува ветрот и облаците во тркачки двопрег?
Кој е, Сезнаечки, творец на добрата смисла?
Ова те прашувам, правилно објави ми го тоа, Господе!
Кој учител ја создал светлината и темнината?
Кој учител го создал спиењето и будноста?
Кој е тој по кој настанува утро, пладне и вечер, за разумниот на неговите обврски да го потсети?
(*Gerhard J. Belinger, Veliki leksikon religija, Lanto, Dobra, Beograd, 2004* )

[141] Оваа Авеста е создадена најдоцна, помеѓу 3 и 4 век па затоа се нарекува Корда Авеста или Завршна Авеста.

предадени многу митови и преданија за авестиските божества и херои, но и молитви кои треба да ги читаат верниците во различни делови од денот и годината.

Во периодот помеѓу петтиот и десеттиот век биле напишани поголем број свети текстови поврзани со заратустризмот на современиот јазик пахлави.

### ***Верувања***

Според учењето на Заратустра, Бог Ахура (господар) Мазда (сезнаечки, премудар) е творец на сите нешта, на сонцето, месечината, ѕвездите, на духовниот и материјалниот свет, на луѓето и на животните. Мудриот Бог, Ахура - Мазда[142] е дарежлив владетел и пријател на сите. Тој е чувар на космичкиот и општествениот поредок и го наградува доброто, а го казнува злото.

Во основата на заратустризмот е преставена вечната борба на доброто и злото. Аша претставува општ морален закон кој се манифестира преку огнот и светлината и е синоним на доброто, а на спротивната страна се наоѓа Друг кој претставува олицетворение на темнината, лагата и нечистотијата. Во согласност со овој концепт и духовните сили, боговите и демоните се категоризираат како привrзаници на Аша или привrзаници на Друг.

Ахура Мазда создал шест Амеша Спента (бесмртни светители) кои претставуваат сили на доброто и со нивна помош тој владее. На извесен начин тие потсетуваат на архангелите во христијанството, па некои автори сметаат дека идејата за архангелите потекнала од заратустризмот.

Духовни суштества од понизок ред се нарекуваат јазати (оние кои се достојни за почитување). По својата улога која ја имаат во затрустризмот тие се многу слични на ангелите во христијанството и исламот. Третата класа на духовни суштества се фраваши, односно заштитнички духови кои се грижат за секој човек.

На чело на силите на злото се наоѓа Ангра Маинју[143] попознат по неговото скратено име Ариман. Неговите привrзаници се нарекуваат деви (ѓаволи или чудовишта).

Заратустра учел дека светот во својата суштина е добар, но го расипуваат нападите на злото. Во постојаната битка помеѓу доброто и злото луѓето треба активно да учествуваат на страната на доброто. Човековото активно учество се изразува преку: добри зборови, добри дела и добри мисли. Овие карактеристики се отелотворени во врховното тројство на персискиот пантеон: Ахура – Мазда како добри зборови, Аша – Вахишта како добри дела и Воху – Мана како добра мисла. Сето ова се рефлектирало и на општествената хиерархија при што владетелите требало да бидат олицетворение на добрите мисли, свештенството на добрите зборови, а старешините на општините олицетворение на добрите дела.

На божјото тројство се спротивставува тројството наѓаволите чијашто природа е насилна и уништувачка, а нивни главни репрезенти се: Ариман господарот на лагата или лошите зборови, Ака – Ман господарот на лошата мисла и Ајшмагосподарот на кражбата односно лошите дела.

Според Авеста светската историја се дели на три епохи: креација, мешање и поделба. Во првата епоха светот егзистирал во идеална духовна состојба при што Царството на светлината со кое раководел Ормузд (Ахура – Мазда) било одвоено од Царството на темнината под раководство на Ариман. Во тој период Ахура – Мазда ги создава Амеша – Спента.

Во втората епоха, творбата на Ахура – Мазда постепено станува материјална и тогаш започнува борбата помеѓу доброто и злото. Кога Ариман ја видел добрата Божја

[142] Попознат е по неговата скратена форма Ормузд.
[143] Крал на темнината, извор на секое зло кој е спремен да го уништи доброто.

творба, се обидел да ја уништи нанесувајќи и беда, страдање болест и смрт.Во оваа епоха Заратустра добива телесна инкарнација и застанува на страната на силите на доброто. Според Откровението кое го добива Заратустра, луѓето заедно со силите на доброто треба постепено да се ослободат од силите на злото и да се обнови светот во неговата првобитна совршена форма.

Во третата епоха ќе победат силите на доброто и повторно доброто ќе биде одвоено од злото. Но, победата на доброто не доаѓа веднаш и неочекувано, туку битката продолжува следните 3000 години, кога Ариман со неговите приврзаници ќе се обидуваат да уништат сѐ што е добро. Според верувањата во заратустризмот во период од еден милениумќе се појават тројца спасители. Секој од нив ќе биде роден од страна на девица која забременила од семето на пророкот Заратустра бањајќи се во таканареченото езеро на девици. Затоа овие спасители, иако биле родени од девица припаѓаат на лозата на пророкот. Секој од нив ќе уништи дел од злото, а третиот спасител ќе ги воскресне мртвите и ќе ги повика на Страшен суд. Оние кои се бореле на страната на доброто ќе престојуваат во вечно блаженство, а грешниците ќе бидат осудени на вечни маки во Царството на злото.

За разлика од другите монотеистички религии кои зборуваат за крајот на светот во заратустризмот не се опишува крајот на светот, туку неговото обновување. Уништувањето на светот би значело и уништување на сето она што Бог го создал, па затоа во заратустризмот се верува дека по победата на доброто ќе се спојат земјата и небото за да се создаде најдоброто од двата света.

Заратустријанското верување за задгробниот живот е слично, како иво христијанството. И кај двете религии постои верување дека секој поединец ќе се соочи со два суда. Првиот суд настапува веднаш по смртта на поединецот,кога неговите добри и лоши мисли, дела и зборови ќе се мерат на кантар. Вториот Страшен суд ќе се случи по воскреснувањето. Но, за разлика од христијанството каде што нема објаснување за таквите верувања во заратустизмот има. Бидејќи човековата природа има две страни физичка и духовна, секој поединец треба да биде суден за двата аспекта на својата природа и соодветно награден или казнет. Првиот суд е поврзан со духовниот аспект на личноста бидејќи телото останува на земјата а целта на казнувањето е да се поправи личноста. Вториот суд настанува по воскреснувањето кога ќе се спојат духот и телото, а Страшниот суд е насочен кон физичкиот аспект на личноста. На секој поединец според заслугата му се определува местото во рајот или пеколот. Во заратустризмот пеколот не е вечна категоријазатоа што главната цел е преку казнувањето да се поправи целата личност и во душата и во телото за да може човекот да живее во совршенство со Бог. Луѓето се божја креација и тие се создадени да ја подржуваат страната на доброто, но бидејќи секој од нив во земскиот живот има слободна волја, тие самите одлучуваат како ќе се однесуваат па можат да одлучат да живеат живот кој е спротивен на нивната природа.

### *Семејство и општество*

Најважната должност на приврзаниците на оваа религија е сопственото тело да го направат дом на Амеша–спента (бесмртните светители) и да одржуваат рамнотежа помеѓу духовната и материјалната страна на нивната природа. За разлика од другите религии кои препорачуваат пост за да се издигне духот над телото во заратустризмот е погрешно издигнувањето на духот над телото преку постот или пак издигнувањето на телото над духот преку алчноста. Секој човек за да го сочува сопственото здравје треба подеднакво да се грижи и за духот и за телото. За припадниците на заратустризмот монаштвото е грев, исто како и сладострастието бидејќи таквото однесување е спротивно на божјата волја, па затоа се препорачува бракот. Бракот се смета за праведен чин на кој сите се радуваат. Сите заратустријанци, вклучувајќи ги и

припадниците на свештенството, се поттикнуваат да засноваат брак. Преку бракот брачната двојка се спојува и во физичкиот и во духовниот свет.

Главната карактеристика на вредносниот систем на заратустризмот е дуализмот. Нечистотијата се смета за манифестација на злото, па затоа децата уште мали се учат да не одат боси, да не пијат од неизмиена чаша и да не јадат со туѓ прибор за јадење. Капењето во када се смета за нечисто бидејќи заратустријанците сметаат дека капењето во када полна со вода е капење во сопствената нечистотија. Крвта, исто така, се смета за нечиста, па затоа жена за време на менструален циклус или човек кој има рана која крвави не смеат да изведуваат или учествуваат во религиски ритуали ниту пак да допираат свети предмети како што е на пример молитвеникот.Оние кои се придржуваат до законите за чистота му припаѓаат на светот на Ормузд а оние кои не ги почитуваат овие закони му припаѓаат на светот на темнината и злото, односно во светот на Ариман. Со одредени обредни дејствија се проследени сечењето на ноктите и потстрижувањето на косата. Пресечените нокти и коса се фрлаат во школката на тоалетот бидејќи се нечисти и не смеат да паднат на друга површина. После сечењето на нокти или коса следува задолжително капење со кое повторно се влегува во хармонија со Ормузд.

Воведувањето во верата се спроведува на деца од седмата до деветтата година. Со свечена церемонија свештеникот го воведува дететово заратустријанската религија пред светиот оган каде што детето добива благослов од огнот. На детето му се дава бела памучна кошула (судре) и света цевчеста врвца (кусти) која му ја врзуваат околу половината трипати. Светите судри и кусти се носат цел живот затоа што се верува дека нивното носење им дава на заратустријанците единствен идентитет и им обезбедува духовна заштита. Заратустријанците се должни петпати на ден да ја врзуваат и одврзуваат светата врвца (кусти), ритуал кој е проследен со изговорање на соодветни молитви.

Особено значаен за заратустријанците е ритуалот нан која претставува обредно прочистување. Ритуалот го води свештеникот кој се наоѓа во близина на просторот за бањање и дава специфични упатства на личноста врз која се изведува обредното прочистување. Ритуалот нан се извршува пред церемонијата на воведување во религијата, пред венчавање, четириесет дена по породувањето или доколку некој верник се извалкал со допирање на труп.

Погребната церемонија е поврзана со ритуали кои треба да ѝ дадат утеха на душата која е вознемирена бидејќи преминува во нова средина. Смртта во оваа религија се толкува како привремена победа на злото и затоа заратустријанците не ги закопуваат, ниту пак спалуваат своите мртви. Телата се положуваат во камена кула која е отворена кон небото, позната под името Кула на тишината и се оставаат за да бидат изедени од птиците. Погребувањето и спалувањето на мртвите е поврзано со загадување и нечистотија, па според тоа и со злото па затоа е неприфатливо од теолошки аспект. Заратустријанците веруваат дека на душата ѝ се суди на четвртиот ден. Во зависност од животот за кој се определила и во согласност со мислите, зборовите и делата душата се наградува или казнува. Доколку душата е обременета со лоши мисли, лоши зборови и лоши дела таа самата се упатува кон пеколот, каде што останува до крајот на времето, кога се верува дека ќе се случи конечното воскреснување.

Во традиционалното заратустријанско домаќинство постои посебен простор во кој се наоѓа молитвената маса на која постојано гори свеќа. На таа маса се наоѓаат и молитвеникот и кадилницата, покрај кои стои фотографија или фотографии на оние кои умреле. За да се сочува религиозна светост тој простор не смее да го допира никој кој не припаѓа на оваа религија. Бидејќи мирисот се смета за дел од светот на Ормузд, два пати дневно, наутро и навечер, запалената кадилница со мирис на темјан се носи низ сите простории во куќата. Молитвите се изведуваат на светите јазици авестиски и

пахлави, а секој од верниците мора да носи молитвена капа. Заратустријанците веруваат дека богатството кое го заработиле на чесен начин треба да го споделат со сиромашните, па затоа во нивната заедница се организираат голем број добротворни акции. Оној којшто е милослив ќе добие големи награди во задгробниот живот.

### *Празници и славења*

Ритуалите со кои раководат свештениците се изведуваат во светите храмови на огнот. Иако на почетокот заратустризмот има антиритуален карактер, со текот на времето повторносе воведува принесувањето на животни и култот кон хаома. Особено важни се ритуалите кои се изведуваат последните десет дена од годината кога во храмовите се одржуваат богослужби секој ден на кои се читаат молитви за душите на мртвите. Се верува дека душите на мртвите се симнуваат на земјата да ја пробаат осветената храна да го почувствуваат мирисот на темјан и да ги слушнат молитвите кои ги кажуваат живите. Персиската Нова година, Но Руз,започнува со посета на храмот, а се дочекува со радост, со нова облека и подароци.

Грижата за животната средина се наоѓа во основата на заратустријанската догма бидејќи загадувањето се смета за дело на злото. Во приказната за настанокот на светот се вели дека Ормузд ги создал: небото, водата, земјата, растенијата, животните, човекот и огнот но Ариман го продупчил небото и го загадил, ја извалкал водата, ја осквернил земјата, ги усмртил растенијата, животните и човекот, а на крајот го создал чадот и на тој начин ја загадил и седмата Божја творба, огнот. Борбата за зачувување на животната средина е борба против Ариман и злото кон која треба да бидат насочени сите припадници на оваа религија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Ахмед Л., 2002: *Жената и родот во Исламот*, Слово, Скопје.

Akvinski T., 1992: *Razgovor sa pravoslavnima i muslimanima*, Globus, Zagreb.

Arnold T., 1990: *Povjest Islama*, Sarajevo.

Bahtijarevič Š., 1975: *Religisko pripadanje u uvjetima sekularizacije društva,* Političke teme,Zagreb.

Bainbridge W.S., 1997: *The Sociology of Religious movements,* Routledge, London.

Barker E., (1982) *New Religious Movement: A Perspective for Understanding Spociety, New York& Toronto, Edwin Mellen Press*

Barker A., 2004: *Novi religiozni pokreti, Punta, Niš.*

Bayer P., 1994: *Religion and Globalization,* Sage, London.

Beattie J., 1964: *On understanding ritual,* in Rationality, Blackwell, Oxford.

Belinger G., 2004: *Veliki leksikon religija*, Lanto, Dobra, Beograd.

Benedikt R., 1976: *Obrasci culture,* Prosveta, Beograd.

Berger P., 1973: *The Social Reality of Religion,* Harmondsworth, Penguin.

Bešlić M. Đukanovič B., 2000: *Bogovi i ljudi, Religioznost u Crnoj Gori*, CID, Podgorica.

Bič B.R., 1973: *Mi I naša deca,* Preporod, Beograd.

Birviš A., 1995: *Sagledavanja, Evanđeoske poruke u naše vreme,* Alfa i Omega, Beograd.

Blagojević, M., 2005: Religija i crkva u transformacijama društva, Institut za filozofiju i društvenu teoriju, Beograd.

Бонград-Левин Г.М., 1986: *Древноиндийска цивилизация – философия, наука, религия,* София.

Bošnjak B. Bahtijarevič Š., 1970: *Porodica, crkva i religija,* Institut za društvena istraživanja SveučilištaZagreb.

Bronstejn-Kos I., 1975: *Uticaj religije na čoveka,* Psihologija I i II, Beograd.

Bruse S., 1995: *Religion in Modern Britain,* Oxford University Press, Oxford.

Бхадрабаху, 1992: *Животът на Махавира*, София.

Casanova J., 1994: *Public Religion in the Modern World*, University of Chicago Press, Chicago.

Casanova J., *Church, State, Nation and Civcil Society in Spain and Poland,* in The Political Dimensions of Religion, State University of New York.

Clothey F.W., 1992: *Ritual, priroda i teorije,* Enciklopedija živih religija, Nolit, Beograd.

Collins R., 1997: *Stark and Bainbridge, Durkheim and Weber: theoretical comparisons',* in Rational Choice Theory and Religion, Routledge, London.

Cvitković I., 2005: *Sociološki pregledi na naciju I religiju*, DES, Sarajevo.

Davie G., 2005: *Religija u suvremenoj Evropi*, Golden marketing – Tehnička knjiga, Zagreb .

Davie G., 2007: *The Sociology of Religion*, SAGE Publication, London.

Djurant V., 2004: *Istorija civilizacije, Doba vere*, prvi deo, Narodna kwiga, Beograd.

Durkheim E., 1915: *The Elementary Forms of the Religious Life*, Allen and Unwin, London.

Đorđevič D., 1990: *O religiji I ateizmu, Prilozi sociologiji religije,* Gradina-Niš i Stručna knjiga-Beograd.

Елиаде М. Кулиано Й., 1999: *Речник на религиите*, Тезаурус, София.

Елиаде М., 2005: *Историја на верувањата и религиските идеи,* Том I, Том II и Том III, Табернакул, Скопје.

Elijade M., 1996: *Svetske religije*, Narodna knjiga, Beograd.

Ел-Могамис Н., 2007: *Христијанството и Исламот според Библијата и Куранот*, Студентски клуб, Скопје.

Espozito Dž., 2002: *Oksfordska istorija islama*, Clio, Beograd.

Evans-Pritchard E.E., 1937: *Witchcraft, Oracles and Magic Among the Azande,* Clarendon Press, Oxford.

Fojerbah L., 1955: *Suština religije*, Kultura, Beograd.

Foster J., 1986: *Crkvena povjest 1 i 2,* Dobra vest, Novi Sad.

Freeman D., 1969: *Totem and taboo: a reappraisal,* in Man and his Culture, Rapp and Whiting, London.

Frejzer Dž., 1977: *Zlatna grana 1-2, Proučavanje magije i religije*, BIGZ, Beograd.

Гамс А.,1979*: Библија и друштво*, Матица српска, Нови Сад.

Giddens A., 2007:*Sociologija*, Nakladni Zavod Globus, Zagreb.

Glišič M., 1982: *Odnosi mladih prema religiji*, Dečje novine, Gornji Milanovac.

Glock Y. Stark R., 1966: *Christian Beliefs and Anti-Semitism,* Harper & Row, New York.

Gombrich R.E., 1972: *Buddhism and Society,* Modern Asian Studies 6.

Haddad Y. Lummis A., 1987: *Islamic Values in the United States,* Oxford University Press, New York.

Hamilton M., 2003: *Sociologija religije*, CLIO, Beograd.

Hamvas B., 2003 : *Kriščanstvo*, Naklada Jasenski i Turk, Zagreb.

Haralambos M, Holborn M.,2002: *Sociologija: Teme i perspective*, Golden marketing, Zagreb.

Hauzer A., 1966: *Socijalna istorija umetnosti I književnosti*, Kultura, Beograd.

Harberg W., 1956: *Protestant, Catholic, Jew,* Doubleday, Garden City, NY.

Henry, L., 1957: *Porijeklo religije*, Glas rada, Zagreb.

Houtart F., 1977: *Theravada Buddhism and political p[ower – Construction and destruction of its Ideologicalfunction,* Social Compas 24, 2-3.

Jaffrelot C., 1996: *The Hindu Nationalist Movement in India,* Columbia University Press, New York.

Jedin H., 1972: *Velika povijest crkve*, Kriščanska sadašnjost, Zagreb.

Jerotić V., 1991*: Ja – Psihologija i religija*, Psihologija, br. 1-2, Beograd.

Kolakovski L., 1987: *Religija*, BIGZ, Beograd.

Kolarić J., 1976: *Kriščanin na drugi način*, Veritas, Zagreb.

Костов И., 2000: *Световни религии*, Аскони – Издат, София.

Kuburić Z., 2008: *Religija, porodica i mladi*, CEIR, Novi Sad.

Kung H., 1995: *Kriščanstvo i svetskereligije – Islam*, Svjetlo riječi,Sarajevo.

Kuničić J., 1965: *Katolička moralika*, Zagreb.

Ling T.,2000: *Istorija religije Istoka i Zapada*, Srpska knževna zadruga, Beograd.

Lorenc B., 1937: *Psihologija i filozofija religije*, GecaKon A.D. Beograd.

Mallinowski B., 1974: *Magic, Science and Religion,* Souvenir Press, London.
Mandić O., 1954: *Od kulta lubanja do krišćanstva*, Mativa Hrvatska, Zagreb.

Mandzaridis I. G.,2004: *Sociologija hriščanstva*, Hriščanski kulturni centar, Beograd.

Martin D., 1978: *A General Theory of Secularization,* Blackwell, Oxford.

Marx K. Engels F., 1957: *On Religion*, Progress Publishers, Moscow.

Матевска Д., 2015: *Социолошки аспекти на есхатологијата во македонскиот фрескоживопис*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје.

Matevska D., 2006: *The composition "Judgment day" in Macedonian sacral fresko art an its influence on bulding of youths moral in Republic of Macedonia*,In:The 37th IIS world Congress of the International Institute of Sociology: Frontier of Sociology, Stockholm.

Matevska D., 2009: Dirkheim's *contribution to the analyses of the religious phenomenon*, In: Sociology and law, the 150th anniversary of Emile Durkheim (1858-1917), Cambridge Scholars Publishing.
Matevska D., 2011: *The relationship betwen the political and religious elite in contemprorary macedonian society*In: Politics and Religion, volume V (No. 1),Centrer for study of religion and religious tolerance, Belgrade.

Matevska D., 2013: *National and Religious Identity in R. Macedonia in Global Age,*In: Globalization and Sovereignty Decline ( Thematic Collection of Papers of International Significance ), Faculty of Philosophy, University of Pristina, Kosovska Mitrovica.

Matevski Z. Matevska D., 2014: *Religious Dialoge and "Globalization of Understanding" in R. Macedonia and Balkan Region.* In: Proceedings from the First International Scientific Conference: Social Change in the Global World, Gpce Delcev University in Shtip.

Matevski Z. Matevska D., 2017: *Sufism and Religious Tolerance in West Balkan Region*,In: Proceedings from the 3rd International Hamza Nigari Turkic World Cultural Heritage Symposium (Ed. Fariz Khalilli and Metin Hakverdioglu), ADPU Samaxi.

Matevska D., 2017: *The influence of the family on religious identity building among the youth*. In: Proceedings from 5-th International Conference "Ohrid – Vodici, 2017" (edited by Rubin Zemon) Institute for Socio-Cultural Anthropology of Macedonia, Skopje.

Matevska D. Matevski Z., 2018: *Современите медиуми и нивната интеракција со христијанството во современа Европа*, Труд објавен во зборник на трудови од меѓународен научен форум: „Медийна среда, публична и стратегическа комуникация„ Издателски комплекс – УНСС, София.

Mikić G.,2003: *Pregled istorije hriščanske crkve*, Beseda-Platoneum, Novi Sad.

McGuire M., 2001: *Religion: The Social Context*, Wadswordh Thomson Learning, Belmont.

Отран Ш., 1998: *Митра и Заратустра, В търсене на християнската предистория*, Шамбала ООД, София.

Pavičeviċ V., 1988: *Sociologija religije*, BIGZ, Beograd.

Pantiċ D., 1988: *Klasična i svetovna religioznost*, Institut društvenih nauka, Centar za politička istraživanja I javno mnjenje, Beograd.

Превод на значењето од Чесниот Кур'ан на Македонски Јазик, 2012: Преведувач: Хасан Џило.

Ринпоче К.К., 1997: *Пътят на Буда*, Шамбала, София.

Рис-Дейвидс, Т.У., 1992: *Животът и учението на Буда*, Шамбала, София.

Robertson R., 1970: *The Sociological Interpretation of Religion,* Blackwell, London.

Свето писмо, Библија 2006, Библиско здружение на Република Македонија, Скопје.

Spiro M.E. 1971: *Buddhism and Society,* Allen and Unwin, London.

Stanovčić S.,2003: *Političke ideje i religija* 1 i 2, Politea, Beograd.

Stark R. Bainbridge W.S., 1979: *Of Churches, Sects and Cults: Preliminary Concepts for a Theory of Religious Movements,* Jurnal for the Scientific Study of Religion 18, 2.

Stark R. Bainbridge W.S., 1987: *A Theory of Religion*, Peter Lang, New York.

Šušnjić Đ., 1992: *Oblici postojanja religije*, Filozofski fakultet, Novi Sad.

Šušnjić Đ., 1994: *Dijalog i tolerancija, Iskustvo razlike*, Izdavačka knjižarnica Zorana Stojanovića, Sremski Karlovci& Novi Sad.

Šušnjić Đ., 2002: Religija I i II, Čigoja, Beograd.

Troeltsch E., 1931: *The Social Teaching of the Christian Churches*, Allen and Unwin, London.

Tylor E. B., 2012: *Primitive culture: Researches into the Development of Mythology, Philosophy, Religion, Art and Custom*, Cambridge University Press, Cambridg.

Уйлкинс У. Дж., 1993: *Митология на древна Индия,* София

Van der Veer P. 1994: *Religious nationalism: Hindus and Muslims in India,* University of California, Berkeley.

Vrcan S., 1975: *Religiozno ponašanje I*, Zagreb.

Vrcan S., 1974: *Religija kao oblik tradicionalne svesti,* Oslobođenje, Sarajevo

Weber M., 1989: *Protestantska etika i duh kapitalizma,* Svetlost, Sarajevo.

Weber M., 1965: *The Sociology of Religion*, Methuen, London,

Živković J., 1987: *Opšte karakteristike protestantskog pokreta*, Marksističke teme, 3-4, Niš.

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=53&glavno=41